Службен весник на Република Македонија

Број 77 **12 мај 2015, вторник** **година LXXI**

www.slvesnik.com.mk **contact@slvesnik.com.mk**

С О Д Р Ж И Н А

Стр.

2535. **Одлука** за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – гранит на Друштвото за производство, трговија и услуги СТЕНТОН увоз- извоз с. Д. Оризари Битола ДОО на локалитетот „Билбил Камен“, општина Битола **2**

2536. **Одлука** за започнување на постапка за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини **3**

2537. **Одлука** за престанок и за давање на трајно користење движна ствар на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа - Берово **3**

2538. **Одлука** за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на 10kv воздушен вод за поврзување на МХЕ 373 на Ештеричка река КО Зеленград општина Пробиштип **4**

Стр.

2539. **Одлука** за престанок на важење на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на здружението за духовно обединување на Сетинци - Попадинци и Крушоради од Лерин во Македонија - Скопје **4**

2540. **Одлука** за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на угостителски и рекреативен комплекс во КО Љубодраг општина Куманово **4**

2541. **Одлука** за престанок на користење на недвижни ствари на Министерството за одбрана **4**

2542. **Одлука** за давање на користење недвижна ствар на Агенцијата за катастар на недвижности **5**

Стр.

2543. **Правилник** за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на утврдување на состојбата на приходите, имотот и имотните права на домаќинството, определувањето на носителот на правото и потребната документација за остварување и користење на правото на социјална парична помош **5**

2544. **Правилник** за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на утврдување на состојбата на приходите, имотот и имотните права и потребната документација за остварување на правото на постојана парична помош, составот и начинот на работата на стручната комисија и второстепената комисија, легитимацијата на стручните лица, начинот на водење на евиденција на издадените наоди и формата и содржината на образецот за давање на наод, оценка и мислење за неспособноста за работа..... **7**

Стр.

2545. **Исправка** на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за содржината и начинот на функционирање на кредитниот регистар **9**

2546. **Правилник** за полагање испит за директор и стручен испит **9**

2547. **Правилник** за континуирана обука... **13**

2548. **Правилник** за полагање на приемен испит во Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“ ... **22**

2549. **Правилник** за почетна обука..... **27**

2550. **Правилник** за полагање на завршниот испит во Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“ **41**

2551. **Одлука** за издавање на Лиценца за вршење на енергетска дејност снабдување со електрична енергија..... **45**

2552. **Одлука** за издавање на Лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија..... **49**

Огласен дел..... **1-92**

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

2535.

Врз основа на член 42 став (15) од Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија“ бр.136/12, 25/13, 93/13, 44/14 и 160/14), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 5.5.2015 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА КОНЦЕСИЈА ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНА СУРОВИНА – ГРАНИТ НА ДРУШТВОТО ЗА ПРОИЗВОДСТВО, ТРГОВИЈА И УСЛУГИ СТЕНТОН УВОЗ-ИЗВОЗ С. Д. ОРИЗАРИ БИТОЛА ДОО НА ЛОКАЛИТЕТОТ „БИЛБИЛ КАМЕН“, ОПШТИНА БИТОЛА

1. На Друштвото за производство, трговија и услуги СТЕНТОН увоз - извоз с. Д. Оризари Битола ДОО се доделува концесија за експлоатација на минерална суровина – гранит на локалитетот „Билбил Камен“, општина Битола, со површина на простор на концесија за експлоатација дефиниран со точки меѓусебно поврзани со прави линии, а точките дефинирани со координати како е дадено во табелата и тоа:

Точка	Координата Y	Координата X
Т-1	7526200	4544000
Т-2	7526420	4544440
Т-3	7526375	4544489
Т-4	7525843	4544183

2. Површината на просторот на концесијата за експлоатација од точка 1 на оваа одлука изнесува P= 0.118589 km2.

3. Времетраењето на доделената концесија од точка 1 на оваа одлука изнесува 30 (триесет) години.

4. Висината на надоместокот за доделената концесија од точка 1 на оваа одлука се определува со Договорот за концесија во согласност со Тарифникот за утврдување на висината на надоместоците за издавање на дозволи и концесии за вршење на детални геолошки истражувања и концесии за експлоатација на минерални суровини.

5. Начинот и роковите на плаќање на надоместокот за доделената концесија од точка 1 на оваа одлука ќе се определат со Договорот за концесија.

6. Како почеток на важење на концесијата од точка 1 на оваа одлука се смета денот на потпишување на Договорот за концесија.

7. Во име на Владата на Република Македонија, Договорот за концесија ќе го потпише министерот за економија.

8. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр.42-3930/1
5 мај 2015 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски**, с.р.

2536.

Врз основа на член 15 став (2) од Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија" бр. 136/2012, 25/2013, 93/2013, 44/2014 и 160/2014) и член 17 став (3) од Законот за концесии и јавно приватно партнерство („Службен весник на Република Македонија" бр. 6/2012, 144/2014 и 33/2015), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 5.5.2015 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ЗАПОЧНУВАЊЕ НА ПОСТАПКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА КОНЦЕСИИ ЗА ДЕТАЛНИ ГЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА НА МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ

Член 1

Концесиите за детални геолошки истражувања на минерални суровини се доделуваат во фунција на вршење на детални геолошки истражувања на минерални суровини на локалитетите за кои се предлага доделување.

Со оглед на фактот дека правото за вршење на детални геолошки истражувања на минерални суровини се стекнува со доделување на концесија, како и дека се работи за истражување на минерални суровини, потребно е да се доделат под концесија минералните суровини определени со оваа одлука.

Член 2

Како основни цели за доделување на концесиите за вршење на детални геолошки истражувања се создавање на услови за рамномерно истражување на минералните суровини и создавање услови за нивна експлоатација.

Член 3

Предмет на концесиите е вршење на детални геолошки истражувања на минерални суровини на следните локалитети:

- локалитет „Чифлијска Краста" општина Дебарца за минерална суровина – варовник;
- локалитет „Хамзали 2" општина Босилово за минерална суровина – фелдспат;
- локалитет „с.Дукатино" општина Василево за минерална суровина – глина;
- локалитет „Градец" општина Виница за минерална суровина – глина;
- локалитет „Горица" општина Чешиново-Облешево за минерална суровина – глина;
- локалитет „с.Скочивир-Бач" општина Новаци за минерална суровина – гранит;
- локалитет „с.Варвара" општина Сопиште за минерална суровина – песок;
- локалитет „с.Речане" општина Гостивар за минерална суровина – минерална вода.

Концесиите за детални геолошки истражувања од став 1 од овој член се доделуваат поодделно.

Концесиите за детални геолошки истражувања ќе се доделат на понудувачите што ќе успеат да ги задоволат условите содржани во тендерската документација и јавниот повик.

Член 4

Постапката за доделување на концесиите за детални геолошки истражувања на минерални суровини ќе биде спроведена по пат на јавен повик со електронска аукција во рок од 360 дена од денот на формирање на Комисијата за спроведување на постапката.

Заради спроведување на постапката за доделување на концесии за детални геолошки истражувања, Владата на Република Македонија на предлог на министерот за економија формира Комисија за спроведување на постапката во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Комисијата од став 2 од овој член ја подготвува тендерската документација, јавниот повик вклучувајќи го и нацртот на договорот. Тендерската документација на предлог на министерот за економија се доставува до Владата на Република Македонија на одобрување.

По одобрување на тендерската документација за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини, Комисијата од став 2 на овој член во рок од десет дена ќе го објави јавниот повик согласно Законот за концесии и јавно приватно партнерство.

Член 5

Висината на надоместокот за издавање на тендерската документација ќе изнесува 6.000,00 денари.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр.42-3934/1
5 мај 2015 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски**, с.р.

2537.

Врз основа на член 54-а, став 1 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија" бр. 8/2005, 150/2007, 35/2011, 166/2012, 137/2013, 188/2013, 27/2014, 180/2014 и 52/2015), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 5.5.2015 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ ДВИЖНА СТВАР НА ЈУ МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА – БЕРОВО

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Министерството за труд и социјална политика му престанува користењето на движната ствар – патничко моторно возило Фолксваген Шаран, број на шасија WVWZZZ7MZWV009125, регистарска ознака SR-4229-AB и вредност 103.400,00 денари.

Член 2

Движната ствар од член 1 од оваа одлука се дава на трајно користење без надомест на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа - Берово.

Член 3

Министерот за труд и социјална политика склучува договор со директорот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа - Берово, за правата и обврските на движната ствар од член 1 од оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр.42-4027/1
5 мај 2015 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски**, с.р.

2538.

Врз основа на член 49 став 7 од Законот за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр. 135/2007, 18/2011, 148/2011, 95/2012, 79/2013, 87/2013, 106/2013, 164/2013, 39/2014, 130/2014 и 166/2014), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 5.5.2015 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ ЗА ТРАЈНА ПРЕНАМЕНА НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ВО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА ИЗГРАДБА НА 10KV ВОЗДУШЕН ВОД ЗА ПОВРЗУВАЊЕ НА МХЕ 373 НА ЕШТЕРИЧКА РЕКА КО ЗЕЛЕНГРАД ОПШТИНА ПРОБИШТИП

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на 10kV воздушен вод за поврзување на МХЕ 373 на Ештеричка река КО Зеленград, општина Пробиштип.

Член 2

Земјоделското земјиште за кое се дава согласност за трајна пренамена, со вкупна површина од 95м2, ги има следните катастарски индикации:

Катастарска парцела бр.	Катастарска општина	Викано место	Катастарска култура	Катастарска класа
дел 553/1	Зеленград	Почивало	пасиште	7
дел 58	Зеленград	Балабаница	пасиште	6
Вкупна површина на земјиштето во планскиот опфат:				17709м^2

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр.42-4079/1
5 мај 2015 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски**, с.р.

2539.

Врз основа на член 36 став (3) од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија’’ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13 и 139/14), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 28.4.2015 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ПРЕСТАНОК НА ВАЖЕЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА НЕДВИЖНИ СТВАРИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО ЗА ДУХОВНО ОБЕДИНУВАЊЕ НА СЕТИНЦИ – ПОПАДИНЦИ И КРУШОРАДИ ОД ЛЕРИН ВО МАКЕДОНИЈА - СКОПЈЕ

Член 1

Со оваа одлука престанува да важи Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на здружението за духовно обединување на Сетинци-Попадинци и Крушоради од Лерин во Македонија – Скопје („Службен весник на Република Македонија“ бр. 28/2015).

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.42-4166/1
28 април 2015 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

2540.

Врз основа на член 49 став 7 од Законот за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр.135/07, 18/11, 148/11, 95/12, 79/13, 87/13, 106/13, 164/13, 39/14, 130/14 и 166/14), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 5.5.2015 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ ЗА ТРАЈНА ПРЕНАМЕНА НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ВО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ИЗРАБОТКА НА ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ИЗГРАДБА НА УГОСТИТЕЛСКИ И РЕКРЕАТИВЕН КОМПЛЕКС ВО КО ЉУБОДРАГ ОПШТИНА КУМАНОВО

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на угостителски и рекреативен комплекс во КО Љубодраг општина Куманово.

Член 2

Земјоделското земјиште за кое се дава согласност за трајна пренамена, со вкупна површина од 2623,56м2, ги има следните катастарски индикации:

Катастарска парцела бр.	Катастарска општина	Викано место	Катастарска култура	Катастарска класа
25/2	Љубодраг	Праскарник	овоштарник	3
Вкупна површина на земјиштето во планскиот опфат:				2624м^2

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.42-4214/1
5 мај 2015 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски**, с.р.

2541.

Врз основа на член 20 став 2 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 8/2005, 150/2007, 35/2011, 166/2012, 137/2013, 188/2013, 27/2014, 180/2014 и 52/2015), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 5.5.2015 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ПРЕСТАНОК НА КОРИСТЕЊЕ НА НЕДВИЖНИ СТВАРИ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Министерството за одбрана му престанува користењето на недвижните ствари, сопственост на Република Македонија и тоа:

1. Објекти од свињарска фарма „Ржаничино“, евидентирани во Имотен лист бр. 1190, КО Ржаничино:
- објект бр. 1 кој се наоѓа на КП 1/2, место викано Гелдија, влез 1, кат ПР, со внатрешна површина од 234 м2,
- објект бр. 2 кој се наоѓа на КП 1/2, место викано Гелдија, влез 1, кат ПР, со внатрешна површина од 1551 м2,
- објект бр. 3 кој се наоѓа на КП 1/2 место викано Гелдија, влез 1, кат ПР, со внатрешна површина од 1643 м2,
- објект бр. 4 кој се наоѓа на КП 1/2 место викано Гелдија, влез 1, кат ПР, со внатрешна површина од 1577 м2,
- објект бр. 5 кој се наоѓа на КП 1/2 место викано Гелдија, влез 1, кат ПР, со внатрешна површина од 117 м2,
- објект бр. 6 кој се наоѓа на КП 1/2 место викано Гелдија, влез 1, кат ПР, со внатрешна површина од 8 м2,
- објект бр. 7 кој се наоѓа на КП 1/2 место викано Гелдија, влез 1, кат ПР, со внатрешна површина од 36 м2,
- објект бр. 8 кој се наоѓа на КП 1/2 место викано Гелдија, влез 1, кат ПР, со внатрешнат површина од 46 м2,
- објект бр. 9 кој се наоѓа на КП 1/2 место викано Гелдија, влез 1, кат ПР, со внатрешна површина од 26 м2,
- објект бр. 10 кој се наоѓа на КП 1/2 место викано Гелдија, влез 1, кат ПР, со внатрешнат површина од 10 м2,
- објект бр. 11 кој се наоѓа на КП 1/2 место викано Гелдија, влез 1, кат ПР, со внатрешна површина од 35 м2,
- објект бр. 12 кој се наоѓа на КП 1/2 место викано Гелдија, влез 1, кат ПР, со внатрешна површина од 949 м2,
- објект бр. 13 кој се наоѓа на КП 1/2 место викано Гелдија, влез 1, кат ПР, со внатрешна површина од 99 м2,
- објект бр. 14 кој се наоѓа на КП 1/2 место викано Гелдија, влез 1, кат ПР, со внатрешна површина од 28 м2, и
- објект бр. 15 кој се наоѓа на КП 1/2 место викано Гелдија, влез 1, кат ПР, со внатрешна површина од 15 м2.

2. Објекти- магацини во село Огњанци, евидентирани во Имотен лист бр. 579, КО Огњанци:
- објект бр. 1 на КП 185, влез 1, кат ПР, со внатрешна површина од 80м2,
- објект бр. 2 на КП 185, влез 1, кат ПР, со внатрешна површина од 130 м2,
- објект бр. 2 на КП 185, влез 1, кат 01, со внатрешна површина од 145 м2,
- објект бр. 3 на КП 185, место викано Голема Нива, влез 1, кат ПР, со внатрешна површина од 64 м2,
- објект бр. 4 на КП 185, место викано Голема Нива, влез 1, кат ПР, со внатрешна површина од 64 м2,
- објект бр. 5 на КП 185, место викано Голема Нива, влез 1, кат ПР, со внатрешна површина од 64м2,
- објект бр. 6 на КП 185, место викано Голема Нива, влез 1, кат ПР, со внатрешна површина од 64м2, и
- објект бр. 7 на КП 185, место викано Голема Нива, влез 1, кат ПР, со внатрешна површина од 64 м2.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.42-4315/1
5 мај 2015 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски**, с.р.

2542.

Врз основа на член 20, став (1) од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 8/2005, 150/2007, 35/2011, 166/2012, 137/2013, 188/2013, 27/2014, 180/2014 и 52/2015), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 5.5.2015 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ НА КОРИСТЕЊЕ НЕДВИЖНА СТВАР НА АГЕНЦИЈАТА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

Член 1

Со оваа одлука на Агенцијата за катастар на недвижности се дава на трајно користење, без надомест недвижна ствар - подрум, која се наоѓа на ул.Васил Главинов бб во Штип, на КП 8624, КО Штип 4, запишана во Имотен лист број 74849 со површина од 32 м2, сопственост на Република Македонија.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.42-4348/1
5 мај 2015 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски**, с.р.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

2543.

Врз основа на член 56 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија” бр. 79/09, 36/11, 51/11, 166/12, 15/13, 79/13, 164/13, 187/13, 38/14, 44/14, 116/14, 180/14 и 33/15), министерот за труд и социјална политика, донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА УТВРДУВАЊЕ НА СОСТОЈБАТА НА ПРИХОДИТЕ, ИМОТОТ И ИМОТНИТЕ ПРАВА НА ДОМАЌИНСТВОТО, ОПРЕДЕЛУВАЊЕТО НА НОСИТЕЛОТ НА ПРАВОТО И ПОТРЕБНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА ПРАВОТО НА СОЦИЈАЛНА ПАРИЧНА ПОМОШ

Член 1

Во Правилникот за начинот на утврдување на состојбата на приходите, имотот и имотните права на домаќинството, определувањето на носителот на правото и потребната документација за остварување и користење на правото на социјална парична помош, („Службен весник на Република Македонија“ бр. 54/13, 126/13, 11/15 и 25/15), во член 2 став 1 во точката 5 по зборот „година“се додаваат зборовите: „во висина над 30.000 денари“ .

Член 2

Во член 6 во ставот 2 во првата реченица и во ставот 3 по зборот „помош“ се додаваат зборовите: „и писмена согласност да бидат откриени неговите податоци за депозитите во сите банки и штедилници во Република Македонија“.

Член 3

Прилогот бр.1 се заменува со нов Прилог бр.1, кој е даден во прилог и е составен дел на овој правилник.

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 10-4481/1
5 мај 2015 година
Скопје

Министер за труд
и социјална политика,
Диме Спасов, с.р.

Прилог бр.1

И З Ј А В А

од _____ со ЕМБГ /__/__/__/__/__/__/__/__/__/__/__/__/__/

со стан на ул. "_____", бр. ____ со лична карта бр. _____

издадена на _____ година од ГУВР _____, под кривична,

морална и материјална одговорност, пред Центарот за социјална работа

_____ на _____ год. изјавувам:

1. Дека сум согласен моите лични податоци да бидат употребени од страна на Центарот за социјална работа _____ во постапката за остварување и користење на правото на социјална парична помош.

2. Дека сум согласен да бидат откриени моите податоци за депозитите во сите банки и штедилници во Република Македонија.

ИЗЈАВИЛ

Подносител на барањето, **Стручен работник,**

_____ _____

2544.

Врз основа на член 67 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија” бр. 79/09, 36/11, 51/11, 166/12, 15/13, 79/13, 164/13, 187/13, 38/14, 44/14, 116/14, 180/14 и 33/15), министерот за труд и социјална политика, донесе

П Р А В И Л Н И К

ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА УТВРДУВАЊЕ НА СОСТОЈБАТА НА ПРИХОДИТЕ, ИМОТОТ И ИМОТНИТЕ ПРАВА И ПОТРЕБНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА ПОСТОЈАНА ПАРИЧНА ПОМОШ, СОСТАВОТ И НАЧИНОТ НА РАБОТАТА НА СТРУЧНАТА КОМИСИЈА И ВТОРОСТЕПЕНАТА КОМИСИЈА, ЛЕГИТИМАЦИЈАТА НА СТРУЧНИТЕ ЛИЦА, НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА ЕВИДЕНЦИЈА НА ИЗДАДЕНИТЕ НАОДИ И ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ ЗА ДАВАЊЕ НА НАОД, ОЦЕНКА И МИСЛЕЊЕ ЗА НЕСПОСОБНОСТА ЗА РАБОТА

Член 1

Во Правилникот за начинот на утврдување на состојбата на приходите, имотот и имотните права и потребната документација за остварување на правото на постојана парична помош, составот и начинот на работата на стручната комисија и второстепената комисија, легитимацијата на стручните лица, начинот на водење на евиденција на издадените наоди и формата и содржината на образецот за давање на наод, оценка и мислење за неспособноста за работа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/13, 11/15 и 25/15) во член 2 став 1 во точката 5 по зборот „година“се додаваат зборовите: „во висина над 30.000 денари “.

Во ставот 2, во точката 9 сврзникот „и“ се заменува со запирка.

По точката 10 се додава нова точка 11, која гласи:

„11. стипендија. “

Член 2

Во член 4 во ставот 2 во првата реченица и во ставот 3 по зборот „помош“ се додаваат зборовите: „и писмена согласност да бидат откриени неговите податоци за депозитите во сите банки и штедилници во Република Македонија“.

Член 3

Прилогот бр.3 се заменува со нов Прилог бр.3, кој е даден во прилог и е составен дел на овој правилник.

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 10-4482/1
5 мај 2015 година
Скопје

Министер за труд
и социјална политика,
Диме Спасов, с.р.

Прилог бр.3

И З Ј А В А

од _____ со ЕМБГ /__/__/__/__/__/__/__/__/__/__/__/__/

со стан на ул. "_____", бр. ____ со лична карта бр. _____

издадена на _____ година од ГУВР _____, под кривична,

морална и материјална одговорност, пред Центарот за социјална работа

_____ на _____ год. изјавувам:

1. Дека сум согласен моите лични податоци да бидат употребени од страна на Центарот за социјална работа _____ во постапката за остварување и користење на правото на постојана парична помош.

2. Дека сум согласен да бидат откриени моите податоци за депозитите во сите банки и штедилници во Република Македонија.

ИЗЈАВИЛ

Подносител на барањето, **Стручен работник,**

_____ _____

НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

2545.

По извршеното срамнување на изворниот текст утврдено е дека во текстот на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за содржината и начинот на функционирање на кредитниот регистат, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 74/2015 направена е техничка грешка, поради што се дава

И С П Р А В К А
НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА КРЕДИТНИОТ РЕГИСТАР

Во Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за содржината и начинот на функционирање на кредитниот регистар, од ПРИЛОГ бр.3 не е објавена страна број 8.

од Народна банка
на Република Македонија,

Банките и штедилниците доставуваат податоци и информации до Народната банка за водење на Кредитниот регистар. Корисници на Кредитниот регистар се Народната банка и банките и штедилниците коишто имаат добиено дозвола за основање и работење од гувернерот на Народната банка.

Во согласност со Одлуката за содржината и начинот на функционирање на Кредитниот регистар („Службен весник на Република Македонија“ бр. 186/13), банките се должни да доставаат податоци за: домашни и странски банки, нерезиденти, домашни небанкарски финансиски институции, останати домашни нефинансиски правни лица со вкупна изложеност на кредитен ризик над 300 илјади денари, како и за домашни физички лица и трговци на мало, со вкупна изложеност на кредитен ризик над 5 илјади денари.

Штедилниците задолжително доставуваат поединечни податоци за сите правни лица со вкупна изложеност на кредитен ризик над 50 илјади денари и за сите физички лица и трговци на мало, со вкупна изложеност на кредитен ризик над 5 илјади денари.

Народна банка ги користи податоците од Кредитниот регистар како дел од спроведувањето на својата супервизорска функција, од аспект на анализа на кредитниот ризик на кој се изложени банките и штедилниците во своето работење. Банките и штедилниците ги користат податоците од Кредитниот регистар како помошно средство во оценување на кредитната способност на секој нов или постоен клиент.

Напомена: Податоците содржани во Кредитниот регистар не можат да бидат единствена основа за донесување судска одлука или друга одлука што произведува правно дејство спрема некое лице или значително го засега тоа лице. Во случај на погрешни податоци, треба да се обратите во банката/штедилницата која ги доставила погрешните податоци и која треба да ги изврши соодветните измени, согласно со Одлуката за содржината и начинот на функционирање на Кредитниот регистар.

Изготвил Директор,

АКАДЕМИЈА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ

2546.

Врз основа на член 13 став 1 алинеја 1 и член 21 став 5 од Законот за Академијата за судии и јавни обвинители („Службен весник на Република Македонија“, број 20/2015) и член 13 од Статутот на Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“ („Службен весник на Република Македонија“, број 56/2015), Управниот одбор на Академијата на седницата одржана на 30.3.2015 година, донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА ПОЛАГАЊЕ ИСПИТ ЗА ДИРЕКТОР И СТРУЧЕН ИСПИТ

Општи одредби

Член 1

(1) Со овој правилник се уредува начинот и постапката за полагање и оценување испит за директор/заменик-директор и стручен испит за членови/заменици-членови на Управен одбор во Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“ (во понатамошниот текст: испит), како и правата и обврските на лицата кои го полагаат испитот.

(2) Постапката за полагање на испитот од став 1 се заснова на начелото на јавност на правилата, методите и начинот на спроведувањето на испитот, оценувањето и објавувањето на резултатите и слободен пристап до програмата за испитот.

Член 2

(1) Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“ (во понатамошниот текст Академијата), донесува одлука за организирање на полагање испит за директор и стручен испит за кандидатите за членови на Управниот одбор, согласно потребата за пополнување на местата за директор/заменик-директор и членови/заменици-членови на Управниот одбор на Академијата.

(2) За пријавување кандидати за полагање испит за директор се објавува јавен повик.

(3) Јавниот повик за полагање на испитот за директор се објавува во „Службен весник на РМ“ и во најмалку два дневни весника, од кои еден од весниците што се издаваат на македонски јазик и во еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20 проценти од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

(4) Јавниот повик за пријавување кандидати за полагање испит за директор ги содржи:

- Условите што треба да ги исполнува кандидатот за директор од член 20 од Законот за Академија;
- Содржина (образец) на пријавата и документите што се приложуваат;
- Рок за пријавување на кандидатите, што изнесува 15 дена од денот на објавување на повикот во „Службен весник на РМ“;
- Адреса на која се доставува пријавата со документите;

- Напомена дека кандидатите ќе бидат дополнително известени за времето и местото на полагање на испитот;

- Напомена дека јавниот оглас и образецот за пријавување се објавени на огласната табла и на интернет-страницата на Академијата.

Начин на пријавување

Член 3

(1) Право на пријавување на јавниот повик за испит за директор имаат судии и јавни обвинители кои ги исполнуваат условите од член 20 став 5 од Законот за Академија на судии и јавни обвинители.

(2) Стручен испит за член/заменик-член на Управен одбор на Академијата полагаат лицата кои ќе бидат предложени од овластените институции од член 12 став 3 в.в. со член 11 од Законот за Академија и него Академијата го спроведува на начин и во постапка како и за испитот за директор.

Член 4

(1) Заинтересираните лица кои ги исполнуваат условите предвидени во член 3 став (1) од овој правилник, пријавата со потребните документи ги поднесуваат до лицето овластено за прием на писмена во Академијата и притоа секој кандидат добива испитна шифра.

(2) Пријавата за полагање испит се поднесува на образец изготвен од Академијата, во кој се содржани податоци за исполнување на условите од јавниот повик.

(3) Во образецот на пријавата се содржани следните податоци:

- Лични податоци и ЕМБГ;

- Поблиските податоци за исполнување на условите и потребните документи, согласно јавниот повик.

(4) Заинтересираните кандидати можат да го преземат образецот на пријавата од интернет-страницата на Академијата.

(5) Лицето овластено за прием на пријавите во Академијата е должно да ги прими сите пријави со приложените документи, а навременоста и уредноста на пријавите ја оценува стручната служба на Академијата.

(6) Неуредните и ненавремените пријави со заклучок ги отфрла Управниот одбор на Академијата.

(7) Академијата ги известува кандидатите за полагање на стручен испит за член или заменик на член на Управниот одбор за местото, денот и часот на полагање на испитот.

Содржина на испитот и начин на полагање

Член 5

(1) Содржината, начинот на спроведувањето и оценувањето на стручниот испит, соодветствува на испитот за директор.

(2) Содржината и областите од кои се изготвуваат прашањата за испитот за директор се содржани во Програмата за испит за директор, чијшто составен дел е и стручната литература, што се објавува на интернет-страницата на Академијата.

(3) Стручните и административните работи за потребите на спроведување на испитот ги врши Академијата, а испитот технички го спроведува правно лице регистрирано во Централниот регистар на Република Македонија избрано од Управниот одбор на Академијата.

Член 6

(1) Испитот се состои од два дела:

- прв дел (теоретски дел), со кој се проверува теоретско знаење на кандидатите, и

- втор дел (практичен пример), со кој се проверува практичната способност на кандидатите.

Член 7

(1) Првиот дел од испитот се полага писмено по електронски пат, со одговарање на 70 прашања во вид на решавање на електронски тест на компјутер со избирање на еден точен одговор од понудените пет можни решенија.

(2) Тестот за полагање на првиот дел на испитот содржи:

- 25 прашања од областа на правосудството;
- 10 прашања од правосудниот менаџмент;
- 10 прашања од управување со процеси;
- 10 прашања од управување со човечки ресурси;
- 5 прашања од управување со време; и
- 10 прашања од деловна комуникација.

Член 8

(1) Вториот дел од испитот се полага писмено по електронски пат, со одговарање на пет прашања во вид на решавање на електронски тест на компјутер со избирање на еден точен одговор од понудените десет можни решенија.

(2) Вториот дел од испитот се состои од:

- еден практичен пример што содржи конкретен случај, и

- одговори на пет прашања во вид на решавање на електронски тест на компјутер што кандидатот треба да ги одговори врз основа на анализата на практичниот пример.

Изготвување и верификација на прашањата и практичните случаи

Член 9

(1) За испитот се изготвува база од 300 прашања и база од 50 практични примери.

(2) Бројот на прашањата и практичните примери во базите од став (1) на овој член се зголемува секоја година за 10%, почнувајќи од 2016 година.

(3) Базите на прашања и базите на практични примери ги изготвуваат научни работници со звање доктор на науки од областа на правосудството и економијата, определени од Судскиот совет на Република Македонија и Советот на јавните обвинители на Република Македонија.

Член 10

(1) Прашањата од првиот дел од испитот и прашањата и практичните примери од вториот дел од испитот ги верификува комисија, определена од Управниот одбор на Академијата составена од:

- еден претставник од Судскиот совет на Република Македонија,
- еден претставник од Советот на јавни обвинители на Република Македонија, и
- три претставника од редот на научни работници со звање доктор на науки од областа на правосудството и економијата.

(2) Комисијата од став (1) на овој правилник врши и ревизија и ажурирање на базите на прашањата и базите на практичните примери за испитот најмалку еднаш годишно.

(3) Врз основа на извршената ревизија и ажурирање на базите на прашањата и базите на практичните примери, Комисијата од став (1) од овој правилник одлучува прашањата и практичните примери да бидат изменети или целосно отстранети од базите од член 8 став (1) на овој правилник.

(4) При ревизијата, Комисијата особено ги има предвид промените на практиката и стандардите на кои е засновано прашањето, односно практичниот пример, бројот на кандидати кои го одговарале, нивната успешност во одговарањето, како и други критериуми што можат да влијаат на подобрувањето на квалитетот на базите од член 8 став (1) на овој правилник.

(5) Измените на прашањата и практичните примери за кои Комисијата од став (1) овој правилник одлучи дека треба да се изменат и новите прашања и практични примери, наместо на отстранетите, ги прават научните работници од член 9 став (3) од овој правилник.

Права и обврски на научните работници

Член 11

(1) Научните работници од член 9 став (3) од овој правилник за прашањата за првиот дел од испитот се должни да подготват по пет одговори за секое прашање, така што:
- едниот е точен,
- два одговора се неточни, а се слични со точниот одговор,
- еден одговор не е точен во мал обем,
- еден одговор не е точен во голем обем.

(2) Подготвените прашања се предаваат на Академијата во електронска форма, во рок што ќе го определи Академијата.

Член 12

(1) Научните работници од член 9 став (3) од овој правилник за прашањата за вториот дел од испитот се должни подготват по пет прашања за секој практичен пример со по десет можни одговори на секое прашање од кои:
- едниот е точен,
- четири се слични, но неточни,
- пет се различни но неточни.

(2) Клучот за понудените одговори има карактер на класифицирана информација со степен „интерно“ и со него се постапува согласно Законот за класифицирани информации.

(3) Подготвените практични премери со прашањата со понудените одговори се предаваат на Академијата во електронска форма, во рок што ќе го определи Академијата.

Член 13

(1) Научните работници од член 9 став (3) и членовите на комисијата за верификација од член 9 став (1) на овој правилник имаат право на паричен надоместок што го определува Управниот одбор на Академијата.

(2) Износот на паричниот надоместок од став (1) на овој член се определува врз основа на бројот на изготвени прашања и практични примери, како и сложеноста на материјата.

(3) Годишниот паричен надоместок од став (1) на овој член не го надминува нивото на една просечна исплатена плата во Република Македонија, во претходната година, објавена од Државниот завод за статистика на Република Македонија.

Единствен електронски систем за полагање на испитот

Член 14

(1) Прашањата содржани во тестовите за полагање на првиот дел на испитот и нивните одговори, како и практичниот пример и прашањата што произлегуваат од практичните примери и нивните одговори се чуваат во единствениот електронски систем за полагање на испитот, што го воспоставува Управниот одбор на Академијата.

(2) Електронскиот систем од став (1) на овој член содржи и јавно достапна база од најмалку 300 прашања за првиот дел од испитот, како и јавно достапна база од најмалку 50 практични примери за вториот дел од испитот.

(3) Во електронскиот систем од став (1) на овој член е содржано посочување на стручната литература од која произлегуваат одговорите на прашањата од испитот.

Член 15

Резултатите од полагањето на првиот и вториот дел од испитот му се достапни на кандидатот на компјутерот на кој го полагал испитот, веднаш по неговото завршување.

Услови и начин на спроведување на испитот

Член 16

1) Испитот се полага во просторија за полагање испит, посебно опремена за полагање испит со материјално-техничка и информатичка опрема, интернет-врска и опрема за снимање на полагањето.

(2) Полагањето на испитот се снима и во живо се емитува на интернет-страницата на Академијата, а ако поради технички причини снимањето се прекине, снимката од целиот испит се поставува на интернет-страницата на Академијата.

Член 17

(1) Критериумите во однос на просторните услови и материјално-техничката и информатичката опременост на просториите за полагање на испитот ги пропишува Управниот одбор на Академијата со посебна одлука.

(2) Во просторијата за полагање на испитот, за време на полагање на испитот, присутни се пет претставници од кои еден претставник од Судскиот совет на Република Македонија и еден претставник од Советот на јавни обвинители на Република Македонија и еден претставник од Управниот одбор на Академијата и двајца претставници од редот на информатичарите во Судскиот совет на Република Македонија и Советот на јавни обвинители на Република Македонија.

Член 18

(1) Пред почетокот на полагањето на испитот претставниците од Судскиот совет на Република Македонија и Советот на јавни обвинители на Република Македонија го утврдуваат идентитетот на кандидатот со увид во лична карта и се води записник за полагањето на испитот.

(2) На кандидатот за време на полагањето на првиот дел од испитот не му се дозволува користење на стручна литература, мобилен телефон, преносни компјутерски уреди и други технички и информатички средства и слично.

(3) На кандидатот за време на полагањето на вториот дел од испитот му се дозволува користење единствено на стручна литература што во електронска верзија се наоѓа на компјутерот на кој кандидатот го полага испитот.

Член 19

(1) На кандидатот за време на полагањето на првиот и вториот дел од испитот не му се дозволува да контактира со други кандидати или лица, освен со информатичарите од член 17 став (2) од овој закон, во случај доколку има технички проблем со компјутерот.

(2) Ако техничките проблеми со компјутерот бидат отстранети за пет минути испитот продолжува, а доколку не бидат отстранети во овој рок испитот само за тој кандидат се прекинува и ќе се одржи во рок од најмногу три дена од денот на прекинувањето на испитот.

Член 20

(1) Ако има проблеми со повеќе од пет компјутери и ако тие не бидат отстранети во рок од пет минути испитот се прекинува за сите кандидати што го полагаат испитот и ќе се одржи во рок од најмногу три дена од денот на прекинувањето на испитот.

(2) Доколку кандидатот при полагањето на првиот и вториот дел од испитот постапува спротивно на одредбите од член 18 став (2), (3) и член 19 став (1) од овој правилник, нема да му се дозволи понатамошно полагање на испитот во тој утврден термин и се смета дека кандидатот не го положил испитот, при што тоа се констатира во записникот за полагање на испитот.

Член 21

(1) Претставниците на од Судскиот совет на Република Македонија, Советот на јавни обвинители на Република Македонија, Управниот одбор на Академијата за време на полагањето на испитот не смеат да се задржуваат подолго од пет секунди во непосредна близина на кандидатот кој го полага испитот.

(2) Претставниците од редот на информатичарите во Судскиот совет на Република Македонија и Советот на јавни обвинители на Република Македонија во случај на отстранување на технички проблем не смеат да се задржат подолго од пет минути во непосредна близина на кандидатот.

Начин на полагање на испитот за директор

Член 22

(1) Стручната служба на Академијата ги известува кандидатите кои поднеле навремени и комплетни пријави за денот и местото на полагање на испитот.

(2) На денот на полагањето на првиот, односно вториот дел од испитот претставниците на Судскиот совет на Република Македонија и Советот на јавни обвинители на Република Македонија му даваат на кандидатот пристапен код, односно лозинка со кој му се одобрува пристап во електронскиот систем од член 14 од овој правилник.

(3) По одобрувањето на пристапот, кандидатот добива електронски тест за првиот дел од испитот, односно електронски практичен пример за вториот дел од испитот, компјутерски генерирани, чијашто содржина по случаен избор ја одредува софтверот на електронскиот систем од член 14 од овој правилник.

Член 23

(1) Првиот и вториот дел од испитот содржат упатство за начинот на негово решавање, за кое претставниците на Судскиот совет на Република Македонија и Советот на јавни обвинители на Република Македонија даваат појаснување, пред да почне полагањето на испитот.

(2) Електронскиот систем од член 14 од овој закон не може да дозволи постоење на идентична содржина на електронски тест за првиот дел од испитот, односно електронски практичен пример за вториот дел од испитот во еден термин за повеќе од еден кандидат.

Тек, прекин, продолжување и презакажување на испитот

Член 24

(1) Во случај на спреченост на спроведување на првиот или вториот дел од испитот, поради причини што доведуваат до техничка неможност на функционирање на електронскиот систем од член 14 став (1) од овој правилник, полагањето на испитот се прекинува.

(2) Доколку причините од став (1) на овој член се отстранат во рок од 60 минути од прекинувањето на испитот, тој продолжува веднаш по нивното отстранување.

(3) Доколку причините од став (1) на овој член не се отстранат во рокот од став (2) на овој член испитот се презакажува за друг термин.

Начин на одговарање на прашањата и бодување на одговорите

Член 25

(1) Полагањето на првиот дел од испитот се врши со одговарање на 70 прашања во вид на решавање на електронски тест на компјутер.

(2) Прашањата од тестот се бодуваат на следниот начин:

- точниот одговор се бодува со 1 бод;
- неточните, а се слични со точниот одговор, се бодува со по 0 бодови;

- одговорот што не е точен во мал обем се бодува со -0,5 бодови;
- одговорот што не е точен во голем обем се бодува со -1 бод.

(3) Неодговарањето на секое прашање се бодува со -1 бод.

(4) Бодовите од став (2) на овој член се определени во тестот.

Член 26

(1) Полагањето на вториот дел од испитот се врши со проучување на практичниот пример и одговарање на пет прашања со десет можни одговори што произлегуваат од практичниот пример, во вид на електронско софтверско решение (во понатамошниот текст: практичен пример).

(2) Прашањата од практичниот пример се бодуваат на следниот начин:
- точниот одговор се бодува со 6 бода;
- неточните, а се слични со точниот одговор, се бодуваат со по 0 бодови;
- неточните, а различни одговори се бодуваат со -1 бод.

(3) Неодговарањето на секое прашање се бодува со -1 бод.

(4) Бодовите од став (2) на овој член се определени во тестот.

Времетраење на испитот

Член 27

(1) Вкупното траење на времето определено за одговарање на прашањата од првиот дел од тестот за полагање на испитот изнесува 90 минути.

(2) Вкупното траење на времето определено за одговарање на прашањата од практичниот пример од вториот дел изнесува 90 минути.

Резултати од испитот и сертификат за положен испит

Член 28

(1) Од првиот дел на испитот кандидатот може да добие најмногу 70 поени.

(2) Се смета дека испитот го положил оној кандидат кој со точни одговори на прашањата од тестот постигнал најмалку 70% од вкупниот број предвидени позитивни поени, односно 49 поени.

(3) Од вториот ден на испитот кандидатот може да добие најмногу 30 поени.

(4) Се смета дека испитот го положил оној кандидат кој со точни одговори на прашањата од практичниот пример постигнал најмалку 70% од вкупниот број предвидени позитивни поени, односно 21 поен.

(5) Кандидатот од целиот испит може да добие најмногу 100 бода, а се смета дека успешно го положил оној што од двата дела постигнал најмалку 70 бода.

Член 29

(1) Кандидатот кој го положил испитот добива сертификат за положен испит за директор, односно сертификат за стручен испит за член на Управен одбор.

(2) Кандидатите кои положиле испит за директор и стручниот испит за член на Управниот одбор немаат обврска да ги полагаат овие испити при повторен избор, односно именување за истите функции.

(3) Сертификатите за положениот испит за директор, односно стручен испит за член на Управен одбор, добиени според овој правилник, не се со ограничено траење и можат да бидат употребени за избор за директор, односно именување за член на Управен одбор без оглед на тоа кога се стекнати.

Информирање за направени грешки во тестот

Член 30

На барање на кандидатот, Управниот одбор на Академијата го информира за направените грешки во тестот за полагање на испитот, со овозможување на непосреден увид во тестот.

Комисија за ревизија на одржаните испити

Член 31

(1) Тестовите и практичните примери се користат и се даваат на кандидатот само за време на полагањето на испитот.

(2) Материјалите од одржаните испити, особено хартиените верзии од тестовите и практичните примери за полагање на испитот и специмените за проверка на точноста на одговорите на тестот и практичниот пример, како и снимките од одржаните испити се чуваат во Академијата.

(3) Судскиот совет на Република Македонија и Советот на јавни обвинители на Република Македонија формираат комисија за ревизија на одржаните испити, што во својата работа ги користи материјалите од став (2) на овој член и во која членуваат и претставници од Судскиот совет на Република Македонија и Советот на јавни обвинители на Република Македонија.

(4) Комисијата од став (3) на овој член се состанува најмалку еднаш годишно и врши ревизија на начинот на спроведување на најмалку два испита одржани во тековната година.

Завршни одредби

Член 32

(1) Овој правилник влегува во сила со денот на донесување од страна на Управниот одбор на Академијата, а ќе започне да се применува во рок од 8 дена од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

(2) Овој правилник се објавува во „Службен весник на Република Македонија“ и на веб-страницата на Академијата.

Бр. 02-189/8 30 март 2015 година Скопје	Академија за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“ Претседател на Управен одбор, **Лилјана Спасоска,** с.р.

2547.

Врз основа на член 13 став 1 алинеја 1 од Законот за Академија за судии и јавни обвинители („Службен весник на Република Македонија“, бр. 20/2015), а во врска со член 66 став 2 и 4 од Статутот на Академијата („Службен весник на Република Македонија“, бр. 56/2015), Управниот одбор на Академијата, на седницата одржана на 27.4.2015 година, донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА КОНТИНУИРАНА ОБУКА

I ОПШТИ ОДРЕДБИ

Предмет на уредување

Член 1

Со овој правилник се уредува начинот на реализација на задолжителната и доброволната континуирана обука, како и правата и обврските на предавачите и учесниците во континуираната обука, во врска со подготовката, спроведувањето и евалуацијата на обуката.

Општа цел на континуираната обука

Член 2

Континуираната обука има цел постојано стручно усовршување на теоретските и практичните знаења и вештини на судиите и на јавните обвинители заради стручно и ефикасно вршење на судиската и јавнообвинителската функција, функцијата претседател на суд и јавен обвинител на јавното обвинителство, како и на стручните служби во судството и јавното обвинителство и субјектите кои учествуваат во спроведување на законите од областа на правосудството.

Посебни цели на континуираната обука за одделните целни групи

Член 3

Континуираната обука на судиите и јавните обвинители се спроведува со цел усовршување и проширување на нивните знаења и стручност при вршењето на судиската и јавнообвинителската функција, јакнење на нивната независност и интегритетот како основен предуслов за владеење на правото, за заштита на човековите права и слободи, како и создавање на транспарентно, праведно и ефикасно правосудство, засновано на меѓународните стандарди за фер и правично судење.

Континуираната обука на претседателите на судовите и на јавните обвинители на јавните обвинителства има цел развивање на нивната способност за управување со работите од нивна надлежност, утврдена со закон.

Континуираната обука на стручните служби во судството и во јавното обвинителство се спроведува со цел стекнување и унапредување на знаењата потребни за квалитетна стручна и техничка поддршка и помош на судиите и на јавните обвинители во нивната секојдневна работа.

Континуираната обука на субјектите кои учествуваат во спроведување на законите од областа на правосудството има цел унапредување на нивното знаење и професионалните вештини заради ефикасно извршување на работните обврски во подготовка и спроведување на законите од областа на правосудството.

Член 4

Континуираната обука може да биде задолжителна и доброволна.

Задолжителна континуирана обука

Член 5

Континуираната обука е задолжителна за судиите, јавните обвинители, претседателите на судовите и јавните обвинители на јавните обвинителства.

Задолжителната континуирана обука се спроведува врз основа на Општа програма за континуирана обука и Специјализирана програма за задолжителна континуирана обука.

Доброволна континуирана обука

Член 6

Корисници на континуираната обука, што е доброволна, се стручните служби во судството и во јавното обвинителство, државните службеници во Министерството за правда, кои работат на подготовка и извршување на законите од областа на правосудството и на други субјекти кои учествуваат во спроведувањето на законите од областа на правосудството.

Доброволната континуирана обука се спроведува врз основа на Специјализирана програма за доброволна континуирана обука.

Времетраење на задолжителната континуирана обука

Член 7

Времетраењето на задолжителната континуирана обука се изразува во денови.

Како ден на обука се смета обука во траење од најмалку шест наставни часа од по 45 минути, под услов на непрекинато учество на обуката.

Новоизбраните судии во основните судови и новоизбраните јавни обвинители во основните јавни обвинителства се должни, по нивниот избор, да посетуваат интензивна континуирана обука во траење од пет работни дена, што се спроведува врз основа на специјализирана програма за задолжителна континуирана обука усвоена од Управниот одбор на Академијата. Оваа обука Академијата ја организира и ја спроведува по изборот на определен број судии во основните судови, односно јавни обвинители во основните јавни обвинителства, доволен за формирање на ефективна група за обука.

Новоизбраните судии и јавни обвинители со стаж до една година имаат обврска да остварат уште девет дена задолжителна обука, согласно Општата програма за континуирана обука и годишниот Каталогот на активности на Академијата или вкупно 14 дена обука.

Судиите и јавните обвинители кои имаат од една до три години судиски, односно обвинителски стаж, имаат обврска да остварат десет дена обука, судиите и јавните обвинители кои имаат од три до осум години судиски, односно обвинителски стаж имаат обврска да остварат шест дена обука, судиите и јавните обвинители кои имаат од осум до петнаесет години судиски, односно обвинителски стаж имаат обврска да остварат четири дена обука и судиите и јавните обвинители кои имаат над 15 години судиски, односно обвинителски стаж, имаат обврската да остварат два дена обука, во текот на една календарска година.

Претседателите на судовите и јавните обвинители на јавните обвинителства имаат обврска во една календарска година да учествуваат на најмалку три специјализирани обуки, согласно Општата програма за континуирана обука и годишниот Каталогот на активности на Академијата.

Времетраењето на континуираната обука на судиите и на јавните обвинители почнува да се пресметува на почетокот на календарската година и се определува според целната група на која тие ќе припаѓаат на крајот на календарската година, без оглед кога, во текот на годината, преминале во таа целна група.

Начин на реализација на задолжителната континуирана обука за новоизбрани судии и јавни обвинители

Член 8

Содржината и методологијата на обуката од член 7 став 3 на овој правилник се уредуваат со специјализираната програма за задолжителна континуирана обука во согласност со член 69 став 2 и член 71 од Статутот на Академијата.

Дополнителниот број денови обука од член 7 став 4 на овој правилник, новоизбраните судии и јавни обвинители го остваруваат со пријавување обуки предвидени во годишниот каталог на активности на Академијата според видот на материјата на која се распоредени во судовите, односно јавните обвинителства.

Специјализирана програма за доброволна континуирана обука

Член 9

Академијата е должна, најдоцна до први декември во тековната година, да изготви Специјализирана програма за доброволна континуирана обука за наредната година.

Програмата од став (1) од овој член се изготвува врз основа на претходна оцена на потребите за обука на целните групи, согласно член 12 од овој правилник.

Врз основа на програмата од став 1 на овој член се изготвува каталог на обуки за стручните служби во судството и во јавното обвинителство, како и за државните службеници во Министерството за правда и за другите субјекти кои учествуваат во спроведувањето на законите од областа на правосудството.

Покрај учеството на обуки по програмата и каталогот од став 1 и 2 на овој член, стручните служби во судството и во јавното обвинителство, како и државните службеници во Министерството за правда и други субјекти кои учествуваат во спроведувањето на законите од областа на правосудството, на покана на Академијата, можат да учествуваат и на обуки предвидени во Каталогот на активности изработен во согласност со Општата програма за континуирана обука на Академијата.

Систем за управување со квалитетот на континуираната обука

Член 10

При подготовка, изработка и спроведување на сите програми за континуирана обука, се применува Системот за управување со квалитет (СУК) во Академијата за судии и јавни обвинители (ISO 9001:2008), што опфаќа униформен систем на стандарди во поглед на политиките, постапките и методологијата за ефективно менаџирање и реализација на активностите и работните процеси во Академијата.

Целта на процедурите за квалитет при реализацијата на континуираната обука е стандардизација и подобрување на постапките и практиките во поглед на стручните и техничките аспекти на сегментите на организација и дизајн на обуката, подготовката и спроведувањето, методологијата, наставните методи и техники, наставниот материјал, надзорот и евалуацијата, како и документирање и интегрирање на овие процеси во информатичкиот систем на управување.

Содржина на програмите за обука

Член 11

При одредување на содржината на програмите за обука се води сметка да бидат застапени релевантните правни области, но и општествените теми особено за улогата на судијата и на јавниот обвинител во општеството, интегритетот, етиката и други, националното право, правото на Европска унија и меѓународното право, во соодветен размер, што обезбедува целните групи да стекнат не само правни знаења и способности за практична примена на законите туку и унапредување на професионалните вештини и способности за сфаќање на социјалната димензија на професијата, како и способност за примена на меѓународната перспектива на правото.

Оцена на потребите за обука

Член 12

Процесот на анализа, оцена и дефинирање на потребите за обука на целните групи се врши заради утврдување на содржината и методологијата на континуираната обука за наредниот период со цел да се обезбеди актуелност, квалитет и ефективност на програмите за обука и на тој начин унапредување на знаењето, практичните вештини, ставовите и вредностите на судско-обвинителската професија и професиите на другите целни групи.

Постапката за оцена на потребите за обука се врши согласно правилата на СУК и се спроведува еднаш годишно како основа за изготвување и ажурирање на програмите за континуирана обука и Годишниот каталог на обуки, а по оцена на раководството на Академијата може да се спроведе и повеќепати во текот на годината, со цел собирање и користење информации за дополнително утврдени потреби за обука.

Претходното испитување, анкетирање и анализа на мислењата и потребите на судиите, јавните обвинители и другите корисници на услугите на Академијата го спроведува Службата за стручно помошно-технички работи на Академијата, врз основа на стандардизирани прашалници.

За потребите на изготвувањето на програмите и каталогот од став (2) на овој член, се консултираат и се бараат мислења и предлози и од предавачите на Академијата, како и од институциите претставени во Управниот одбор на Академијата, судовите, јавните обвинителства, професионалните здруженија на судиите и јавните обвинители, правните факултети, државните органи и институции со кои Академијата соработува во ос-

тварување на обврските што произлегуваат од приоритетите на Република Македонија во поглед на правосудството во делот на обуките, професионалните комори и други релевантни институции и организации.

Извори на информации за анализата на потребите за обука се и резултатите од евалуациите на спроведените обуки во Академијата во тековната година, годишните извештаи на Судскиот совет на РМ и Советот на јавните обвинители на РМ, Врховниот суд на РМ и Јавното обвинителство на РМ, на судовите и јавните обвинителства, домашната судска практика и одлуките на ЕСЧП во однос на Република Македонија, извештаите на Министерството за правда и другите министерства, Секретаријатот за европски прашања, извештаите на ЕК и релевантни меѓународни организации во поглед на правосудството, како и непосредните сознанија на органите на Академијата, раководството и стручната служба од контактите со корисниците на услугите, а можат да се користат и извештаи од спроведени анализи за задоволството на корисниците на судските услуги.

Систематизација и користење на резултатите од оцената

Член 13

Податоците од изворите наведени во член 12 од овој правилник се сублимираат и се документираат на начин што овозможува целисходно и лесно слевање и користење во рамките на информатичкиот систем на управување со податоци и претставуваат основа за разни анализи, статистики и истражувања за потребите на Академијата и правосудството во целина.

II Реализација на континуираната обука

Општа програма за континуирана обука

Член 14

Општата програма за континуирана обука на судиите и јавните обвинители, претседателите на судовите и јавните обвинители на јавните обвинителства се изготвува во согласност со член 67 и член 68 од Статутот, а врз основа на сеопфатна оцена на потребите за обука од член 12 од овој правилник.

Општата програма за континуирана обука се донесува за време од две години, а врз основа на неа се усвојува годишен или полугодишен каталог на обуки.

Каталог на обуки

Член 15

Врз основа на Општата програма за континуирана обука, Академијата најдоцна до крајот на октомври подготвува Годишен каталог на обуки за наредната година, имајќи ги предвид расположливите финансиски средства од одобрениот годишен буџет и другите законски извори на финансирање, човечките ресурси и објективните можности на Академијата, како и потребата од непречено одвивање на работата на целните групи и нормално функционирање на судовите и на јавните обвинителствата.

Со каталогот од став 1 на овој член се запознава Управниот одбор на Академијата на првата седница по изготвувањето, а потоа се доставува до судовите, јавните обвинителства, како и до Судскиот совет на РМ, Советот на јавните обвинители на РМ и до Министерството за правда, во електронска и печатена форма и се објавува на интернет-страницата на Академијата.

Каталогот задолжително ги содржи следните податоци: датумот и местото на одржување, областа и темата на обуката, целната група за која е наменета, организаторот, коорганизаторот и забелешка за карактерот на обуката.

Годишниот каталог се подготвува на начин што овозможува целните групи да ги усогласат своите редовни работни обврски со обврската за обука, но остава простор и можност за организирање и на дополнителни обуки според потребите на целните групи, приоритетите на РМ за обука на правосудството, измените во легислативата, како и соработка на нови проекти било со домашни или странски соработници.

Доколку одделни елементи во врска со организација на одделна обука не се познати во време на испраќање на каталогот (точен датум, место на одржување), тие ќе бидат доставени на запознавање до целната група за која е наменета обуката по нивно утврдување од страна на Академијата.

За секоја измена и дополнително вклучена обука во Каталогот, Академијата има обврска навремено да ги извести целните групи за кои е наменета обуката.

Подготовка за реализација на обуките

Член 16

Подготовката за реализацијата на обуките опфаќа активности во правец на одредување на предавачите и предавачките тимови за секоја наставна област и тема, водејќи сметка за избор на најквалификувани предавачи за односната тема, согласно нивната специјализација и потребите на целните групи и други активности од организациски аспект, како обезбедување на соодветни просторни и технички услови за одржување на обуката.

Начин и методологија на реализација на обуките

Член 17

Обуките во рамките на континуираната обука се реализираат преку: семинари, конференции, советувања, стручни расправи, работилници, тркалезни маси, симулации, учење од далечина, размена на учесници, студиски престои и други облици на едукација.

Со оглед на траењето, одделните обуки можат да бидат еднодневни, дводневни или повеќедневни.

При спроведување на програмите за обука, Академијата е должна да ја унапредува примената на теоретски и практични методи на обука, а особено современи интерактивни методи и техники на предавање и едукација, вклучувајќи и учење од далечина.

Заради интердисциплинарност на обработката и презентацијата на конкретната тематика, на обуките, покрај судиите и јавните обвинители, се поканува и претставници од Министерството за правда, другите министерства, другите државни органи и институции

што ги подготвуваат и учествуваат во спроведување на законите од областа на правосудството, како и претставници на другите правни професии, како адвокати, нотари, извршители, медијатори, прекршочни комисии и други.

Член 18

Обуките, во зависност од карактерот, бројот на учесниците и други организациски потреби (локација, големина на просторија, опрема, осветлување, број на седишта, акустика и слично), се одржуваат во просториите на Академијата, салите во судовите, јавните обвинителства, Министерството за правда или други адекватни простории и конференциски, хотелски сали.

Обуките се одржуваат во работното време во работни денови, но поради непречено одвивање на судењата и редовните судски и обвинителски активности, односно непречено одвивање на работата на судовите и на јавните обвинителства според можностите, ќе се изведуваат во работни денови попладне и во сабота.

Академијата е должна, во координација со лицата кои раководат со објектот каде што се одржува обуката, да обезбеди просторија што одговара на потребите за одржување на обуката и има соодветна опрема за изведување на обуката на модерен и ефикасен начин (за „Пауер поинт“, компјутер, флипчарт, проектор и сл.).

Децентрализиран пристап на обуките

Член 19

Академијата ги спроведува обуките во седиштето на Академијата во Скопје и децентрализирано, на регионален принцип, по подрачјата на апелациските судови и јавните обвинителства, водејќи сметка за бројот на учесниците од одделен регион, како и потребата од ефикасно, рационално и економично користење на ресурсите.

Поддршка на Академијата во обуките

Член 20

Заради ефикасно одвивање на обуките, претседателите на судовите и на јавните обвинители на јавните обвинителства, определуваат координатор за обука или лице за контакт со Академијата, кои се грижат за реализација на обуките, односно навремено пријавување на учесниците и оптимално посетување на обуките од програмите за обука на одделните целни групи, вклучително и известување на Академијата за сите промени во годишниот распоред на судиите и јавните обвинители, како и во случај на нивен премин од еден во друг оддел или суд заради ажурирање на податоците.

Академијата и од другите органи, институции и организации со кои соработува во спроведувањето обуки, бара поставување лица за контакт со цел логистичка и стручна поддршка за реализација на обуките.

Академијата води и ажурира листа на координатори за обука или лица за контакт со Академијата.

Организација на обуките со домашни и странски соработници

Член 21

Академијата ги организира обуките самостојно или во соработка со домашни и странски соработници преку проекти, твининг-програми и билатерални и мултилатерални договори.

Соработката за организација на обуките подразбира соработка, координација и усогласеност во подготовката на проектот, изборот на домашните или странските предавачи, датумот и местото на одржување, подготовка на програмата и наставните материјали за обуката.

Академијата одржува редовни состаноци со претставниците на домашните и странските организации и проекти заради навремено пријавување на интересот за организирање обуки од одредена област и изготвува план за обуки со проектите за наредната година со цел нивно навремено вклучување во Годишниот каталог на обуки.

Во денови на обука на учесникот му се пресметуваат и обуките организирани од други органи, организации и асоцијации (Министерството за правда, факултетите, Здружението на судии на Република Македонија, Здружението на јавните обвинители на Република Македонија, Адвокатската комора и сл.), доколку тоа е однапред договорено помеѓу Академијата и односните субјекти за конкретната обука или доколку Академијата ги номинирала да учествуваат на обуките.

Во денови на дополнителна обука се пресметува обуката во странство на која учесникот е испратен од страна на Академијата, а според приложената програма и добиениот сертификат (доколку таков е поделен од страна на организаторот) и доколку ги исполнил обврските од член 46 од овој Правилник.

III ПРЕДАВАЧИ

Член 22

Предавачите се стручни лица кои непосредно ги спроведуваат програмите за почетна и континуирана обука.

Предавачите можат да бидат предавачи на Академијата и предавачи по потреба.

Предавачите на Академијата се определуваат од редот на домашни и странски активни и пензионирани судии и јавни обвинители, адвокати и универзитетски професори, нотари, извршители, медијатори и раководни административни службеници, кои ги исполнуваат условите од член 45 од Законот.

Предавачите, според афинитетите, професионалното искуство, претходното искуство како предавач, наставните вештини и личниот интерес, се ангажираат во програмата за почетна или програмите за континуираната обука или во двете еднакво.

Член 23

Предавачи во делот на континуираната обука можат да бидат и членовите на Управниот одбор, Судскиот совет на Република Македонија, Советот на јавните обвинители на Република Македонија и директорот на Академијата, без надоместок.

Предавачите од став 1 на овој член можат да добиваат надоместок за изготвувањето на наставниот материјал, одржаните предавања и други активности потребни за реализација на одреден настан само доколку настанот го реализира Академијата во соработка и со финансиска поддршка на странски проект, од чиишто финансиски средства ќе се исплаќаат наведените надоместоци во целост, вклучувајќи го персоналниот данок на доход.

Постапка за селекција и утврдување на предавачите на Академијата

Член 24

Постапката за селекција и утврдување на предавачите на Академијата се спроведува врз начелата на стручност, способност, јавност, отвореност и еднакви можности согласно член 29, 30 и 31 од Статутот на Академијата.

Повикот за пријавување на заинтересирани лица за можни предавачи на Академијата од член 30 став 1 од Статутот е во писмена форма и содржи:

- Податоци за условите за предавач од член 45 од Законот на Академијата;
- Образец за предавач во прилог (во кој се назначуваат области и теми за кои се пријавува кандидатот, работното искуство на областа за која се пријавува, стекнати квалификации и сертификати и достигнувања на полето на едукација);
- Рок за достава на пријавата со пополнет образец, кратко CV и доказ за исполнување на условите.

По приемот и разгледувањето на пријавите со придружната документација, директорот на Академијата изготвува предлог-листа на предавачи на Академијата и листата ја доставува на мислење и одобрување до Судскиот совет на Република Македонија и Советот на јавните обвинители на Република Македонија.

При определување на составот на предлог-листата на предавачи, директорот на Академијата се раководи од начелото на соодветна и правична застапеност, како и застапеност на предавачи од сите апелациски подрачја, додека во поглед на предавачите од редот на судиите и јавните обвинители води сметка за застапеност на судии и јавни обвинители од сите инстанции.

По добивање на потребните одобренија од став 3 на овој член, директорот, ја доставува предлог-листата на мислење на Програмскиот совет.

Листата на предавачи на Академијата, на предлог на директорот, ја утврдува Управниот одбор на Академијата, земајќи ги предвид претходно прибавените мислења.

Академијата ја доставува утврдената листа на предавачи до кандидатите кои се пријавиле за предавачи, како и до претседателите на судовите, до јавните обвинители на јавните обвинителства, факултетите и до раководителите на институциите и коморите во кои се вработени или членуваат предавачите.

Утврдената листата на предавачи може да се дополнува по потреба.

Обука на предавачите

Член 25

Предавачите на Академијата од член 44 став 2 од Законот на Академијата, должни се да завршат обука за тренинг на предавачи организирана од Академијата, а потоа, за време на својот мандат, најмалку еднаш годишно да учествуваат на обука за предавачи организирана од страна на Академијата.

Академијата ги организира обуките за предавачи самостојно или во соработка со домашни и странски партнери и проекти.

Академијата води евиденција за одржаните обуки за предавачи, како и на наставните материјали што се достапни на сите предавачи, со цел одржување и надградување на наставните вештини.

Права и обврски на предавачите во континуирана обука

Член 26

Предавачот или предавачкиот тим има обврска да подготви програма за секоја конкретна обука на образец изработен од Академијата што ги содржи следните елементи: форма и назив на обуката, време и место на одржување, целните групи, краток преглед и цел на обуката, назначување на предавачите и наставните материјали и агенда согласно која ќе се одвива обуката, да ја спроведе обуката, да изготви извештај и евалуација на обуката.

Извештајот на предавачот, односно предавачкиот тим, содржи опис на спроведената обука, изложените дискусии, прашања, заклучоци, како и препораки за потребата од нејзина дополнителна обука или друга тема со цел правилна и усогласена примена на законите.

Предавачите имаат право навремено да бидат известени за темите од нивната специјалност, како и за термините на одржување на обуките за кои Академијата планира да ги ангажира.

Логистичка поддршка на предавачите

Член 27

Академијата има обврска, преку вработен од службата за стручно помошно-технички работи, одговорен за конкретна обука, навремено да го потврди учеството на предавачите за нивното ангажирање за конкретната обука и тоа најмалку две недели пред датумот на одржување на обуката.

Академијата за соодветната обука на предавачите им ја става на располагање потребната опрема (компјутери, „Пауер поинт“, проектор, флипчарт и др.) и преку вработен од службата за стручно помошно-технички работи на Академијата, одговорен за конкретна обука, обезбедува логистичка поддршка поради олеснување на подготовката и реализацијата на обуката.

Модератор

Член 28

Модератор е предавачот кој, покрај спроведување обука, модерира со целиот настан.

Модераторот има обврска да ја отвори обуката со кратко воведно излагање по однос на предметната тема, да ги води дискусиите, како и во својство на добар модератор да поттикне интерактивна настава и на крајот од обуката да изведе завршни заклучоци.

Право на надоместок

Член 29

За подготовка и за спроведување на обуката, предавачите имаат право на надоместок – награда, како и надоместок на дневните и патните трошоци на начин и висина определена со Правилникот за надоместоци на Академијата.

Предавачот кој, покрај спроведување обука, модерира со настанот, покрај надоместокот од став 1 на овој член, има право и на надоместок за реализираното модерирање со настанот на начин и висина определена со Правилникот за надоместоци на Академијата.

Согласно општиот акт од став 1 и 2 на овој член, директорот, преку овластено лице од него, со предавачот склучува договор за реализираната работа, чијашто форма и содржина ја пропишува Академијата, во кој, покрај предметот на договорот, содржани се и условите за исполнување на договорот.

Евиденција на предавачите

Член 30

За секој предавач на Академијата или предавач по потреба, во базата на податоци што Академијата редовно ја ажурира, се евидентира нивната функција, институцијата, професионалниот развој, специјалноста, годините на искуство во односната област, кратка биографија, ниво на познавање на странски јазици, посетени обуки на обучувачи и специјализации дома и во странство, стекнати дипломи и сертификати, како и оценките од евалуациските прашалници.

Податоците во однос на оценките и другите податоци за предавачите се чуваат согласно прописите за заштита на лични податоци и деловните политики на Академијата, а се објавуваат само по претходна согласност на предавачот.

Наставна методологија

Член 31

Предавачите се должни при предавањата да користат модерни наставни техники (презентации во „Пауер поинт“ или видеопрезентации, студии на случај, дискусии), да комбинираат теоретско-практичен пристап, анализа на случаи од практиката на домашните судови и на ЕСЧП и на ЕСП, работа во мали групи, симулации и сл.

Кога се ангажирани за спроведување обуки, предавачите имаат обврска постојано да бидат присутни при траењето на обуката, особено ако се спроведуваат обуки за нови закони или суштински измени на материјалните и процесните закони.

Наставен материјал

Член 32

Предавачите имаат обврска навремено, пред почетокот на обуката, да доставаат наставен материјал за обработуваната тема во пишана или во електронска копија, што поради навремена подготовка на учесниците се објавува на интернет-страницата на Академијата.

Наставниот материјал вклучува пишани и визуелни материјали, законски и други референтни текстови, случаи од практиката, особено практиката на судовите од највисоките инстанции, како и ЕСЧП и ЕСП и работни листови за практична работа.

Наставниот материјал предавачите го предаваат на користење на библиотеката на Академијата и е достапен на целните групи, на начин што обезбедува целосна идентификација на авторот на материјалот и на неговата оригиналност.

Спреченост за присуство

Член 33

Во случај на спреченост за присуство на обуката, предавачот треба навремено да ја извести Академијата заради обезбедување на друг предавач и навремено создавање услови за непречено одвивање на обуката.

IV ЕВАЛУАЦИЈА

Член 34

Целта на евалуацијата на обуките од страна на учесниците на обуката е да се утврди дали обуката ги постигнала целите на учењето и дали ги пресретнала очекувањата на учесниците во поглед на корисноста на предавањата на предавачите и наставните материјали, а за таа цел на учесниците им се дистрибуираат прашалници, на образец изготвен од Академијата, по завршувањето на обуката.

Целта на оценката на ефикасноста на обуките од страна на предавачите е да се утврди степенот на наученото на обуките, како и степенот на подобрувањето на знаењата, вештините и однесувањето и примената на стекнатите знаења и на дистрибуираните наставни материјали од обуките, во практиката на решавањето на случаите.

Со оглед на карактерот на обуката, односно циклусот обуки, предавачите го определуваат видот и методологијата на проверката, што може да биде во вид на задавање прашалници и/или тестови од содржината на предавањата и изложените материјали непосредно по завршување на обуката и/или во вид на оценка на степенот на подобрување на знаењата, вештините и однесувањето и примена на наученото во практиката, во одреден временски период по завршувањето на обуката или циклусот на обуки (3, 6 или 12 месеци).

Целиот процес на евалуација на обуките Академијата го спроведува во координација и соработка со Судскиот совет на РМ и Советот на јавните обвинители на РМ.

Користење на податоците од евалуациите

Член 35

Податоците од прашалниците и тестовите за евалуација на обуките од член 34 на овој правилник се слеваат во информатичкиот систем на управување со податоците и претставуваат основа за подготовка на следните програми за обука и подобрување на квалитетот и ефикасноста на идните обуки.

Податоците од прашалниците се користат за интерните потреби на Академијата, за оценка на предавачите и за креирање на идните програми за обука, како и за подобрување на организацијата на обуките и не се предмет на објавување на интернет-страницата на Академијата.

Евалуацијата спроведена од страна на домашни или странски соработници со кои Академијата организира обуки треба да бидат достапни на Академијата за потребите на оцена на обуките и креирање на идните програми за обука.

Начинот на чување на податоците од евалуациите на обуките и на предавачите е во согласност со внатрешните политики и правила на Академијата за користење на информатичкиот систем на управување на податоците.

V ОСНОВНИ ПРАВА И ОБВРСКИ НА УЧЕСНИЦИТЕ

Пријава за учество на обука

Член 36

Пријавите за учество на обуки судиите и јавните обвинители и другите целни групи ги доставуваат до Академијата преку своите институции, навремено, во рокот определен од Академијата, по е-пошта, пошта или факс.

Откажување од учество на обука судиите и јавните обвинители, како и другите целни групи, го вршат на начин определен во став 1 од овој член.

Откажувањето од учество на обука треба да биде навремено и од оправдани причини што не можеле да се предвидат во времето на пријавувањето за обука.

Академијата води евиденција за случаите на откажување на учеството во рок во кој не е можно да се пријават нови учесници и за случаите на често и неоправдано откажување на учеството ги известува претседателите на судовите и јавните обвинители на јавните обвинителства.

За одредени специјализирани обуки, како што се обука на обучувачи, тркалезни маси за посебни целни групи (Врховен суд, Јавно обвинителство, тркалезни маси за усогласување на практиката, Судскиот совет и Советот на јавните обвинители и други), Академијата праќа посебни покани.

Во случај на организација на специјализирани обуки од базичен или напреден карактер од посебни области, како што се општи и посебни обуки за правото на ЕУ, меѓународното право, ЕКЧП, како и за други обуки, Академијата може да прати претходни прашалници поради идентификација на нивото на претходно знаење и искуство на учесниците од одделната материја, заради идентификација на целните групи и на специфичните потреби за обука.

Учесниците во Програмата за континуирана обука се пријавуваат за учество на обуките според областите на кои работат во моментот на пријавувањето, што се наменети за целна група на која припаѓаат и во согласност со обврската за број на денови обука што задолжително треба да ги остварат.

Доколку обуката се одржува истовремено за сите апелациски подрачја, при одредување на составот на учесниците се води сметка за пропорционална застапеност на претставници од сите судови, односно јавни обвинителства, од соодветните апелациски подрачја.

Права и обврски на учесниците

Член 37

Учесниците на обуките организирани од Академијата имаат право на транспарентна и квалитетна обука, приспособена на актуелните потреби за стручно и професионално извршување на должностите на судиите, обвинителите и другите целни групи.

Заради обезбедување на квалитетна обука, учесниците имаат право, заради подобрување на работењето на Академијата во организирањето на обуките, да даваат свои предлози, сугестии, критики, забелешки во евалуациските прашалници и во посебни писмени обраќања до Академијата.

Доколку обуката трае повеќе од еден ден, на учесниците им се пресметува како задолжителна обука само доколку непрекинато присуствуваат секој ден од обуката, до нејзиното завршување, освен во исклучителни случаи, кога поради здравствени причини или итна и неодложна работна обврска, учесникот не е во можност непрекинато да присуствува на обуката.

Учесниците имаат обврска:

- Навремено да доаѓаат на обуките и да присуствуваат непрекинато, а доколку отсуствуваат, навремено да ја известат службата за стручно помошно-технички работи на Академијата за причината за недоаѓање;
- Поради подобро идно организирање и планирање на обуките, да пополнат прашалници за евалуација и до крајот на обуката да ги достават до вработен од службата за стручно помошно-технички работи на Академијата, кој е одговорно лице за конкретната обука.

Доставување програма и наставен материјал

Член 38

Службата за стручно помошно-технички работи на Академијата, во разумен рок пред датумот на обуката, е должна да ги достави до учесниците, програмата и наставниот материјал за обуката, доколку тие се навремено испратени од страна на предавачите, а доколку не се, да им ги стави на располагање на секој од нив до завршување на обуката, ако за тоа се обезбедени финансиски средства.

Со цел за општа достапност на материјалите од обуките, Академијата обезбедува нивно објавување на својата интернет-страница во папка креирана за конкретната обука.

Регистрирање присуство на обуката

Член 39

Вработен од службата за стручно помошно-технички работи на Академијата, пред почетокот на обуката, како и на крајот на обуката дистрибуира список на учесници и предавачи, на кој секој со својот потпис го потврдува своето присуство на обуката.

Достапност на податоците за обуките и материјалите за обука

Член 40

Програмите за обука, наставните материјали и извештаите на предавачите, се дистрибуираат во посебниот отсек од електронската библиотека на Академијата и се организираат во посебни папки, класифицирани според областа, на начин што овозможува лесно користење и правно пребарување.

Со воспоставување на електронската библиотека, наставните материјали се достапни на интернет-страницата на Академијата со регистрација и употреба на корисничко име и лозинка, креирани за секој корисник од страна на овластеното лице во Академијата.

Достапност на базите на податоци

Член 41

Академијата е должна, согласно финансиските можности, да обезбеди достапност и лесно пребарување на базите на податоци за националната легислатива и за судската практика, легислативата на Европската унија и на Советот на Европа и ОН, судската практика на ЕСЧП и ЕСП и на другите меѓународни судови, како и на други библиотеки, публикации и списанија.

Согласно финансиските можности, Академијата обезбедува преводи на релевантни материјали од став 1 на овој член и постојано го збогатува и го ажурира библиотечниот фонд и материјалите за учење од далечина и во таа насока соработува со другите институции за обука во регионот и во светот и со мрежите за обука на Европската унија и на Советот на Европа.

Логистичка поддршка од одделението за континуирана обука

Член 42

За подготовка и реализација на секоја обука Академијата обезбедува ангажман на еден вработен од одделението за континуирана обука на Академијата, што се грижи за навремена и соодветна организација и реализација на обуката.

Учество на обуки во странство

Член 43

Академијата ќе овозможи учество на претставниците на целните групи, како и на предавачи и ментори на обуки во странство.

Обуките од став 1 на овој член можат да бидат во вид на учество на семинар, конференција или друга форма на едукација, како и подолги студиски престои или учество во програми за размена со други институции и мрежи за обука.

Финансирање на обуките во странство

Член 44

Академијата испраќа учесници на обуки и престои во странство, доколку тоа е финансиски покриено од странскиот организатор.

Академијата може да учествува во покривање на трошоците од став 1 на овој член во целост или делумно, доколку за тоа се обезбедени финансиски средства од буџетот или од донации.

Покривањето на трошоците од став 2 на овој член од буџетските средства го одобрува Управниот одбор на Академијата пред номинирање учесник за обуката, а доколку се работи за неможност за свикување на Управен одбор поради кратките рокови, одобрувањето го врши директорот на Академијата и за тоа доставува извештај на првата наредна седница на Управниот одбор.

Начин на определување учесници за обуки во странство

Член 45

Учесниците на обуки во странство се одредуваат во координација со претседателите на судовите и јавните обвинители на јавните обвинителства, имајќи ја предвид евиденцијата на Академијата за учество на обуки во странство со цел да се обезбедат еднакви можности за припадниците на одделните целни групи што ги исполнуваат условите за учество на обуката, особено солидно познавање на странскиот јазик на кој се спроведува обуката на ниво што овозможува активно учество и размена на искуства со колегите од странство.

Обврски на учесниците на обуките во странство

Член 46

Учесниците испратени на обука во странство од страна на Академијата ги имаат следните обврски:

- да бидат редовни и активни учесници на обуката;
- да бидат подготвени да ја претстават општата состојба на реформите во правосудството во Република Македонија, својот домен на работење, како и работата и дејноста на Академијата;
- да подготват излагање на определена тема, доколку тоа се бара во поканата за учество на обуката;
- по враќањето од обуката во странство да достават копии од програмата според која се спровела обуката и наставните материјали (цеде, презентации во „Пауер поинт“, литература);
- да достават извештај за престојот во странство, особено за содржината на обуката и за релевантните институции што ги посетиле.

Извештајот од став 1 на овој член се објавува на интернет-страницата на Академијата и се чува во информатичкиот систем на управување со податоците.

За секое патување на обука во странство, Академијата ги известува субјектите од став 3 на овој член.

За обврските од став 1 на овој член учесниците навремено се известуваат пред заминувањето на обуката во странство.

VI ЕВИДЕНЦИЈА

Евиденција за учество во Програмата за континуирана обука

Член 47

Академијата води евиденција за деновите поминати на обука за сите судии и јавни обвинители.

По завршување на секоја календарска година, Академијата им издава на судиите и на јавните обвинители, како и на предавачите и менторите, потврда за бројот на денови задолжителна обука што ги поминале во текот на годината и деновите поминати на предавање, односно менторирање.

Податоците од став (2) на овој член Академијата ги доставува и до Судскиот совет и до Советот на јавните обвинители на Република Македонија.

При водењето евиденција и издавањето потврди на корисниците на услугите на Академијата за бројот на денови поминати на континуирана обука ќе се применуваат прописите за заштита на личните податоци.

Сертификати

Член 48

За учество на одделни обуки или циклус на обуки Академијата на учесниците им изготвува сертификат за учество, што ќе се изготвува на образец пропишан од Академијата.

Сертификатот го потпишува директорот на Академијата, а доколку обуката се спроведува во соработка со други домашни или странски партнери, сертификатот, покрај директорот, го потпишува и претставник на односниот субјект, доколку така е договорено.

Заштита на податоците

Член 49

Сите податоци во врска со подготовка, реализација и евалуација на континуираната обука се чуваат согласно прописите за заштита на личните податоци.

VII ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 50

Овој правилник се објавува во Службен весник на Република Македонија и на интернет-страницата на Академијата.

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во Службен весник на Република Македонија, а ќе почне да се применува со почнувањето на примената на Законот за Академија за судии и јавни обвинители („Службен весник на Република Македонија“, бр. 20/2015).

Бр. 02-228/8
27 април 2015 година
Скопје

Академија за судии и
јавни обвинители „Павел Шатев“
Претседател на Управен одбор,
Лилјана Спасоска, с.р.

2548.

Врз основа на член 13 став 1 алинеја 1 и член 66 став 2 од Законот за Академијата за судии и јавни обвинители („Службен весник на Република Македонија“ број 20/2015), Управниот одбор на Академијата на седницата одржана на 27.4.2015 година, донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА ПОЛАГАЊЕ НА ПРИЕМЕН ИСПИТ ВО АКАДЕМИЈАТА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ „ПАВЕЛ ШАТЕВ“

I Општи одредби

Член 1

Со овој правилник се уредуваат условите и начинот на спроведување на постапката за полагање на приемниот испит за слушатели на почетната обука во Академијата за судии и јавни обвинители (во понатамошниот текст Академијата).

Член 2

Цел на приемниот испит е утврдување на степенот на стручно знаење, потребно за посетување на програмата за почетна обука.

Член 3

Постапката за полагање на примениот испит се заснова на начелата на јавност, објективност и независност на работењето на Комисијата за приемен испит, на правилата, методите и начинот на спроведувањето на приемниот испит и оценувањето и објавувањето на резултатите.

II Услови за спроведување на приемниот испит

Член 4

(1) Право на полагање на приемниот испит имаат сите заинтересирани кандидати за влез во почетната обука во Академијата кои ги исполнуваат условите за прием предвидени во член 57 од Законот за Академијата за судии и јавни обвинители (во понатамошниот текст Законот).

(2) Исполнување на условот предвиден во член 57 став 1 алинеја 8 од Законот се докажува со потврда – сертификат за основно познавање на практична работа со компјутери („Микрософт офис“, интернет).

(3) Исполнување на условот предвиден во член 57 став 1 алинеја 9 од Законот се докажува со лекарско уверение издадено од специјалист по медицина на трудот.

Член 5

(1) Јавниот оглас за прием во почетната обука содржи:

- Вкупен број слушатели на почетната обука определен врз основа на одлуките на Судскиот совет на Република Македонија и Советот на јавните обвинители на Република Македонија, согласно член 56 став 2 од Законот;
- Содржина (образец) на пријавата;
- Набројување на документите што треба да се приложат со пријавата со напомена дека кандидатот со поднесувањето на пријавата треба да ги поднесе сите докази за исполнување на условите за прием предвидени во Законот;
- Рок за пријавување на кандидатите, што изнесува 15 дена, сметано од денот на неговото објавување во „Службен весник на Република Македонија“;
- Адресата на која се доставува пријавата со документите;
- Напомена дека кандидатите ќе бидат дополнително известени за времето и местото на полагање на квалификацискиот тест, психолошкиот тест, тестот за интегритет и испитот;
- Напомена дека јавниот оглас и образецот за пријавување се објавени на интернет-страницата на Академијата.

(2) Доколку во предвидениот рок не се пријават доволен број кандидати согласно одлуките предвидени во став 1 од овој член, Управниот одбор на Академијата, во рок од 30 дена по истекот на рокот за првиот јавен оглас, донесува одлука за објавување на нов јавен оглас.

Член 6

(1) Секој заинтересиран кандидат за полагање на приемниот испит до Академијата поднесува пријава на образец изготвен од Академијата, во кој се содржани податоци за исполнување на условите за прием согласно јавниот оглас.

(2) Заинтересираните кандидати можат да го преземат образецот на пријавата од интернет-страницата на Академијата.

(3) Кон пријавата се приложуваат сите документи предвидени во член 5 став 1 алинеја 3 од овој правилник, во форма на копија заверена на нотар.

(4) Пријавата со потребните документи кандидатот ги поднесува лично до лицето овластено за прием на писмена во Академијата и притоа секој кандидат добива испитна шифра.

(5) Лицето овластено за прием на пријавите во Академијата е должно да ги прими сите пријави со приложените документи, а навременоста и уредноста на пријавите ги оценува Комисијата за приемен испит.

III Комисија за приемен испит

Член 7

(1) Приемниот испит се полага пред Комисијата за приемен испит (во понатамошниот текст Комисијата).

(2) Управниот одбор на Академијата ја конституира Комисијата најдоцна два месеца пред полагањето на приемниот испит.

(3) Управниот одбор го избира стручното лице-психолог и неговиот заменик од член 67 став 3 на Законот од редот на стручните лица од акредитираната професионална институција ангажирана за спроведување на психолошкиот тест и тестот за интегритет.

(4) Работите од својата надлежност Комисијата ги врши во полн состав.

(5) Начинот на работа и одлучување на Комисијата се уредуваат со Деловник за работа во согласност со Законот, Статутот на Академијата и овој правилник.

(6) Комисијата ги донесува одлуките со мнозинство гласови од вкупниот број членови.

(7) Комисијата има секретар и заменик-секретар кои директорот на Академијата ги назначува од редот на административните службеници во Академијата.

(8) По завршувањето на приемниот испит, претседателот на Комисијата до Управниот одбор на Академијата поднесува извештај за текот и за постапката на полагањето на приемниот испит.

(9) Управниот одбор, на седница, го разгледува извештајот од став 7 на овој член и го усвојува со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Управниот одбор.

(10) Претседателот на Комисијата задолжително присуствува на седницата на Управниот одбор на која се разгледува извештајот од став 7 на овој член.

IV Разгледување на пријавите

Член 8

(1) Комисијата на седница ги разгледува пријавите со приложената документација.

(2) Кандидатите, чиишто пријави се утврдени од страна на Комисијата како навремени и уредни, се известуваат за денот, часот и местото на полагањето на квалификацискиот тест, на контакт-адресата што ќе ја наведат во пријавата.

(3) Комисијата е должна веднаш, по одржувањето на седницата, на пријавените кандидати, чиишто пријави се ненавремени и неуредни да им достави примерок од решението за отфрлање на пријавата.

(4) Подносителот на пријавата во рок од три дена од приемот на решението од став 3 има право на жалба до Управниот одбор на Академијата, кој одлуката по жалба ја донесува во рок од три дена. Доколку жалбата на подносителот е уважена, Комисијата го известува ова лице за податоците од став 2 од овој член.

V Подготвителна настава

Член 9

(1) Академијата организира подготвителна настава за сите пријавени лица за прием во почетната обука најмалку 45 дена пред денот на одржувањето на приемниот испит.

(2) Целта на наставата е со симулација на одделните делови од приемниот испит кандидатите успешно и навремено да се подготват за полагање на приемниот испит со што се обезбедува начелото на јавност и еднаков и објективен пристап.

(3) Наставата се состои од предавања за најновите измени на наставните содржини што се предмет на квалификацискиот тест и испитот, полагање на тестовите што се содржина на испитот, решавање студии на случаи, практични излагања за организацијата, постапката на полагање и оценувањето на испитот, како и за целта и содржината на почетната обука во Академијата и начинот на воведување во судиско-обвинителската професија.

(4) Подготвителната настава ја спроведуваат предавачите на Академијата.

(5) Известувањето за датумот, местото и времето на одржување на подготвителната настава, како и деталната програма за наставата, се објавуваат на интернет-страницата на Академијата.

VI Начин на спроведување на приемниот испит

Член 10

Приемниот испит за почетната обука се организира најдоцна до 30 септември во годината во која Судскиот совет на Република Македонија и Советот на јавните обвинители на Република Македонија, земајќи го предвид вкупниот број на слободни места за судии и јавни обвинители во основните судови и во основните јавни обвинителства, како и проекцијата за потребите од местата што ќе се пополнуваат по завршување на почетната обука, донеле одлуки и го определиле вкупниот број слушатели на почетната обука и се состои од полагање на:

- квалификациски тест,
- психолошки тест,
- тест за интегритет, и
- испит.

VII Програма за приемен испит

Член 11

Програмата за приемен испит, согласно која се полага примениот испит, се објавува најмногу три месеци пред полагањето на приемниот испит, а ги опфаќа темите и библиографијата од кои се утврдуваат прашањата за одделите делови од приемниот испит и се обновува по потреба, согласно измените на домашното и меѓународното законодавство и практиката на домашните и меѓународните судови.

VIII Квалификациски тест

Член 12

(1) Квалификацискиот тест е анонимен и се полага по електронски пат со одговарање на определен број прашања во вид на решавање на електронски тест на компјутер пред Комисијата.

(2) Анонимноста на квалификацискиот тест се обезбедува со компјутерско шифрирање.

Член 13

(1) Квалификацискиот тест содржи сто прашања од кои:

- 20 од областа на кривичното право;
- 20 од областа на граѓанското право;
- 15 од областа на меѓународното право;
- 15 од областа на правото на ЕУ;
- 10 од областа на трговското право;
- 10 од областа на уставното право; и
- 10 од областа на управното право.

(2) Прашањата и понудените одговори ги подготвуваат предавачите на Академијата, определени од Управниот одбор на Академијата, при што за секоја област се изготвуваат најмалку 20 пати повеќе прашања од предвидениот број прашања за квалификацискиот тест.

(3) Предавачите од став 2 на овој член се должни да подготват по пет одговори за секое прашање, така што едниот е точен, два одговора се неточни, а се слични со точниот одговор, еден одговор не е точен во мал обем (на него се губат мал број поени) и еден одговор не е точен во голем обем (на него се губат поголем број поени).

(4) Предавачите од став 2 на овој член се должни да ја наведат библиографијата и литературата што ја користеле за изработка на прашањата и студиите на случај, а во смисла на член 14 од овој правилник.

(5) Подготвените прашања со понудените одговори имаат карактер на класифицирани информации со степен „интерно“ и со нив се постапува согласно Законот за класифицирани информации.

(6) Подготвените прашања се предаваат на Академија во електронска форма.

(7) Верификација на базите на прашања и базите на студии на случај врши Програмскиот совет на Академијата.

(8) Програмскиот совет врши ревизија и ажурирање на базите на прашања најмалку еднаш годишно, при што особено ги зема предвид промените на правните прописи на кои се засновани прашањата, бројот на кандидатите, успешноста на одговарањето и други критериуми што можат да влијаат на подобрување на квалитетот на базите на прашања.

Член 14

(1) Прашањата содржани во тестовите за полагање на испитот и нивните одговори се чуваат во единствениот електронски систем за полагање на квалификацискиот тест.

(2) Електронскиот систем содржи и јавно достапна база од најмалку 2.000 прашања од областа на утврдените предмети, за потребите на подготовка за испитот. Најмалку 50 проценти од прашањата се од стручна литература што е во употреба на највисоко рангираните сто високообразовни установи од правните науки во светот, рангирани на последната објавена листа на Центарот за универзитети од светска класа при Универзитетот „Џијао Тонг“ во Шангај.

(3) Прашањата се објавуваат јавно и се обновуваат еднаш годишно, а по потреба и повеќепати заради изменување и дополнување на базата на прашања. Прашањата можат да бидат неформално преведени и на други јазици.

Член 15

Квалификацискиот тест се спроведува на начин предвиден во член 71 и член 74 од Законот.

Член 16

(1) Квалификацискиот тест се оценува со оценка од „1“ до „10“, а оценката се добива на начин што бројот на освоени бодови се дели со 10.

(2) На тестот можат да се освојат најмногу 100 бода.

(3) Точниот одговор на секое прашање се бодува со 1 бод, одговорите што се неточни, а се слични на точниот одговор, се бодуваат со 0 бодови, одговорот што не е точен во мал обем се бодува со -0,5 бод, додека одговорот што не е точен во голем обем се бодува со -1 бод, при што секое одделно прашање од тестот може да се одговори со селектирање на само еден од петте понудени одговори.

(4) Неодговарањето на секое прашање се бодува со -1 бод.

(5) Се смета дека пријавеното лице кое добило оценка „4“ или пониска оценка на квалификацискиот тест не го положило квалификацискиот тест и нема право да го полага психолошкиот тест, тестот за интегритет и испитот.

Член 17

(1) Резултатите од квалификацискиот тест му се достапни на кандидатот, на компјутерот на кој го полага испитот, веднаш по неговото завршување, а се објавуваат и на официјалната интернет-страница и огласна табла на Академијата по завршувањето на квалификацискиот тест.

(2) Незадоволниот кандидат од постигнатите резултати на квалификацискиот тест, во рок од три дена од објавувањето на резултатите на официјалната интернет-страница и на огласната табла на Академијата, има право на приговор до Комисијата, која е должна да одлучи во рок од два дена по приемот на приговорот, а против одлуката на Комисијата кандидатот има право на жалба до Управниот одбор на Академијата во рок од осум дена од денот на приемот на одлуката.

(3) На седницата на Управниот одбор на Академијата на која се разгледува жалбата на кандидатот од став 2 на овој член учествува и претседателот на Комисијата или член кој ќе го определи тој, без право на глас.

(4) Управниот одбор на Академијата со одлука ја уважува или ја одбива жалбата на кандидатот, а ги отфрла ненавремените жалби. Примерок од одлуката се доставува до кандидатот.

(5) Доколку Управниот одбор ја уважи жалбата на кандидатот, ќе ја задолжи Комисијата да изврши повторно прегледување и оценување на квалификацискиот тест на кандидатот.

(6) Врз основа на одлуките на Управниот одбор по жалбите, Комисијата ја објавува ранг-листата со конечните резултати на кандидатите кои го полагале квалификацискиот тест.

IX Психолошки тест и тест за интегритет

Член 18

(1) Психолошкиот тест се спроведува врз основа на меѓународно признати психолошки тестови за вршење на функцијата судија или јавен обвинител.

(2) Психолошкиот тест има цел, по пат на проверка на социјалните способности, да ги афирмира кандидатите за вршење на функцијата судија и јавен обвинител.

(3) За потребите на интегративната психолошка проверка на пријавените кандидати, со цел нивна селекција при полагање на приемниот испит во Академијата, ќе се користат структурирани психолошки тестови што ги изготвуваат и ги спроведуваат стручни лица кои ги ангажира Академијата од независна и целосно акредитирана професионална институција определена со одлука на Управниот одбор на Академијата согласно Законот за јавни набавки.

(4) Видот, поблиската содржина, бројот на зададените задачи, времетраењето на полагањето на секој од одделните тестови и критериумите за оценувањето, ги определува овластената институција со свој интерен акт, согласно психолошката наука и практика.

(5) Психолошкиот тест се состои од:

- Прашалник за однос кон работата, што има цел да го утврди односот на кандидатот кон извршувањето на работните задачи.

- Тестови на когнитивни способности (вербални и невербални) со кои се мерат способностите на кандидатот за апстрактно резонирање и логичко расудување.

- Тест на личност со цел да се опишат определени лични карактеристики релевантни за успешно вршење на дејноста.

(6) Тестот за интегритет се заснова врз постојните етички и професионални кодекси за вршење на функцијата судија или јавен обвинител, а цел му е проверка на етичките и моралните вредности на кандидатот за вршење на функцијата судија или јавен обвинител.

(7) Тестот за интегритет се состои од:

- Тест што се спроведува во писмена форма и анонимно, врз основа на стандардно утврдена листа на прашања; и

- Себепроцена (self assessment), чијашто цел е проверка на процената на кандидатот за конкретните состојби.

(8) Академијата е должна, при спроведување на приемниот испит, а особено при спроведување на психолошкиот тест и тестот за интегритет, да се грижи за заштита на личните податоци, угледот и достоинството на кандидатите, односно да ги обработува и да ги чува личните податоци на кандидатите согласно со Законот за заштита на личните податоци.

Член 19

(1) Списокот на кандидати за полагање на психолошкиот тест и тестот за интегритет го подготвува Академијата под испитни шифри.

(2) Овластената институција, тестовите од став 1 на овој член ги спроведува согласно начелата на приемниот испит од член 61 став 2 од Законот, со целосно почитување на објективноста и анонимноста на тестовите, а согласно техниката на спроведување, определена за постапката за спроведување на квалификацискиот тест и на испитот.

(3) Роковите за полагање на психолошкиот тест и тестот за интегритет, како и роковите за доставување на резултатите од нив, овластената институција ги определува во согласност со Комисијата, согласно динамиката за полагање на одделните делови на приемниот испит, а во рамките на законските рокови за организирање на приемниот испит.

Член 20

(1) При полагањето на психолошкиот тест и тестот за интегритет кандидатите не смеат да користат какви било електронски средства, средства за комуникација или друг вид помагала.

(2) Во текот на полагањето кандидатите не смеат да го нарушуваат редот на полагањето и на кој било друг начин не смеат да ги попречуваат другите кандидати во полагањето на тестот.

(3) За време на полагањето на тестовите од став 1 на овој член не е дозволено напуштање на просторијата во која се одвива полагањето од страна на кандидатите, освен во случај на итност, при што ќе бидат придружувани од овластените лица кои вршат надзор над полагањето на тестот.

(4) Доколку кандидатот постапи спротивно на став 1, 2 и 3 на овој член, ќе биде отстранет од полагањето, неговиот тест ќе биде поништен и тој нема да биде предмет на разгледување и оценување, со што се смета дека не го положил психолошкиот тест или тестот за интегритет што записнички се констатира.

Член 21

(1) Психолошкиот тест, овластената институција го оценува со оценка: „задоволува“ и „не задоволува“.

(2) Тестот за интегритет, овластената институција го оценува со оценка: „задоволува“; „делумно задоволува“ и „не задоволува“.

(3) Се смета дека пријавеното лице кое добило оценка „не задоволува“ на психолошкиот тест не го положило психолошкиот тест и нема право да го полага тестот за интегритет и испитот.

(4) Се смета дека пријавеното лице кое добило оцена „не задоволува“ на тестот на интегритет не го положило тестот за интегритет и нема право да го полага испитот.

(5) Оценките од психолошкиот тест и тестот за интегритет, овластената институција ги доставува на протокол изработен од Академијата, до Комисијата која врши верификација на оценките од тестот за интегритет со мнозинство гласови од вкупниот број членови. Оценките од тестовите се објавуваат на огласната табла и на интернет-страницата на Академијата.

Член 22

Против резултатите од психолошкиот тест и тестот за интегритет не е дозволен посебен приговор.

Член 23

Кандидатите кои добиле оценка „делумно задоволува“ или „задоволува“ на тестот за интегритет стекнуваат право да полагаат испит, за што Комисијата изготвува список што се објавува на интернет-страницата и на огласната табла на Академијата.

Член 24

(1) Овластената институција има обврска за секој испитен циклус да ги ажурира прашањата од психолошките тестови и тестот за интегритетот.

(2) Сите податоци во врска со подготовката, спроведувањето и оценувањето на тестовите имаат карактер на класифицирани информации со степен „интерно“ и со нив Академијата и овластената институција постапуваат согласно Законот за класифицирани информации.

(3) Академијата ѝ дава техничко-административна помош на овластената институција при спроведувањето на психолошкиот тест и тестот за интегритет.

(4) За својата работа во врска со спроведувањето, оценувањето и заштитата на сите податоци, како и на тестовите што се сопственост на Академијата, овластената институција одговара пред Управниот одбор на Академијата.

(5) Меѓусебните права и обврски во врска со користењето и чувањето на отстапените тестови, сопственост на Академијата, на која ѝ е отстапена лиценцата за меѓународните тестови, се определуваат со меѓусебен договор, а во согласност со Законот.

X Испит

Член 25

(1) Испитот се полага во рок од седум дена од објавувањето на конечните резултати од тестот за интегритет.

(2) Право да го полагаат испитот имаат кандидатите кои го положиле квалификацискиот тест, психолошкиот тест и тестот за интегритет.

(3) Испитот како цел има проверка на севкупните правни знаења и способности на кандидатите за прием и посетување на програмата за почетна, а се состои од:

- Практичен дел; и
- Устен дел.

Член 26

Испитот се спроведува на начин предвиден во член 77 став 2 и 3, член 79, член 81, 82, 84 и 85 од Законот.

Член 27

(1) Испитот се оценува со оценка од „1“ до „10“, при што 1 бод е еднаков на оценка 1, а 10 бода се еднакви на оценка 10.

(2) Писмениот дел од испитот се оценува со оценка од 0 до 8 бодови.

(3) Се смета дека кандидатот кој добил оценка „4“ или пониска оценка не го положил испитот.

(4) Секоја студија на случај се решава со нејзино проучување и одговарање на осум прашања, што произлегуваат од студијата, со понудени десет можни опции на одговори од кои едната е точна, пет се слични со точниот, а неточни и четири се различни од точниот, а неточни.

(5) Точниот одговор на секое прашање се бодува со 0,5 бод, одговорите што се слични со точниот одговор се бодуваат со 0 бодови, а различните се бодуваат со -1 бод, при што секое одделно прашање од тестот може да се одговори со селектирање на само еден од десетте понудени одговори.

(6) Неодговорено прашање се бодува со -1 бод.

Член 28

(1) Врз основа на добиените резултати од двата дела на испитот, Комисијата изготвува прелиминарна ранг-листа и ја објавува најдоцна во рок од 48 часа по завршување на полагањето на испитот.

(2) За оценувањето на испитот и утврдените резултати, Комисијата составува посебен записник што го потпишува претседателот на Комисијата и секретарот.

(3) Прелиминарната ранг-листа се објавува на огласната табла и на интернет-страницата на Академијата.

Член 29

(1) Незадоволниот кандидат од добиената оценка на испитот има право на приговор согласно член 88 од Законот.

(2) По правосилноста на одлуката од член 88 од Законот, Комисијата ја објавува ранг-листата со конечните резултати на кандидатите кои го полагале испитот.

Член 30

(1) Збирот на оценката од квалификацискиот тест и испитот ја претставува конечната оценка на приемниот испит.

(2) Врз основа на оценките од став 1 од овој член, Комисијата утврдува ранг-листа на слушатели на почетна обука што ја објавува на интернет-страницата и на огласната табла на Академијата.

Член 31

(1) Приемот на кандидатите кои ќе бидат слушатели на почетната обука во Академијата се врши врз основа на редоследот на успехот на ранг-листата до пополнување на предвидениот број слушатели утврдени со одлуките од член 56 став 2 од Законот.

(2) Доколку применитот кандидат се откаже од почетната обука, должен е за тоа да ја извести Академијата најдоцна 15 дена пред почетокот на теоретската настава.

(3) Во случајот од став 2 на овој член, Академијата го пополнува тоа слободно место со првиот нареден кандидат од конечната ранг-листа на слушатели на почетна обука.

XI Начин на постапување со испитните документи и нивно чување

Член 32

(1) Квалификацискиот тест, материјалите од испитот, образецот за пополнување на одговорите и сите други значајни испитни списи и материјали, предадени од кандидатот и изготвени од Комисијата, ќе бидат приклучени кон персоналното досие на успешните кандидати во Академијата и со нив се постапува согласно со Законот за заштита на личните податоци и Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, а се чуваат според правилата за архивско работење.

(2) Управниот одбор на Академијата врши ревизија на начинот на спроведување на приемниот испит и доколку утврди постапувања спротивни на одредбите на овој закон, го поништува оној дел од испитот каде што се утврдени нерегуларности.

(3) На кандидатите кои не го положиле тестот им се враќаат документите приложени кон пријавата, а нивните тестови и другите испитни материјали, како и снимките од електронскиот испит се чуваат во архивата според правилата за архивско работење.

XII Завршни одредби

Член 33

(1) Овој правилник се објавува во „Службен весник на Република Македонија“ и на интернет-страницата на Академијата.

(2) Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе почне да се применува со почнувањето на примена на Законот за Академијата за судии и јавни обвинители („Службен весник на Република Македонија“ број 20/2015).

Бр. 02-228/9
27 април 2015 година
Скопје

Академија за судии и
јавни обвинители „Павел Шатев“
Претседател на Управен одбор,
Лилјана Спасоска, с.р.

2549.

Врз основа на член 13 став 1 алинеја 1 и член 66 став 2 од Законот за Академијата за судии и јавни обвинители („Службен весник на Република Македонија“ број 20/2015) Управниот одбор на Академијата на седницата одржана на 27.4.2015 година, донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА ПОЧЕТНА ОБУКА

I Општи одредби

Член 1

(1) Со овој правилник се уредуваат заедничките правила за траењето, статусот, правата и обврските на слушателите на почетната обука (во понатамошниот текст: слушатели), како и правата и обврските на предавачите и менторите во текот на теоретскиот и практичниот дел од почетната обука.

(2) Целта на теоретската настава во Академијата е кај слушателите да развие пошироко општо знаење од материјалното и процесното домашно и меѓународно право и правото на Европската унија од практичен аспект, развивање на техничките специфичности за судиско-обвинителската професија, способноста за логично размислување, запознавање со социјалните, културните и економските аспекти на правото, како и отвореноста кон социјалната средина со практицирање на соодветни модули во судот и јавното обвинителство и другите институции.

(3) Целта на практичната настава е продлабочување на знаењата и вештините што слушателите ги добиле во првата фаза, развивање на практичните судиско-обвинителски вештини, согласно со стандардите за квалитет и ефикасност, јакнење на чувството на одговорност, способностите за водење процес, донесување одлуки и нивно образложение, како и способноста за етичко извршување на функцијата судија или јавен обвинител.

(4) Целите на теоретската и практичната настава во Академијата се остваруваат согласно со програмата за почетна обука што ја сочинуваат програмата за теоретска настава и програмата за практична настава.

II Статус на слушателите на почетната обука

Член 2

(1) При приемот во почетната обука, слушателите на почетната обука, пред директорот на Академијата, даваат свечена изјава за почитување на правилата предвидени со општите акти на Академијата и за чување на доверливите податоците за конкретни судиски и обвинителски предмети, што ќе ги стекнат во текот на обуката во Академијата.

(2) Слушателите на почетна обука добиваат академска легитимација што им служи за легитимирање како слушател на соодветната генерација пред органите и институциите, каде што се одвиваат активностите од почетната обука.

(3) Формата и содржината на оваа академска легитимација ја утврдува директорот на Академијата со посебна одлука.

(4) Слушателот што ја завршил почетната обука стекнува статус на кандидат за судија или јавен обвинител, за што му се издава уверение за завршена почетна обука, што содржи оценка за секоја фаза од обуката и завршната оценка.

III Права и обврски на слушателите

Член 3

Во текот на траењето на почетната обука, на слушателите им се гарантирани следните права:

- Засноваат работен однос на определено време со Академијата за периодот на спроведување на почетната обука до изборот на кандидатот за судија или јавен обвинител, за судија во основен суд, односно за јавен обвинител во основно јавно обвинителство;
- За времетраењето на работниот однос, слушателот има право на плата во износ од платата на виш судски советник во основен суд и други надоместоци од плата согласно со Законот;
- Користат годишен одмор согласно Законот за работни односи во текот на судската ферија со тоа што точните термини на годишниот одмор се определуваат од страна на Академијата за секоја одделна генерација и сите слушатели го користат во исто време;
- Користат пет работни дена платено отсуство по завршување на теоретската настава и практичната настава заради подготовка за полагање тест и завршен испит;
- Во случај на користење на породилно отсуство или друг вид боледување се постапува согласно член 93 став 4 и 5 од Законот;
- Ефективна обука за стекнување знаења и вештини неопходни за извршување на судската и обвинителската професија;
- Навремено информирање за сите релевантни прашања што се однесуваат на одвивањето на почетната обука;
- Континуирано вреднување на стекнатите знаења и вештини според единствени критериуми и елементи;
- Користење на библиотеката, наставните материјали, опремата и просториите според утврдените правила на Академијата или на соодветната институција, каде што се изведува обуката;
- Писмено евидентирање на редовноста, активноста, степенот на исполнување на наставните задачи, на оценките и бодовите од страна на одделниот предавач или ментор во евидентните дневници;
- Оценување на секој предавач и ментор на крајот на секој дел од наставата, според евалуациските листи, изготвени од Академијата, што се доставуваат до стручната служба на Академијата;

- Доставување сугестии, предлози и прашања што се од значење за реализирањето на наставата: до предавачите, менторите и стручната служба на Академијата.

Член 4

Слушателите на почетната обука ги имаат следните обврски:

- Редовно и навремено посетување на наставата, согласно со распоредот на часови и распоредот за спроведување на практичната настава;
- Активно учество и навремено извршување на задачите зададени од страна на предавачите или од менторите, согласно со овој правилник и програмите за теоретска и за практична настава;
- Почитување на правилата предвидени со општите акти на Академијата, како и на институциите каде што се изведува практичниот дел од обуката;
- Чување, како доверливи информации, на податоците од судските, обвинителските и од другите предмети што ќе ги сознаат во текот на обуката во Академијата и во институциите каде што се изведува практичната настава;
- Домаќинско ракување со инвентарот, опремата, книгите, наставните материјали на Академијата и институциите за практична обука, како и пријавување на секое уочено нивно оштетување.

IV Отсуства од наставата

Член 5

Отсуствата од наставата се регулираат согласно Законот за Академијата за судии и јавни обвинители, прописите за здравствено осигурување и прописите за работни односи.

V Траење и содржина на почетната обука

Член 6

(1) Почетната обука опфаќа примена на материјалните и процесните закони, судиската и јавнообвинителската практика и етика, меѓународните правни стандарди, научните и стручните трудови во областа на домашното и меѓународното право, како и вештините на судиската и јавнообвинителската функција.

(2) Почетната обука за слушателите трае 24 месеци и се одвива во две фази:

- прва фаза – теоретска настава во Академијата во траење од девет месеци; и
- втора фаза – практична настава во судовите и јавните обвинителства и други институции, согласно со програмата за почетна обука во траење од 15 месеци. Во рамките на втората фаза од обуката кандидатите задолжително поминуваат едномесечно стажирање во меѓународен суд што се определува посебно за секој слушател со одлука на Управниот одбор на Академијата.

(3) Судот, односно јавното обвинителство, во кој слушателот ќе ја посетува втората фаза од почетната обука се одредува регионално, според апелациското подрачје во кое слушателот има живеалиште, односно престојувалиште.

1. ТЕОРЕТСКА НАСТАВА

Член 7

(1) Теоретската настава се изведува во просториите на Академијата, во работни денови и во текот на работното време.

(2) По потреба, а во согласност со наставните програми, наставните планови и распоредот на часови, теоретската настава може да се изведува и надвор од Академијата, како и по завршувањето на работното време и во неработни денови.

(3) Времетраењето на еден наставен час изнесува 45 минути.

(4) Дневната настава што се одржува во Академијата, почнува во девет часот и по правило трае седум часа, со паузи меѓу часовите во траење од по 15 минути и пауза за ручек во траење од 45 минути.

(5) Вкупниот број часови во теоретската настава изнесува 1.056 часа, од кои околу 50% се практичен дел. Конкретниот сооднос на теоретскиот и на практичниот дел по секој одделен предмет е регулиран со Програмата за теоретска настава, а детално определен со распоредот на часови.

VI Предмет и содржина на теоретската настава

Член 8

(1) Во текот на теоретската настава се изучуваат и се обработуваат правни, општи и специјални предмети, како и други предмети определени со Програмата за теоретска настава.

(2) **Правни** предмети се: кривично право, граѓанско право, трговско право, уставно право, управно право, меѓународно право и право на Европската унија.

Општи предмети се: комуникациски вештини, управување со предмети, односи со јавноста, информатички технологии со правно пребарување, реторика, етика, деловна култура и деонтологија и англиски јазик.

Специјални предмети се: криминалистика, судска медицина, судска психологија и судска психијатрија.

(3) Бројот на часови за секој наставен предмет, како и вкупниот број часови, се определува во зависност од природата и сложеноста на материјата, како и значајноста за успешно извршување на судската и обвинителската професија и детално се определуваат во Програмата за теоретска настава.

(4) Сите предмети што се изучуваат во теоретската настава се поделени во три модули, што се изучуваат последователно.

(5) Распореденоста во модулите е извршена на следниот начин:

<u>Модул 1:</u>
Граѓанско право
Трговско право
Уставно право
Управно право
Информатички технологии и правно истражување

<u>Модул 2:</u>
Казнено право
Криминалистика
Судска медицина

Судска психијатрија
Комуникациски вештини, управување со предмети и односи со јавноста
Англиски јазик

Модул 3:
Меѓународно право
Право на ЕУ
Етика, деловна култура и деонтологија
Судска психологија

(6) При определување на степенот на застапеноста на одделните области и теми се обезбедува соодветен однос меѓу правните теми и комплементарните теми (социолошки, културолошки), што овозможува учесниците да стекнат мултидисциплинарен пристап на проблемите на современото општество.

Член 9

(1) Видот и бројот на предметите, темите и поттемите и бројот на наставни часови за секој предмет од член 8 од овој правилник, се определуваат со Програмата за теоретска настава, што ја подготвува Програмскиот совет на Академијата, а се ревидира и се усвојува за секоја нова академска година на почетна обука согласно со актуелните измени во законодавството и практиката.

(2) Теоретската настава ја реализираат предавачи. Доколку за еден наставен предмет, согласно со Програмата за теоретска настава, обуката ја изведуваат повеќе предавачи, тие сочинуваат предавачки тим. Секој предавачки тим од своите редови избира координатор. Целокупната работа на сите предавачи, вклучувајќи ги и координаторите, ја координира програмски координатор, кој се избира од редот на предавачите во Академијата.

(3) Програмскиот координатор е задолжен за утврдување на методологијата за работа и определување на формите на оценување. Исто така врз основа на Програмата за теоретска настава, програмскиот координатор во координација со директорот на Академијата, изготвува Годишен распоред на часови, а врз основа на овој распоред стручната служба изработува Месечен распоред на часови, што се објавува на огласната табла и на интернет-страницата на Академијата.

VII Организација и методологија

Член 10

(1) Заради остварување на целите од член 1 на овој правилник, предавачите се должни во реализацијата на часовите да применуваат методолошки плурализам – комбинација од теоретски и практичен пристап, во соодност 50:50.

(2) Теоретскиот дел од наставата може да се реализира преку следните наставни методи и техники:

- предавања со материјали и примери од практиката;
- континуирано интерактивно учество на слушателите на часовите на дебати и дискусии;
- компаративни предавања од предавачи-гости;
- компаративни примери од правните системи на другите држави;
- употреба на опремата за видеопренос за директно следење на судењата; и
- други методи и техники по наоѓање на предавачот.

(3) Практичниот дел од наставата може да се реализира преку следните наставни методи и техники:

- индивидуални и групни тестови и вежби;
- анализа и решавање на вистински и хипотетички случаи;
- учество во симулирани случаи со играње улоги;
- изработка на процесни акти и други писмена;
- индивидуална и групна изработка на есеи за актуелни правни состојби и проблеми;
- анализа на постојни закони или законски предлог-текстови;
- подготовка на извештаи, воведни и завршни зборови и други усни презентации;
- учество во истражните дејства преземени од јавниот обвинител и од правосудната полиција;
- посети на државни и на други органи и институции по избор на предавачот, поврзани со конкретно обработуваната тема;
- учество во континуираната обука организирана од Академијата, од други институции или од НВО;
- учество во програмите за размена организирани од другите институции за обука во Европа и во светот и од европските и меѓународни тренинг-мрежи (Lisbon network и EJTN – Europian Judicial Training Network);
- други методи по избор на предавачите, со кои ќе се стимулира интерактивно учество.

VIII Обврски на предавачите

Член 11

Предавачите во текот на теоретската настава се должни:

- редовно да ги одржуваат часовите согласно со објавениот распоред на часови, а во случај на спреченост, однапред, навремено да ја известат стручната служба на Академијата заради непречено одвивање на наставата;
- да водат и со свој потпис да ја заверуваат писмената евиденција во евидентниот дневник;
- да ги стават на располагање на Академијата за потребите на наставата сите наставни материјали;
- навремено, пред почетокот на обуката, да ги достават до Академијата потребните наставни материјали заради дистрибуирање до слушателите;
- да ги оценат зададените писмени работи (есеи) и домашни задачи;
- да подготват соодветен број прашања за подготовка на тестот за проверка на знаењето, што се спроведува по завршувањето на теоретската настава;
- да подготват база на прашања за студиите на случај и база на усни прашања за полагање на завршниот испит на слушателите;
- за своите предлози и сугестии и за предлозите и сугестиите на слушателите во врска со наставата, да ја известуваат стручната служба на Академијата;
- да ги комбинираат часовите со практична работа во проценти од најмалку 50% со обработка на случаи од домашната практика (првостепените, а особено одлуките и ставовите на повисоките судови и практиката на други национални правосудства и на меѓународните судови);

- да охрабруваат и да провоцираат активна партиципација на слушателите, да ги стимулираат нивните творечки капацитети, да развиваат натпреварувачки амбиент со цел подобрување на знаењата;

- однапред да ја најавуваат тематската целина заради навремена подготовка на учесниците за активно учество;

- да одберат модерни наставни методи за теоретската настава со употреба на современи наставни техники, видеопрезентации, филмови, „Пауер поинт“ и др.;

- писмено да ги евидентираат активностите на секој слушател и да ги оценуваат согласно со одредбите за оценување од овој правилник.

Член 12

Писмената евиденција, содржана во евидентниот дневник, од член 11 став 1 алинеја 2 опфаќа:

- опис на секој одржан час преку наведување на: обработуваната тема, содржина на активноста, применетите наставни методи и техники, употребените работни материјали;

- присутност или отсутност на секој слушател на секој наставен час или друг вид активност.

IX Начин на оценување

Член 13

(1) Оценувањето на постигнатиот успех во теоретската настава на слушателот се врши со тест за проверка на знаењето што се спроведува по завршување на сите модули од теоретската настава, како и континуирано во текот на наставата преку оценување на есеите и на домашните работи.

(2) Тестот од став 1 од овој член содржи определен број прашања и студии на случај од секој предмет, согласно бројот на часови предвидени за тој предмет во Програмата за теоретска настава.

(3) Прашањата и студиите на случаи за тестот ги подготвуваат предавачите кои ги реализирале часовите во текот на теоретската настава, додека верификација на прашањата за тестот врши Програмскиот совет.

(4) Темите за домашните работи и есеите ги определува предавачот кој го предава конкретниот предмет, односно предавач од предавачкиот тим кој ќе биде определен со распоредот на часови.

Член 14

(1) Предмет на евалуација ќе бидат следните компоненти:

- степенот на инволвираност на слушателите во процесот на учење;

- прогресот во стекнување и зголемување на теоретските знаења, (информацијата), но и проверка на способноста за нивна примена во практиката (know how);

- способноста за писмено изразување (изработка на процесни акти) и усно изразување (аргументација);

- способноста за логично мислење и оцена на доказите, за разграничување на фактичките од правните прашања;

- способноста за одлучување;

- комуникациските способности;

- должностите и ставовите кон улогата на судија и јавен обвинител во општеството и односите со другите учесници во постапката;

- односот кон исполнување на етичките стандарди на професијата.

(2) Проверувањето и оценувањето ќе се врши преку следните форми за проверување на оспособеноста на слушателите:

- тест за проверка на знаењето/оспособеноста за практична примена и толкување на законите за изучените тематски целини, што се спроведува на крајот на теоретската настава;

- писмени вежби на часовите – есеи (написи за актуелни правосудни теми, изработка на пресуди и други процесни акти, анализа на хипотетички случаи);

- домашни работи (на теми поврзани со судско-обвинителската професија, извештаи од посети на институции, извештаи за учеството на семинари во Академијата и надвор од неа, извештаи од студиски посети во Република Македонија и во странство, како и други видови на дополнителни активности).

Член 15

(1) Оценувањето на слушателите се изразува квантитативно преку бодови.

(2) Бодовите што може да ги добие секој слушател за секој одделен предмет претставуваат збир од бодовите што се добиваат од тестот за проверка на знаење, домашната задача и есејот.

(3) Бодовите од тестот за проверка на знаење однапред се определени во Прегледот на бодови според бројот на часови утврдени за тој предмет, согласно со Програмата за теоретска настава, при што 44 часа се еднакви на 1 бод.

(4) За секоја домашна работа и есеј по секој предмет слушателите можат да добијат најмногу по 0,40 бода.

(5) Бодовите што можат да се добијат за секој одделен предмет, односно група предмети, критериумите според кои се добиваат, како и начинот на оценување и пресметување на конечните бодови од теоретската настава се определени со овој правилник.

Член 16

(1) За секоја генерација слушатели, пред почнување на теоретската настава, со Месечниот распоред на часови се определуваат темите, областите и термините во кои ќе бидат спроведени:

- писмените вежби/есеи,

- домашните работи,

- предавачите кои ќе ги спроведат, притоа водејќи сметка за соодветна застапеност на наведените активности во сите делови од конкретниот предмет.

(2) Конкретната тема за секоја од наведените форми за проверување на оспособеноста на учесниците ја определува предавачот што ја реализира темата.

Член 17

(1) Во вкупниот успех на слушателите што ја следеле почетната обука, успехот постигнат во текот на теоретската настава се вреднува со најмногу 30 бода и се изразува во броеви до втората децимала.

(2) За да се смета дека слушателот успешно ја завршил теоретската настава треба да освои најмалку 21 бод: најмалку 19 бода од тестот и најмалку два бода од есеите и домашните работи.

Член 18

(1) Конечните бодови од теоретската настава учесниците ги добиваат според следите критериуми што носат определен процент на бодови:

- преку тест за проверка на знаењето – до 24 бод;
- преку писмени работи – есеи – до 3 бода; и
- преку домашните работи – до 3 бода.

Тест за проверка на знаењето

Член 19

(1) Тестот за проверка на знаењето на слушателите се полага на крајот на теоретската настава.

(2) Во тестот се опфаќаат сите модули што се изучувани во текот на теоретската настава и содржи прашања поврзани со материјата што се обработувала во текот на теоретската настава и практичните случаи за решавање.

(3) Тестот се полага електронски. Во просторијата во која се полага тестот присуствуваат координаторите на секој предавачки тим и две лица од редот на административните службеници вработени во Академијата од кои едно е информатичар кој се грижи за функционирање на компјутерската опрема.

(4) Пред почетокот на полагањето слушателот добива пристапен код, односно лозинка, со кој му се одобрува пристапот во електронскиот систем за полагање на тестот.

(5) Еден од координаторите на предавачките тимови го објаснува начинот на решавање на тестот и го објавува неговиот почеток.

(6) Полагањето на тестот трае 250 минути.

(7) По одобрувањето на пристапот, слушателот добива електронски тест, чијашто содржина, во моментот на логирање на слушателот, по случаен избор ја одредува софтверот на електронскиот систем.

(8) Електронскиот систем за полагање на тестот не може да дозволи постоење на идентична содржина на електронскиот тест за повеќе од еден слушател.

(9) Резултатите од полагањето на тестот му се достапни на слушателот на компјутерот на кој го полагал тестот, веднаш по неговото завршување.

(10) Резултатите од тестот се објавуваат на интернет-страницата и на огласната табла на Академијата.

Член 20

(1) За текот на полагањето на тестот, лицето од редот на вработените административни службеници во Академијата, задолжено од директорот на Академијата, води записник во кој се забележуваат сите дејства преземени во текот на целата постапка на полагањето на тестот, што го потпишуваат сите присутни за време на полагањето.

Член 21

(1) При полагањето на тестот, слушателите не смеат да користат какви било електронски средства, средства за комуникација или друг вид помагала, вклучувајќи и закони, закони со коментар и објаснување, претходно подготвени предмети, правни документи, пишуван материјал или друг извор за информации.

(2) За време на тестот не е дозволено напуштање на просторијата во која се одвива полагањето од страна на слушателите, освен во случај на итност, при што ќе бидат придружувани од овластените лица кои вршат надзор над полагањето на тестот.

(3) На слушателот за време на полагањето на испитот не му се дозволува да контактира со други слушатели или лица, освен со информатичарот, во случај доколку има технички проблем со компјутерот.

(4) Ако техничките проблеми со компјутерот бидат отстранети за пет минути испитот продолжува, а доколку не бидат отстранети во овој рок, испитот само за тој кандидат се прекинува и ќе се одржи во рок од најмногу три дена од денот на прекинувањето на испитот.

(5) Ако има проблеми со повеќе од пет компјутери и тие не бидат отстранети во рок од пет минути, испитот се прекинува за сите кандидати кои го полагаат испитот и ќе се одржи во рок од најмногу три дена од денот на прекинувањето на испитот.

(6) Доколку слушателот при полагањето на испитот постапува спротивно од став 2 и 3 од овој член, ќе биде отстранет од полагањето, неговиот тест ќе биде поништен и тој нема да биде предмет на разгледување и оценување, со што се смета дека не го положил тестот и тоа се констатира во записникот за полагање на тестот.

(7) Овластените лица од член 19 став 3 на овој правилник, за време на полагањето на испитот, не смеат да се задржат подолго од пет секунди во непосредна близина на кандидатот кој го полага испитот, освен во случај на отстранување на технички проблем од став 5 од овој член кога информатичарот не смее да се задржи подолго од пет минути.

Член 22

(1) На тестот можат да се освојат најмногу 24 бода, од кои 9,6 бода од прашањата и 14,4 бода од студиите на случај.

(2) Бројот на прашањата и практичните случаи за решавање зависи од бодовите што ги носи тој предмет, а ќе се определува на следниот начин:

- За предметите/целините што носат 0,5 бода, тестот содржи 3 прашања поврзани со целиот материјал што се предавал во теоретскиот дел, од кои едно се однесува на практичен случај за решавање;
- За предметите/целините што носат 1 бод, тестот содржи 6 прашања поврзани со целиот материјал што се предавал во теоретскиот дел, од кои две се однесуваат на практични случаи за решавање;
- За предметите/целините што носат 1,5 бода, тестот содржи 9 прашања поврзани со целиот материјал што се предавал во теоретскиот дел, од кои три се однесуваат на практични случаи за решавање;
- За предметите/целините што носат 5,5 бода, тестот содржи 33 прашања поврзани со целиот материјал што се предавал во теоретскиот дел, од кои единаесет се однесуваат на практични случаи за решавање;
- За предметите/целините што носат 6,0 бода, тестот содржи 36 прашања поврзани со целиот материјал што се предавал во теоретскиот дел, од кои дванаесет се однесуваат на практични случаи за решавање.

(3) За секое прашање се понудени три одговори, од кои еден е точен, еден е неточен, а еден е точен по помал обем.

(4) Точниот одговор на секое прашање се бодува со 0,10 бода, одговорот што е точен по помал обем се бодува со 0,05 бода, а одговорот што не е точен се бодува со 0 бодови. Неодговарањето на секое прашање се бодува со -0,10 бода.

(5) Секој практичен случај за решавање содржи по три прашања, а за секое прашање понудени се по три одговори, од кои еден е точен, еден е неточен, а еден е точен по помал обем.

(6) Точниот одговор на секое прашање се бодува со 0,10 бода, одговорот што е точен по помал обем се бодува со 0,05 бода, а одговорот што не е точен се бодува со 0 бодови. Неодговарањето на секое прашање се бодува со -0,10 бода.

(7) Се смета дека слушателот кој добил помалку од 19 бода на тестот не го положил тестот и не ја завршил успешно практичната настава.

Писмени работи (есеи)

Член 23

(1) Писмените работи (есеи) се оценуваат преку реализација на активностите предвидени во член 14 став 2 алинеја 2 од овој правилник.

(2) Писмените работи (есеи) се реализираат за време на часовите, во термини што се определени со годишниот распоред на часови.

(3) За секој одделен предмет/целина, во текот на теоретската настава на учесниците им се задава по една писмена работа што се оценува со оценка од 1 до 5, при што оценката 1 одговара на 0,08 бода, оценката 2 одговара на 0,12 бода, оценката 3 одговара на 0,16 бода и оценката 5 одговара на 0,20 бода.

(4) Проверката на писмената работа и оценката за неа ја дава предавачот што ја задал во рок од најмногу пет дена по зададената задача и резултатите ги објавува писмено во Академијата.

(5) Конечните бодови што ги освоил секој учесник според овој критериум ги пресметува стручната служба на Академијата на крајот на теоретската настава, на начин што се пресметува една аритметичка средна вредност од сите освоени бодови по секој одделен предмет.

Домашни работи

Член 24

(1) Домашните работи се оценуваат преку реализација на активностите предвидени во член 14 став 2 алинеја 3 од овој правилник.

(2) Домашните работи се реализираат надвор од наставните часови.

(3) За секој одделен предмет/целина, во текот на теоретската настава на учесниците им се задава по една домашна работа што се оценува со оценка од 1 до 5, при што оценката 1 одговара на 0,08 бода, оценката 2 одговара на 0,12 бода, оценката 3 одговара на 0,16 бода и оценката 5 одговара на 0,20 бода.

(4) Проверката на домашната работа и оценката за неа ја дава предавачот што ја задал во рок од најмногу пет дена по зададената задача и резултатите ги објавува писмено во Академијата.

(5) Конечните бодови што ги освоил секој учесник според овој критериум ги пресметува стручната служба на Академијата на крајот на теоретската настава, на начин што се пресметува една аритметичка средна вредност од сите освоени бодови по секој одделен предмет.

V Принцип на јавност

Член 25

(1) Начинот на бодирање и оценување на одделните активности на слушателите содржани во овој правилник, заради постигнување на уедначеност, ќе биде објавен во пакетот информации за слушателите, пред почетокот на наставата.

(2) Заради обезбедување јавност во оценувањето, предавачите, односно предавачките тимови, должни се навремено да ги објавуваат резултатите од зададените задачи.

Член 26

Пред почнување на наставата, Академијата е должна на огласната табла и на интернет-страницата на Академијата да го објави пакетот информации за:

- датумот на почетокот на теоретската настава;
- програмата за почетна обука-теоретска настава;
- правилникот за почетна обука;
- распоред на часови за соодветната генерација;
- составот на предавачките тимови во одделни предмети/целини; и
- други релевантни податоци во врска со теоретската настава.

2. ПРАКТИЧНА НАСТАВА

VI Содржина и траење на практичната настава

Член 27

(1) Содржината на практичната настава е определена во зависност од определеноста на слушателот за судија или за јавен обвинител, а нејзиното траење е определено во член 28 од овој правилник.

(2) Практичната настава се спроведува под насоки и упатства на менторите – судии и јавни обвинители, по правило во судовите и во јавните обвинителства.

(3) Практичната настава за слушателите почнува по завршување на теоретската настава во тековната година и трае 15 месеци, од кои слушателите задолжително поминуваат едномесечно стажирање во меѓународен суд. Конкретното времетраење на секој сегмент од практичната настава е определено во недели, согласно Програмата за практична настава, додека стажирањето во меѓународен суд се определува со одлука на Управниот одбор на Академијата.

(4) По завршувањето на практичната настава, во периодот од еден месец се спроведува подготовката за полагање на завршниот испит и се полага завршен испит.

(5) Подготовката за полагање на завршниот испит од претходниот став на овој член се состои од активности, определени од страна на менторите.

Член 28

(1) Практичната настава се изведува во основните судови со проширена надлежност, во апелациските судови, во основните јавни обвинителства со проширена надлежност и во вишите јавни обвинителства на четирите апелациски подрачја: Скопје, Битола, Штип и Гостивар и во Министерството за внатрешни работи (секторите за внатрешни работи или полициските станици).

(2) Траењето на практичната настава се определува во зависност од определеноста на слушателот за судија или за јавен обвинител.

Времетраењето на практичната настава за слушателот определен за судија е:

- десет месеци во основните судови (четири месеци на граѓанска материја и четири месеци на кривична материја),
- два месеца во апелациските судови (еден месец на граѓанска материја и еден месец на кривична материја),
- еден месец во основните јавни обвинителства,
- еден месец во меѓународен суд.

Времетраењето на практичната настава за слушателот определен за обвинител е:

- десет месеци во основните јавни обвинителства,
- еден месец во вишите јавни обвинителства,
- еден месец во основните судови (две недели на граѓанска материја, две недели на кривична материја),
- еден месец во Министерството за внатрешни работи (сектор за внатрешни работи), и
- еден месец во меѓународен суд.

(3) Времетраењето на практичната настава по одделни области во судовите и јавните обвинителства и во секторите за внатрешни работи, како и редоследот на практичната настава поблиску се уредува со Програмата и Распоредот за практична настава, што се изготвуваат за секоја генерација слушатели на почетна обука, а по определувањето на слушателите за професијата судија или обвинител. Стажирањето во меѓународен суд поблиску се уредува со одлука на Управниот одбор на Академијата.

VII Содржина на практичната настава на слушателите определени за судии

Член 29

(1) Практичната настава за кривично право се состои од: обука во судовите (основни и апелациски) и обука во основните јавни обвинителства.

(2) Обуката за кривично право во основните судови се состои од: надлежностите на судијата на претходна постапка, надлежностите во врска со оцена на обвинението, главна расправа, постапката кон малолетници и прекршочната постапка, а обуката во апелациските судови ја опфаќа постапката по редовни и вонредни правни лекови.

(3) Обуката за кривично право во основните јавни обвинителства се состои од претходната постапка (предистражна и истражна) и обвинувањето.

(4) Практичната обука за граѓанско право опфаќа: обука во основните судови и обука во апелациските судови.

(5) Обуката за граѓанско право во основните судови се состои од: парнична постапка, постапка по работни спорови, постапка по стопански спорови и стечајна постапка, а во апелациските судови, постапка по редовни и вонредни правни лекови.

VIII Содржина на практичната настава на слушателите определени за јавни обвинители

Член 30

(1) Практичната настава на слушателите определени за јавни обвинители опфаќа: обука во основните јавни обвинителства, обука во вишите јавни обвинителства, обука во основните судови (во граѓанска и кривична материја) и обука во Министерството за внатрешни работи.

(2) Практичната настава во основните јавни обвинителства се состои од: предистражна постапка, истражна постапка, обвинување, постапување на јавниот обвинител на главна расправа, постапување на јавниот обвинител во забрзаните и посебните постапки и постапката за спогодување, а во вишите јавни обвинителства постапката по редовните и вонредните правни лекови.

(3) Практичната настава во основните судови се состои од: главна расправа во кривична и граѓанската област.

(4) Практичната настава во Министерството за внатрешни работи (секторите за внатрешни работи, односно полициските станици) се состои од предистражната постапка во надлежност на правосудната полиција.

IX Организација и методологија

Член 31

Практичната настава се спроведува особено преку следниве методи и техники:

- присуство на судски расправи што ги води менторот или друг судија;
- изготвување на судски нацрт-одлуки, нацрт-обвинија и други процесни акти;
- присуство на испитување на осомничени и сведоци кај јавниот обвинител и на главна расправа;
- присуство на истражни дејства преземени од јавниот обвинител и преземање на истражни дејства под контрола на менторот – јавен обвинител;
- присуство при преземање на надлежностите на судијата за претходна постапка;
- присуство при одлучување на судијата/советот за испитување на обвинение;
- присуство и учество при спогодување;
- учество во симулирани судења;
- учество на студиски посети и обуки во странство.

Член 32

Менторите во текот на практичната настава кај слушателите ги развиваат способностите и вештините за:

- правни способности: познавање на домашните и меѓународните процесни и материјални закони и практика на домашните и меѓународните судови, способност за правилна оцена на доказите и фактите, разграничување на фактички и правни прашања, способност за решавање на спорни прашања, подготовка на одлуките и нивно навремено изготвување, за образложување на одлуките, правилна примена на законите;
- професионални и лични особини: развивање интегритет, етичност, независност, непристрасност, почитување на начелата на законитост и правичност, чувство за коректност, внимателност, разбирање на разликите, професионално и достоинствено однесување во судницата;
- комуникациски вештини (писмени и усни) и компјутерски вештини: стекнување вештина за директно и вкрстено испитување, употреба на јасен и разбирлив говор во воведните и завршните зборови, јасен јазик во пишувањето, градење правила за законско и етичко однесување со странките и другите учесници во поста-

пката, вештина за комуницирање со правосудната полиција, развој на вештини за користење на компјутерските технологии, за електронско управување на предметите, за користење на правните бази и документациски ресурси, особено на базите на пресуди на Европскиот суд за човекови права и за нивно користење како референтни во домашните постапки;

- управувачки способности: ефективна примена на принципите за управување со предметите и времето, управување и координирање на претходната постапка од страна на јавниот обвинител, менаџмент во судница, способности за управување со стрес;

- вештини за спогодување и за засилена примена на забрзаните постапки: развивање вештини за спогодување меѓу обвинетиот и јавниот обвинител, за примена на законските одредби за спогодување меѓу странките, способност за решавање на случајот на друг законски предвиден начин (казнен налог, медијација).

X Ментори

Член 33

(1) Слушателите во текот на практичната настава работат под водство на ментори.

(2) Менторите се определуваат од редовите на активните судии и на јавните обвинители кои ги исполнуваат критериумите за ментори предвидени во член 48 од Законот.

(3) Судскиот совет на Република Македонија и Советот на јавни обвинители на Република Македонија, во зависност од бројот на учесниците во секој циклус од практичната настава, до Управниот одбор доставува поширока листа на поименично определени ментори од редовите на активните судии и на јавни обвинители кои работат на конкретна материја, согласно Програмата за практична настава.

(4) Менторите го задржуваат статусот на судии или јавни обвинители, а правата од работен однос ги остваруваат во судот, односно во јавното обвинителство во кое се вработени.

(5) Својството на ментор престанува:

- по барање на менторот;

- поради престанок на функцијата судија и јавен обвинител;

- поради премин во друг оддел, суд или јавно обвинителство, што не е поврзан со областа на менторство за која бил ангажиран;

- поради спреченост за вршење на редовните менторски обврски, со што се нарушува перманентното и планираното одвивање на почетната обука;

- доколку согласно резултатите од спроведената евалуација, несовесно, нестручно и нередовно ја врши дејноста на ментор.

(6) Во случај на настанување на која било од причините за спреченост на менторот за непречено спроведување на Програмата за практична обука, менторот и претседателот на судот, односно јавниот обвинител на јавното обвинителство е должен веднаш да го извести директорот на Академијата за тоа.

(7) Директорот на Академијата, без одложување, определува друг ментор од доставената листа и за тоа ќе ги извести менторот, претседателот на судот и надлежниот јавен обвинител.

(8) Доколку листата на ментори е исцрпена, директорот на Академијата, од Судскиот совет, односно од Советот на јавните обвинители на Република Македонија, ќе побара да се определи нов ментор.

Член 34

(1) Менторите имаат право на надоместок за извршената работа.

(2) Надоместокот на менторите се пресметува за успешно завршената менторска работа во текот на една недела.

(3) Висината на надоместокот од став 1 на овој член се определува со посебен правилник донесен од страна на Управниот одбор на Академијата.

(4) Доколку во текот на практичната обука во основен суд на граѓанска или кривична материја, поради потребата на Програмата или Распоредот, учесникот е упатен кај друг судија, од редот на менторите на Академијата, надоместокот му се исплаќа на тој ментор, сразмерно со времето поминато под негово менторство.

(5) Начинот на реализирање на правата и обврските на менторите се уредуваат со договор склучен со Академијата.

Член 35

Заради усовршување и осовременување на менторската работа, менторите имаат право и обврска да посетуваат специјализирани обуки за ментори во земјава и во странство организирани од Академијата (обука на ментори).

Член 36

(1) Еден ментор може да биде ментор на повеќе слушатели.

(2) На секој слушател му се назначува ментор за практична работа во секоја институција и во секоја област (граѓанска, кривична) посебно, согласно Програмата за практична настава.

(3) Практичната настава во основен суд (граѓанска или кривична област) учесникот ја реализира под менторство на определениот ментор со Програмата за практична настава.

(4) Менторите од менторскиот тим, при утврдување на планот на активностите на секој слушател и неговото движење по поединечните оддели во граѓанска или кривична област во основните судови, должни се учесниците да ги упатат кај судиите во тие оддели, доколку има такви на листата на ментори на Академијата.

(5) Доколку во реализацијата на практичната настава на слушателот, во поединечни оддели од граѓанска или кривична област, се вклучени и други ментори, кои се на листата на ментори на Академијата, тие учествуваат при формирање на бодовите, што слушателот ги добива врз основа на целокупно реализираната практична настава, за што добиваат надоместок сразмерно со времетраењето на менторството.

(6) Менторите од став 1 и 2 на овој член го сочинуваат менторскиот тим, за секој слушател посебно.

Член 37

(1) Со Програмата за практична настава, во секој менторски тим се определува и координатор кој ја следи и ја координира практичната работа на слушателот во текот на целата настава.

(2) Координаторот на секој менторски тим, покрај редовните права и обврски на менторот, се грижи и за доследна реализација на Програмата за практична настава:

- ја следи и ја усогласува работата на менторите од менторскиот тим на кој му припаѓа и се грижи за постојаната координација со Академијата;

- изготвува збирен распоред за целата практична настава на слушателот, врз основа на планот на активности од член 36 од овој правилник што го изработува секој ментор од тимот за тој слушател и го доставува до Академијата и до претседателот на основниот суд, односно јавниот обвинител на основното јавно обвинителство, каде што слушателот ќе ја изведува наставата, а непосредно пред почнување на практичната настава;

- контактира со менторите од тимот и се информира за секоја промена и за движење на слушателот, согласно со распоредот;

- должен е да ја известува Академијата за секоја потреба од измена на распоредот и на движењето на слушателот и за тоа да побара одобрување од Академијата, како и за сите прашања од значење за редовното и ефективно одвивање на практичната настава;

- по завршување на практичната настава, ја доставува до Академијата, целокупната писмена евиденција, водена од секој ментор; извештајот на поединечните оценки и за бодовите на секој слушател за целокупно реализираната практична настава; изработените задолжителни писмени акти и записниците од задолжителните симулирани судења;

- задолжително, со целиот менторски тим, учествува во изборот на предметите за активностите што се оценуваат и не се оценуваат, во спроведувањето и оценувањето на активностите на слушателот што задолжително се оценуваат и во спроведувањето на активностите што не се оценуваат, а претставуваат основа за определувањето на бодовите од целокупно реализираната практична настава.

(3) Збирниот распоред од став 2, алинеја 2 на овој член го опфаќа упатувањето на слушателите во одделите на судовите, во јавните обвинителства и во Министерството за внатрешни работи.

Член 38

Менторот во текот на реализирањето на практичната настава е должен:

- пред почнувањето на обуката, да изготви План на активности за практична работа, согласно Програмата за практична настава, во координација со другите ментори од менторскиот тим и да ги достави на координаторот заради изготвување на збирен распоред за секој учесник за целата практична настава, како и до претседателот на основниот суд, односно јавниот обвинител на основното јавно обвинителство, каде што слушателот ќе ја извршува наставата;

- еднаш неделно, до координаторот на тимот, да доставува копии од пополнетиот Менторски дневник, потпишани со целосно име и презиме;

- да ја известува стручната служба на Академијата за своите отсуства (боледување, годишни одмори, други отсуства), како и за отсуствата на слушателот, а за отсуствата на слушателот да го известува и лицето во судот, односно обвинителството кое е одговорно за редовноста на стручната служба, како и за секоја потреба од промена на распоредот, заради одобрување од страна на Академијата (распоред на менторот на друг оддел, избор во повисока инстанција, други пречки за вршење на обуката);

- редовно да го известува координаторот на тимот и Академијата за преминување на учесникот во друг оддел, суд, јавно обвинителство или во Министерството за внатрешни работи;

- менторите од целиот менторски тим, заедно со координаторот, задолжително учествуваат во изборот на предметите за активностите на слушателот што се оценуваат и за активностите што не се оценуваат, во спроведувањето и оценувањето на активностите на слушателот што задолжително се оценуваат и во спроведувањето на активностите што не се оценуваат, а претставуваат основа за определувањето на бодовите од целокупно реализираната практична настава;

- да ја охрабрува активната партиципација на слушателите;

- да им дава поддршка, помош и совети за сите прашања поврзани со функцијата за која се подготвуваат;

- да го подели искуството и знаењето со слушателите;

- да го надгледува изведувањето на практичната работа;

- објективно да ги вреднува и да ги оценува сите активности на слушателите предвидени во овој правилник;

- да биде информиран за секоја промена на обуката на слушателот и за секое движење во другите одделенија, органи, институции или установи;

- навремено и постојано да ги информира слушателите за формите за проверка на оспособеноста на слушателите за практична работа, како и за нормите за бодирање на успехот;

- да ги направи достапни за слушателите, предметите, законите и другата литература и домашна и странска практика потребна за извршување на судската, односно обвинителската функција;

- да води писмена евиденција за практична настава на слушателот додека е под негово менторство;

- да ги поттикнува слушателите да ги користат одлуките на Европскиот суд за човекови права, како референтни одлуки во домашните случаи.

XI Писмена евиденција

Член 39

(1) Писмената евиденција од член 38, став 1, алинеја 14 од овој правилник се состои од:

- менторски дневник, што се изработува во стандардизирана форма од страна на Академијата и го води менторот за секој слушател под негово менторство;

- извештај од менторскиот тим за поединечните оценки на слушателот за реализираните активности што се оценуваат и извештај за спроведените активности што не се оценуваат;

- извештај од менторскиот тим за секој слушател за добиените бодови за целокупно реализираната практична настава;

- извештај за престојот и постигнатите резултати на слушателот во Министерството за внатрешни работи; и

- извештај за евалуација на секој ментор од страна на слушателите.

(2) Збирниот распоред, извештајот за оценките на активностите, што задолжително се оценуваат и извештајот за добиените бодови од целокупно реализираната настава за секој слушател, Академијата ја доставува и до претседателите на судовите и јавните обвинители на јавните обвинителства, каде што се изведувала практичната настава, како и до Судскиот совет на РМ и Советот на јавните обвинители на РМ, до кои се доставува и извештајот за резултатите од евалуацијата на менторите.

Член 40

Во менторскиот дневник, секој ментор неделно ги заведува и со свој потпис ги заверува следниве податоци:

- присуствата и отсуствата на слушателот, вклучувајќи ги и неговите престои во други одделенија на истиот правосуден орган, на други државни органи, институции,
- описот на сите зададени и преземени активности и изработени процесни акти,
- опис на зададените задолжителни активности,
- степенот на учество и ангажираноста на слушателот во текот на практичната обука.

XII Регионални координатори

Член 41

(1) За секое апелациско подрачје, каде што има најмалку тројца слушатели, Академијата определува по еден регионален координатор од редот на координаторите за тоа апелациско подрачје.

(2) Во подрачјето каде што има повеќе од десет слушатели, се определуваат двајца координатори (еден од редот на судиите и еден од редот на јавните обвинители).

(3) Регионалниот координатор ги контролира плановите на активностите за практична работа на сите слушатели од тоа апелациско подрачје заради усогласување на активностите, правилниот распоред на учесниците, движењето во другите оддели на судовите, јавните обвинителства и Министерството за внатрешни работи.

XIII Начин на оценување

Член 42

(1) Во текот на практичната настава секој слушател може да освои најмногу до 20 бода.

(2) Вреднувањето на постигнатиот успех на слушателите во практичната настава го вршат менторите.

(3) Оценувањето има цел:

- да го поттикне слушателот за учество во сите активности;
- да ги верификува постигнатите способности и вештини;
- да ги оцени неговата подготвеност за извршување на судиската/обвинителската функција.

(4) Покрај задолжителните активности што се оценуваат, слушателите се должни:

- покрај задолжителните писмени акти од член 45 од овој правилник, во текот на целата практична настава, слушателите определени за судии треба да изготват 20 граѓански и 20 кривични пресуди додека се на практична настава во основен суд на кривични и граѓански предмети и десет обвиненија додека се на практична настава во основно јавно обвинителство;
- покрај задолжителните писмени акти од член 46 од овој правилник, во текот на целата практична настава, слушателите определени за јавни обвинители треба да изготват 20 обвиненија, пет предлог-спогодби, пет решенија за отфрлање на кривични пријави, пет наредби за спроведување истраги, пет наредби за запирање истраги и најмалку десет пресуди (пет пресуди од граѓанска област и пет пресуди од кривична област) додека се на обука во основните судови;
- покрај задолжителните симулирани судења во текот на целата практична настава, слушателите определени за судии да реализираат четири симулации (по две во улога на кривичен судија, две во улога на граѓански судија, а слушателите определени за јавни обвинители, четири симулации во улога на јавен обвинител); и
- активно да учествуваат во сите дејства за кои е надлежен судијата, односно јавниот обвинител кој е нивни ментор.

(5) Активното учество од претходниот став од овој правилник особено ги опфаќа следниве активности:

- помагање на судијата/јавниот обвинител во секојдневната работа, особено при подготовката на предметите, изработка на нацрт-пресуди, обвиненија, наредби, решенија за отфрлање на кривични пријави, како и на други процесни одлуки;
- присуство на судење и учество во симулирани судења;
- подготовка на писмената кореспонденција со другите органи и институции по укажување на менторот;
- учество во заеднички дискусии со судиите и јавните обвинители, како и во анализата на судската практика на сите нивоа, на материјалното и на процесното законодавство;
- подготовка на воведни и завршни нацрт-зборови и жалби, што ќе им ги довери менторот;
- подготовка на план за истрага;
- присуство на спогодувања;
- присуство на истражни дејства преземени од јавниот обвинител; и
- преземање на други активности по избор на менторот или по сопствен предлог за кои менторот смета дека ќе придонесат за оспособување на слушателот за примена на стекнатите знаења во практиката.

Член 43

Вкупниот број бодови што може да ги освои секој слушател се добива на следниот начин:

- врз основа на добиените поединечни оценки за задолжителните активности од член 45 и 46 од овој правилник, од кои можат да добијат најмногу до 15 бода;
- врз основа на постигнатиот успех во целокупната практична настава, што се вреднува најмногу до 5 бода.

Член 44

Видот на задолжителните активности што се оценуваат во текот на практичната настава се определува во зависност од околноста дали слушателите се подготвуваат за судии или за јавни обвинители.

Член 45

Задолжителни активности што се оценуваат за слушателите определени за судии се:

- изработка на пет кривични пресуди;
- изработка на пет граѓански пресуди;
- реализирани пет симулирани судења во улога на судија на главна расправа во кривичната постапка;
- реализирани пет симулирани судења во улога на судија на главна расправа во граѓанска постапка.

Член 46

Задолжителни активности што се оценуваат за слушателите определени за јавни обвинители се:

- изработка на пет обвинителни акти;
- изработка на две предлог-спогодби;
- изработка на три решенија за отфрлање на кривични пријави;
- реализирани десет симулации во улога на јавен обвинител на главна расправа.

Член 47

Оценувањето на задолжителните писмено изработени акти (кривични и граѓански пресуди, обвинителни акти, решенија за отфрлање на кривични пријави и предлог-спогодби) се заснова на следните критериуми:

- форма и содржина;
- логичка анализа и оцена на фактите и доказите;
- познавање и правилна примена на материјалните и процесните закони;
- јасност, разбирливост, стил и јазик.

Член 48

Оценувањето на задолжителната реализирана симулација на судење во улога на судија, на слушателот, се заснова на следните критериуми:

- способноста за подготовка на предметот за судење;
- способноста за раководење со главна расправа во кривичен и граѓански предмет;
- односот со странките и другите учесници во постапката за време на судењето;
- познавањето на материјалните и процесните закони и нивната правилна примена во практиката.

Член 49

Оценувањето на задолжителната реализирана симулација на судење во улога на јавен обвинител се заснова на следните критериуми:

- способноста за подготвување на предметот за судење;
- способност за давање на воведни зборови;
- способност за директно, вкрстено и дополнително испитување;
- познавањето на материјалниот и процесниот закон;
- односот со судот, одбраната и другите учесници во постапката;
- способноста за давање на завршен збор.

Член 50

(1) Оценувањето на секоја писмено изработена задолжителна пресуда, обвинение, решение за отфрлање на кривична пријава и предлог-спогодба е во зависност од околноста дали се работи за слушател, определен за судија или за јавен обвинител и за секоја реализирана задолжителна симулација се изразува со поединечна оценка.

(2) Сите предвидени писмени акти како задолжителни активности на слушателите определени за судии и јавни обвинители се оценуваат со оценки од 1 до 5, при што можат да се добиваат и меѓуоценки односно 1,5; 2,5; 3,5; и 4,5 а сите симулации на судења во улога на граѓански или кривичен судија или во улога на јавен обвинител, се оценуваат со оценки од 1 до 10, при што можат да се добиваат и меѓуоценки, односно 1,5; 2,5; 3,5; 4,5; 5,5; 6,5; 7,5; 8,5; и 9,5.

(3) Оценувањето на задолжителните активности го врши целиот менторски тим, по реализација на секоја задолжителна активност, а оценките се запишуваат во менторскиот дневник.

(4) За оценувањето на слушателот, координаторот составува Извештај за секоја поединечна оценка за задолжителните писмени акти и за задолжителните симулации.

Член 51

(1) Постигнатиот успех за целокупната практична настава се вреднува според степенот на стекнати компетентности, способности и вештини за извршување на судската/обвинителската функција.

(2) Успехот според оваа основа се вреднува со бодови од 1 до 5, а оценувањето се врши само со цели бодови, без децимали.

(3) Вреднувањето на учесникот според оваа основа го врши целиот менторски тим, по завршување на практичната обука.

(4) Освоените бодови на учесникот, координаторот ги запишува во менторскиот дневник, а менторскиот тим изготвува Заеднички извештај за критериумите според кои учесникот ги освоил бодовите.

(5) Заедничкиот извештај се доставува до Академијата и до претседателот на судот, односно до јавниот обвинител на односното обвинителство, каде што се изведува практичната настава.

Член 52

Оценувањето на постигнатиот успех за целокупната практична настава на слушателот се заснова на следните критериуми:

- оценка на квалитетот на изготвените судски одлуки, односно квалитетот на обвиненијата и другите јавнообвинителски одлуки и реализираните симулации;
- посветеност кон извршување на зададените задачи, како и иницијативност за преземање на други задачи, како друга дополнителна активност на слушателот за време на практичната настава;
- стекнати способности и вештини на слушателот;
- однесувањето за време на работното време, однесувањето кон колегите и кон судско-обвинителската администрација.

Член 53

Квалитетот на изготвените судски одлуки, односно квалитетот на обвиненијата и другите јавнообвинителски одлуки и реализираните симулации ќе се оценува особено според следните показатели:

- способноста за одлучување и решавање,

- законитоста на одлуките – познавањето на материјалното и процесното право,
- образложеноста на одлуките,
- јасноста и разбирливоста на одлуките,
- брзината на изработка на одлуките,
- број и квалитет на решени предмети,
- вештината за водење на судскиот процес, односно застапувањето на обвинението во текот на симулациите,
- непристрасноста при одлучувањето, слободата во изразување на мислењето и самостојноста во одлучувањето,
- точноста на донесените одлуки при симулациите.

Член 54

Другата дополнителна активност предвидена во член 42 став 4 алинеја 4 од овој правилник ќе се оценува особено според следните показатели:
- присуство на судење на слушателот,
- способноста за усно изразување,
- преземање на истражни дејства доверени од менторот,
- успешноста на улогата во симулираните судења,
- успешност во симулациите на спогодување,
- способноста за изработка на план за истрага,
- учеството на слушателот во дебати,
- степенот на логичко-аналитичко размислување,
- број на прифатени идеи што му ги дал на судијата/јавниот обвинител за подобрување на ефикасноста на работењето,
- учество во предевиденција и подготвување и реферирање на предметите,
- учество на меѓународни натпревари.

Член 55

Стекнатите способности и вештини на слушателот за време на менторирањето, менторот ќе ги оценува особено преку следните показатели:
- мотивацијата за работа,
- етичко однесување,
- ставот кон професионално навремено совесно извршување на зададените задачи,
- успешност во воспоставување контакти и комуницирање,
- подготвеност за работа во тим,
- односот со менторот, другите судии/јавни обвинители и другите вработени,
- умешност за разрешување на конфликтите со спогодување,
- успешноста во организирањето на времето.

Член 56

Однесувањето кон работата за време на работното време на слушателот, менторот ќе го оценува и преку следните показатели:
- степенот на извршување на доверените задачи според планот за практична работа,
- обидите и идеите за унапредување на ефикасноста на работата на судот/јавното обвинителство,
- неговите организаторски способности,
- идеите за поекономично користење на ресурсите (луѓе, опрема, материјали),
- бројот на напишани статии, есеи, извештаи, информации,
- употребата на дополнителна литература од интернет, судска практика, особено на Европскиот суд за човекови права и други правни извори,
- активно учество со судијата/јавниот обвинител на семинари и на други едукации.

Член 57

(1) За секој слушател, стручната служба на Академијата врши пресметување на крајните бодови.

(2) Пресметување на добиените бодови, врз основа на оценките што слушателот ги добил од задолжителните активности, се врши така што се собираат сите добиени поединечни оценки и збирот се дели со 10.

(3) Пресметувањето на крајните бодови што слушателот ги добил во практичната настава се добиваат со собирање на освоените бодови од реализираните задолжителни активности и бодовите добиени за постигнатиот успех во целокупната практична настава.

(4) На слушателот кој во текот на практичната настава ќе добие помалку од 14 бода му престанува статусот слушател на почетната обука.

XV Принцип на јавност

Член 58

(1) Заради обезбедување јавност во оценувањето, менторите се должни пред почетокот на менторирањето да ги известат слушателите за Планот на практичната обука, за активностите што ги планираат и за начинот и критериумите на кои ќе бидат оценувани.

(2) Координаторите се должни да го известат слушателот за секоја добиена поединечна оценка за задолжителните активности, во рок од три дена по формирањето на оценката од страна на менторскиот тим.

(3) Академијата, по формирање на збирните оценки на слушателите, составува ранг-листа за успехот на слушателите и ја објавува на огласната табла и на интернет-страницата на Академијата.

XVI Откажување од почетната обука

Член 59

(1) Слушателот кој од неоправдани причини ќе се откаже од кој било дел од почетната обука, од полагањето на завршниот испит или нема успешно да ја заврши почетната обука согласно член 96 став 3, 4 и 5 од Законот, член 109 став 8 од Законот или на кој ќе му биде изречена дисциплинска мерка од член 63 став 1 алинеја 4 од овој правилник, должен е да ги надомести трошоците и другите надоместоци за неговото обучување по утврдена пресметка од страна на Академијата.

(2) Слушателот на почетна обука нема да ги надомести трошоците од претходниот став од овој член доколку се откажал или ја прекинал обуката од здравствени причини, што оневозможуваат посетување на обуката подолго од еден месец што се докажува со лекарско уверение.

Член 60

(1) Директорот на Академијата во рок од 15 дена, сметано од првиот ден на неоправданото отсуство, слушателот кој се откажал од кој било дел од почетната обука или од полагањето на завршниот испит, односно во рок од 15 дена по објавувањето на конечната ранглиста за слушателот што нема успешно да ја заврши почетната обука, ќе го извести да го врати износот на исплатениот надоместок и другите трошоци за негово обучување.

(2) Висината на износот, рокот и начинот на задолжување на слушателот се утврдуваат со решение, врз основа на реалните трошоци направени за слушателот во почетната обука според годишниот финансиски план на Академијата.

(3) За постоењето на основата за ослободување и оправданоста на причините за секој слушател одлучува директорот на Академијата со решение.

(4) Со решение ќе се ослободи слушателот кој според својата општа имотна состојба не е во можност да го поднесе плаќањето без штета за својата нужна издршка и за нужната издршка на своето семејство, а имајќи го предвид бројот на лица што ги издржува слушателот и приходите што ги имаат слушателот и членовите на неговото семејство.

(5) Слушателот кој е незадоволен од решението со кое е задолжен да го врати износот од став 2 од овој член, има право на жалба до Управниот одбор на Академијата во рок од осум дена од денот на приемот на решението, како и право на судска заштита на конечното решение во рок од осум дена од неговиот прием.

XVII Дисциплинска одговорност на слушателите

Член 61

(1) Слушателите имаат обврска во следењето на почетната обука во Академијата да ги почитуваат правилата предвидени со општите акти на Академијата и на соодветната институција во која ја добиваат практичната обука.

(2) За непочитување на правилата од претходниот став од овој член предвидени се дисциплински мерки.

Член 62

Како дисциплински повреди се сметаат:

- Непристојно однесување кон предавачите, вработените во Академијата и другите слушатели што ја посетуваат обуката, менторите и другите вработени во институцијата каде што ја добиваат практичната обука;
- Несовесно однесување кон опремата и имотот на Академијата и на институцијата каде што ја добиваат практичната настава, што би можело да доведе до нивни оштетувања;
- Неоправдано отсуство од теоретската и практичната настава;
- Однесување со кое потешко се нарушува угледот на Академијата;
- Откривање на содржината на податоците за конкретни судски и обвинителски предмети што ги стекнале во текот на обуката во Академијата или во институцијата каде што ја добиваат практичната обука, а имаат доверлив карактер;
- Поднесување на невистинити податоци, документи и исправи за стекнување статус на кандидат или слушател на почетната обука.

Член 63

За сторена дисциплинска повреда на слушателот може да му се изрече една од следните дисциплински мерки:

- јавна опомена,
- парична казна во висина од 20% од висината на едномесечниот износ на нето-платата исплатена во последниот месец пред дисциплинска повреда, во траење од еден до три месеци,
- предупредување пред исклучување, и
- исклучување од почетна обука.

Член 64

(1) Дисциплинската постапка се поведува по писмено барање на лице вработено во Академијата, предавач, ментор или слушател на почетната обука, што преку директорот на Академијата се доставува до дисциплинската комисија.

(2) Барањето се поднесува во рок од осум дена од денот на дознавањето за повредата и не може да се поднесе по истекот на еден месец од денот на сторената дисциплинска повреда.

(3) Барањето мора да содржи: име и презиме на подносителот на барањето, име и презиме на слушателот што ја сторил повредата, време и место, опис на настанот, докази за постоење основа за дисциплинска одговорност и потпис.

Член 65

(1) Дисциплинската постапка ја спроведува дисциплинска комисија составена од пет члена и нивни заменици: двајца предавачи или ментори, двајца раководни административни службеници вработени во Академијата и еден претставник од слушателите, а тие меѓу себе избираат претседател на комисијата.

(2) Дисциплинската комисија по приемот на барањето ќе одлучи дали ќе поведе дисциплинска постапка или ќе го отфрли барањето.

(3) Со решение Комисијата го отфрла барањето, ако е недозволено, ненавремено и поднесено по истекот на рокот за застареност.

(4) Доколку Комисијата одлучи да се поведе дисциплинска постапка, поднесеното барање го доставува на слушателот на домашна адреса и ќе побара од него да се изјасни писмено во рок од 15 дена од приемот на барањето, со покана да дојде во одреден ден и час на сослушување и дека има право на бранител.

(5) Пред да донесе одлука со која се изрекува мерка, Комисијата е должна да го сослуша слушателот во врска со околностите на кои се однесува барањето за поведување на дисциплинска постапка и да ги спро-

веде сите извиди, односно да ги собере сите докази потребни за утврдување на неговата дисциплинска одговорност.

(6) Доколку на наведениот ден слушателот, кој е уредно повикан, не се јави пред Комисијата, Комисијата може да одлучи и без негово сослушување врз основа на доказниот материјал со кој располага, освен за мерката исклучување од наставата.

Член 66

(1) Дисциплинската комисија може да донесе една од следниве одлуки:

- Да го одбие барањето како неосновано, доколку не постои основа ниту докази за поведување на дисциплинска постапка и да ја запре постапката;
- Да изрече една од дисциплинските мерки предвидени во член 61 од овој правилник;
- Да го отфрли барањето што е неуредно и непотполно или застарено.

(2) Примерок од решението се доставува до подносителот на барањето и до слушателот против кого е поведена дисциплинската постапка.

(3) За својата работа и за донесената одлука, Комисијата води записник, а одлуките ги потпишува претседателот на Комисијата.

Член 67

(1) Против одлуката на Дисциплинската комисија со која се отфрла или се одбива барањето за поведување на дисциплинска постапка не е дозволен приговор.

(2) Против решението за изрекување дисциплинска мерка, слушателот може во рок од осум дена од приемот на решението да поднесе приговор до Управниот одбор на Академијата.

Член 68

(1) Управниот одбор на Академијата одлучува по приговорот во рок од осум дена од приемот на приговорот.

(2) Одлучувајќи по приговорот, Управниот одбор може да донесе едно од следните решенија:

- да го отфрли приговорот како недозволен или ненавремен;
- да го потврди решението на Дисциплинската комисија за изрекување на дисциплинска мерка;
- да го усвои приговорот како основан и да го укине решението за изрекување на дисциплинска мерка и предметот да го врати на повторно одлучување на Дисциплинската комисија;
- да го преиначи решението за изрекување на дисциплинска мерка.

(3) Во случај на исклучување, слушателот ќе биде задолжен да го врати исплатениот износ со трошоците за обука согласно со член 60 од овој правилник.

XVII ЕВИДЕНЦИЈА

Член 69

(1) Во Академијата се водат:

- досие за секој слушател-кандидат;
- евидентен дневник за текот на одвивање и изведување на теоретската настава;
- евалуациски листи за секој модул од теоретската настава;
- менторски дневник за секој слушател во согласност со член 39 од овој правилник;
- вкупна евалуациска листа за целиот тек на практичната настава на образец пропишан од Академијата; и
- други списи потребни за изведување на наставата, согласно со прописите за архивско работење.

(2) Евидентниот дневник за теоретската настава содржи податоци за:

- текот на обуката по денови,
- опис на преземените активности во текот на часот од секој од предавачите,
- наставната содржина,
- наставните методи и материјали употребени и поделени на слушателите,
- поставените задачи на слушателите,
- резултатите,
- вреднување на успехот на слушателите и добиените бодови,
- потпис на предавачот.

(3) Досието за секој слушател-кандидат содржи:

- копија од документите со кои се потврдува дека слушателот-кандидатот ги исполнува условите за прием во Академијата,
- резултатите од квалификациски тест, приемниот и завршниот испит,
- евиденција за присутност на часовите,
- изречените опомени и дисциплински мерки,
- бодовите и подбодовите од сите активности на слушателот што се потребни за формирање на крајната оценка од теоретската настава, практичната обука и завршниот испит,
- изработени тестови, писмени вежби и домашни работи, извештаи, и
- други документи и податоци поврзани со наставата.

(4) Податоците од ставовите 1, 2 и 3 од овој член Академијата ги чува и ги користи во согласност со Законот за заштита на личните податоци и Законот за пристап до јавните информации.

XVIII Завршни одредби

Член 70

(1) Овој правилник се објавува во „Службен весник на Република Македонија“ и на интернет-страницата на Академијата.

(2) Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе почне да се применува со почнувањето на примена на Законот за Академијата за судии и јавни обвинители („Службен весник на Република Македонија“ број 20/2015).

Бр. 02-228/10
27 април 2015 година
Скопје

Академија за судии и
јавни обвинители „Павел Шатев“
Претседател на Управен одбор,
Лилјана Спасоска, с.р.

2550.

Врз основа на член 13 став 1 алинеја 1 и член 66 став 2 од Законот за Академијата за судии и јавни обвинители („Службен весник на Република Македонија“, број 20/2015) Управниот одбор на Академијата на седницата одржана на 27.4.2015 година, донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА ПОЛАГАЊЕ НА ЗАВРШНИОТ ИСПИТ ВО АКАДЕМИЈАТА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ „ПАВЕЛ ШАТЕВ“

I Општи одредби

Член 1

Со овој правилник се уредуваат условите и начинот на спроведување на постапката за полагање на завршниот испит.

Член 2

Цел на завршниот испит е оценување на целокупното претходно стекнато теоретско и практично знаење на кандидатите неопходно за извршување на судиската и обвинителската функција.

Член 3

Постапката за полагање на завршниот испит се заснова на начелата на јавност на правилата, методите и начинот на спроведувањето на завршниот испит и оценувањето и објавувањето на резултатите, како и начелата на објективност и независност на работењето на Комисијата за завршен испит.

II Рок на полагање

Член 4

(1) Завршниот испит се полага во рок од еден месец од завршувањето на практичната настава.

(2) Податоците за денот (деновите), часот и местото за полагање на писмениот и усниот дел од завршниот испит се објавуваат на огласната табла и на интернет-страницата на Академијата.

(3) Доколку слушателот не го положи завршниот испит, повторното полагање се спроведува во рок од шест месеци од денот на првото полагање на завршниот испит.

III Комисија за завршен испит

Член 5

(1) Завршниот испит се полага пред Комисијата за завршен испит (во понатамошниот текст Комисијата).

(2) Управниот одбор на Академијата ја конституира Комисијата најдоцна два месеца пред полагањето на завршниот испит.

(3) Комисијата е составена од девет члена и нивни заменици, согласно член 98 став 2, 4, 5 и 6 од Законот за Академијата за судии и јавни обвинители (во понатамошниот текст Законот).

(4) Работите од својата надлежност Комисијата ги врши во полн состав.

(5) Начинот на работа и одлучување на Комисијата се уредуваат со Деловник за работа во согласност со Законот, Статутот на Академијата и овој правилник.

(6) Комисијата ги донесува одлуките со мнозинство гласови од вкупниот број членови.

(7) Комисијата има секретар и заменик-секретар, кои директорот на Академијата ги назначува од редот на административни службеници во Академијата.

(8) По завршувањето на завршниот испит, претседателот на Комисијата поднесува до Управниот одбор на Академијата, извештај за текот и постапката на полагањето на завршниот испит.

(9) Управниот одбор го разгледува на седница извештајот од став 7 на овој член и го усвојува со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Управниот одбор.

(10) Претседателот на Комисијата задолжително присуствува на седницата на Управниот одбор на која се разгледува извештајот од став 7 на овој член.

IV Услови за спроведување на завршниот испит

Член 6

(1) Право на полагање на приемниот испит имаат сите слушатели на почетната обука во Академијата (во понатамошниот текст слушатели) кои ќе добијат најмалку 14 бода во текот на практичната настава.

(2) Со неоправданото недоаѓање на кој било дел од полагањето на завршниот испит, слушателот го губи правото на полагање на другите делови од завршниот испит.

(3) Оправданоста на причините за недоаѓањето ги цени Комисијата.

(4) Против одлуката на Комисијата, во врска со оправданоста или неоправданоста на причините за недоаѓање на завршниот испит, слушателот има право на приговор во рок од 48 часа од приемот на одлуката.

(5) Приговорот се поднесува до Управниот одбор на Академијата, а се предава во Академијата во писмена форма.

(6) Управниот одбор е должен да одлучи по приговорот во рок од три дена од приемот на приговорот во Академијата.

(7) На седницата на Управниот одбор на Академијата на која се разгледува приговорот учествува и претседателот на Комисијата или член што тој ќе го определи, без право на глас.

(8) Управниот одбор на Академијата со заклучок го уважува или го одбива приговорот на слушателот, а ненавремените приговори ги отфрла, за што слушателот писмено се известува.

(9) По приговорот одлуката на Управниот одбор на Академијата е конечна и против неа не е дозволена жалба.

V Програма за завршен испит

Член 7

(1) Завршниот испит се полага согласно Програма за полагање на завршен испит во која се предвидени посебни теми за слушателите определени за судии и за слушателите определени за јавни обвинители.

(2) Програмата за завршен испит се објавува најмалку два месеца пред полагањето на завршниот испит, а ги опфаќа темите и библиографијата од кои се утврдуваат прашањата за одделите делови од завршниот испит и се обновува по потреба, согласно измените на домашното и меѓународното законодавство и практиката на домашните и меѓународните судови.

VI Содржина на завршниот испит

Член 8

(1) Завршниот испит се состои од два дела:

- Писмен практичен дел; и
- Устен дел.

(2) Писмениот практичен дел од завршниот испит се состои од решавање на две студии на случај од кои:

- Една студија на случај од граѓански судски предмет и една студија на случај од кривичен судски предмет – за слушателите определени за судии; и
- Две студии на случај од два различни кривични судски предмети – за слушателите определени за јавни обвинители.

(3) Усниот дел од завршниот испит се спроведува во форма на непосреден разговор со слушателот во текот на кој на слушателот му се поставуваат четири прашања:

- две прашања во врска со секоја студија на случај од став 2 од овој член,
- едно прашање за оценувањето на ставовите и односот кон професионалното и етичкото вршење на судиската и јавно обвинителската функција, и
- едно прашање од општа култура.

VII Писмен практичен дел

Член 9

(1) Писмениот практичен дел се полага по електронски пат со решавање на две студии на случај согласно член 8 став 2 од овој правилник.

(2) Секоја студија на случај се решава со нејзино проучување и одговарање на осум прашања, што произлегуваат од студијата, со понудени десет можни опции на одговори од кои едната е точна, пет се слични со точниот, а неточни, и четири се различни од точниот, а неточни.

(3) Изборот на предметите за подготовка на студијата на случај се врши по електронски пат на начин што слушателот се најавува со пристапен код на електронскиот систем и софтверот на електронскиот систем по случаен избор определува од базата на студии на случај по еден кривичен и еден граѓански предмет, односно по два кривични предмета.

(4) Електронскиот систем од став 3 на овој член содржи јавно достапна база од најмалку 500 студии на случај, што се со приближно еднаква тежина и сложеност, од кои 250 кривични и 250 граѓански. Студиите на случај можат да бидат неформално преведени на други јазици.

(5) Предавачите подготвуваат база на прашања за секој од предметите од член 8 од овој правилник, како и база на усни прашања што се состои од најмалку 200 прашања.

(6) Верификација на базите на прашања и базите на студии на случај врши Програмскиот совет на Академијата.

Член 10

(1) Писмениот практичен дел се полага во просторија за полагање испит, посебно опремена за полагање на стручен испит со материјално-техничка и информатичка опрема, интернет-врска и опрема за снимање на полагањето.

(2) Полагањето на писмениот практичен дел се снима и во живо се емитува на интернет-страницата на Академијата, а ако поради технички причини снимањето се прекине, снимката од целиот испит се поставува на интернет-страницата на Академијата.

(3) Во просторијата за полагање на испитот, за време на полагање на испитот, покрај членовите на Комисијата, секретарот на Комисијата и помошник-секретарот на Комисијата, присутен е и информатичар, кој се грижи за беспрекорно функционирање на техничката и компјутерската опрема.

(4) Претседателот го објаснува начинот на полагање на писмениот практичен дел, а и го објавува неговиот почеток. Откако претседателот на Комисијата ќе го објави почетокот на полагањето, не се дозволува влегување на слушателите во просторијата во која се одвива полагањето.

(5) Полагањето на писмениот практичен дел трае 240 минути, односно по 120 минути за секој од предметите.

(6) По одобрувањето на пристапот, слушателот добива соодветен број прашања за секоја студија на случај, што во моментот на логирање на слушателот, по случаен избор, ги одредува софтверот на електронскиот систем.

(7) Резултатите од полагањето на писмениот практичен дел му се достапни на слушателот на компјутерот на кој полагал, веднаш по неговото завршување.

(8) Резултатите од полагањето на писмениот практичен дел се објавуваат на огласната табла и на интернет-страницата на Академијата.

Член 11

(1) При полагањето на писмениот практичен дел, слушателите не смеат да користат какви било електронски средства, средства за комуникација или друг вид на помагала, вклучувајќи и закони, закони со коментар и објаснување, претходно подготвени предмети, правни документи, пишуван материјал или друг извор за информации.

(2) При полагањето на писмениот практичен дел, слушателите смеат да користат единствено закони (без коментари и објаснувања) што во електронска верзија се наоѓаат на компјутерот на кој слушателот го полага писмениот практичен дел.

(3) За време на полагањето на писмениот практичен дел не е дозволено напуштање на просторијата во која се одвива полагањето од страна на слушателите, освен во случај на итност, при што ќе бидат придружувани од овластените лица кои вршат надзор над полагањето на тестот.

(4) На слушателот за време на полагањето на писмениот практичен дел не му се дозволува да контактира со други слушатели или лица, освен со информатичарот, во случај доколку има технички проблем со компјутерот.

(5) Ако техничките проблеми со компјутерот бидат отстранети за пет минути испитот продолжува, а доколку не бидат отстранети во овој рок, се прекинува писмениот практичен дел само за тој слушател и ќе се одржи во рок од најмногу три дена од денот на прекинувањето на писмениот практичен дел.

(6) Ако има проблеми со повеќе од пет компјутери и тие не бидат отстранети во рок од пет минути, писмениот практичен дел се прекинува за сите слушатели кои го полагаат писмениот практичен дел и ќе се одржи во рок од најмногу три дена од денот на прекинувањето.

(7) Доколку кандидатот при полагањето на писмениот практичен дел постапува спротивно од став 1, 3 и 4 од овој член, ќе биде отстранет од полагањето, неговите одговори ќе бидат поништени и нема да бидат предмет на разгледување и оценување, со што се смета дека не го положил писмениот практичен дел и тоа се констатира во записникот за полагање на квалификациски тест.

(8) Овластените лица од член 10 став 3 на овој правилник, за време на полагањето на испитот, не смеат да се задржат подолго од пет секунди во непосредна близина на слушателот кој го полага писмениот практичен дел, освен во случај на отстранување на технички проблем кога информатичарот од став 6 не смее да се задржи подолго од пет минути.

VIII Устен дел

Член 12

(1) Усниот дел се спроведува по завршувањето на практичниот писмен дел во рок што ќе го определи Комисијата.

(2) Усниот дел може да се полага во еден или во повеќе денови, во зависност од бројот на слушатели кои полагаат завршен испит.

(3) Изборот на усните прашања се врши пред Комисијата за завршен испит, за секој слушател одделно.

(4) Изборот на усните прашања за секој слушател се врши по електронски пат на начин што слушателот се најавува со пристапен код на електронскиот систем, при што софтверот на електронскиот систем по случаен избор определува четири прашања за слушателот.

(5) Редоследот на слушателите за полагање на усниот дел се определува по пат на ждрепка.

Член 13

(1) Времетраењето на усниот дел за секој слушател посебно не може да биде подолго од 45 минути.

(2) Усниот дел го води претседателот на Комисијата за завршен испит или член овластен од него, а прашања можат да поставуваат и другите членови од Комисијата, доколку за тоа има претходен договор меѓу членовите на Комисијата.

(3) Оценувањето на одговорите на прашањата од усниот дел се врши врз основа на прецизноста и точноста на одговорите на поставените прашања, како и врз основа на способноста за изразување, за презентација на аргументите, за аналитичко и критичко мислење.

(4) Секој член на Комисијата индивидуално ги оценува одговорите на прашањата дадени од секој слушател во текот на усниот дел.

(5) Конечните бодови се определуваат како аритметичка средина на бодовите дадени од сите членови на Комисијата, непосредно во завршување на усниот дел.

(6) Во текот на усниот дел се води испитен протокол за секој слушател одделно во кој претседателот на Комисијата ги внесува добиените бодови за секој слушател, а го потпишуваат сите членови на Комисијата.

Член 14

(1) Во текот на усниот дел, секој слушател добива вкупно четири прашања:

- Слушателите определени за судии добиваат: едно прашање во врска со студијата на случај од граѓанскиот судски предмет што го решавал во текот на полагањето на писмениот практичен дел од завршниот испит, едно прашање во врска со студијата на случај од кривичниот судски предмет што го решавал во текот на полагањето на писмениот практичен дел од завршниот испит, едно прашање за оценувањето на ставовите и односот кон професионалното и етичкото вршење на судиската и јавнообвинителската функција и едно прашање од општа култура.

- Слушателите определени за јавни обвинители добиваат: две прашања во врска со двете студии на случај од кривичните судски предмети што го решавале во текот на полагањето на писмениот практичен дел од завршниот испит, едно прашање за оценувањето на ставовите и односот кон професионалното и етичкото вршење на судиската и јавнообвинителската функција и едно прашање од општа култура.

IX Записник

Член 15

За текот на полагањето на завршниот испит, секретарот на Комисијата води записник во кој се забележуваат сите дејства преземени во текот на целата постапка на полагањето на испитот. Записникот го потпишуваат сите членови и секретарот на Комисијата.

X Оценување

Член 16

(1) Завршниот испит се оценува со оценка од еден до десет, при што 1 бод е еднаков на оценка 1, а десет бода се еднакви на оценка 10.

(2) Писмениот практичен дел од испитот се оценува со оценка од 0 до 8 бода.

(3) Точниот одговор на секое прашање се бодува со 0,5 бода, одговорите што се слични со точниот одговор се бодуваат со 0 бодови, а различните се бодуваат со – 1 бод, при што секое одделно прашање може да се одговори со селектирање на само еден од десетте понудени одговори. Секое неодговорено прашање се бодува со -1 бод.

(4) Одговорите на усните прашања се бодуваат со 0,5 бода, а максималниот број бодови од четирите прашања изнесува 2 бода, што одговара на оценка 2.

(5) Се смета дека слушателот кој добил оценка шест или пониска оценка од двата дела од завршниот испит не го положил завршниот испит.

(6) Слушателот кој не го положил завршниот испит во првото полагање, има право на повторно полагање на завршниот испит во рок од шест месеци од денот на првото полагање на завршниот испит.

(7) Доколку слушателот при повторното полагање на завршниот испит добие оценка 6 или помала оценка се смета дека не ја завршил почетната обука и го губи статусот на слушател на почетната обука.

(8) Губењето на статусот слушател на почетната обука како последица има надоместување на трошоците и другите надоместоци за неговото обучување по утврдена пресметка од страна на Академијата на начин предвиден во член 60 од Правилникот за почетна обука.

Член 17

(1) По завршување на завршниот испит, Комисијата ги утврдува резултатите од испитот со собирање на бодовите освоени во секој дел од испитот, најдоцна 48 часа од завршувањето на полагањето.

(2) Комисијата, најдоцна 48 часа по завршувањето на полагањето и утврдувањето на резултатите, поднесува извештај за текот и за постапката на полагањето за усвојување до Управниот одбор на Академијата.

(3) Резултатите од завршниот испит ги утврдува и ги објавува Комисијата во форма на прелиминарна ранг-листа, најдоцна во рок од 48 часа по усвојувањето на извештајот од став 2 од овој член од Управниот одбор на Академијата.

(4) Ранг-листата од став 3 од овој член се објавува на огласната табла и на интернет-страницата на Академијата.

XI Право на приговор

Член 18

(1) Слушателот кој не е задоволен од добиената оценка на завршниот испит има право на приговор до Комисијата во рок од осум дена од денот на објавувањето на ранг-листата.

(2) Комисијата е должна во рок од три дена од добивањето на приговорот да одлучи за тоа.

(3) По одлуката на Комисијата, слушателот има право на жалба до Управниот одбор на Академијата во рок од 15 дена од приемот на одлуката на Комисијата.

(4) Управниот одбор е должен да одлучи по жалбата во рок од три дена од нејзиниот прием.

(5) На седницата на Управниот одбор на Академијата, на која се разгледуваат жалбите, учествува и претседателот на Комисијата или член кој ќе го определи тој, без право на глас.

(6) Управниот одбор со заклучок ја уважува или ја одбива жалбата на слушателот, а ненавремените жалби ги отфрла, за што слушателот писмено се известува.

(7) Одлуката на Управниот одбор по жалбата е конечна.

(8) Доколку Управниот одбор ја уважи жалбата, оценката дадена врз основа на жалбата не може да биде пониска од бодовите, односно оценката добиена од Комисијата.

(9) Врз основа на одлуките на Управниот одбор на Академијата по жалбите, Комисијата ја објавува ранг-листата со конечните резултати на слушателите кои го положиле завршниот испит.

XII Конечна ранг-листа

Член 19

(1) Комисијата објавува конечна ранг-листа на кандидати за судии и јавни обвинители врз основа на завршната оцена што претставува збир на добиените оценки од теоретската настава, практичната настава и завршниот испит.

(2) Конечната ранг-листа се објавува на огласната табла и на интернет-страницата на Академијата.

(3) Конечната ранг-листа во рок од осум дена од објавувањето се доставува до Судскиот совет на Република Македонија и до Советот на јавните обвинители на Република Македонија.

XIII Издавање уверенија за кандидат за судија и јавен обвинител

Член 20

(1) На слушателите кои успешно ја завршиле почетната обука Академијата им издава уверенија со кои тие се стекнуваат со статут на кандидат за судија, односно кандидат за јавен обвинител.

(2) Уверенијата содржат оценка за секоја фаза од обуката и завршна оценка и се издаваат на обрасци утврдени од Управниот одбор на Академијата.

(3) Уверенијата ги доделува директорот на Академијата, на свечен чин за целата генерација завршени кандидати за судии, односно јавни обвинители.

(4) Целокупната документација поврзана со полагањето на завршниот испит и утврдувањето на вкупниот успех се приклучува кон личното досие на кандидатите и се чува, согласно Законот за заштита на личните податоци и Законот за пристап до информации од јавен карактер, во архивата на Академијата.

XIV Завршни одредби

Член 21

(1) Овој правилник се објавува во „Службен весник на Република Македонија“ и на интернет-страницата на Академијата.

(2) Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе почне да се применува со почнувањето на примена на Законот за Академијата за судии и јавни обвинители („Службен весник на Република Македонија“, број 20/2015).

Бр. 02-228/11
27 април 2015 година
Скопје

Академија за судии и
јавни обвинители „Павел Шатев“
Претседател на Управен одбор,
Лилјана Спасоска, с.р.

РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

2551.

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија врз основа на член 22 став 1 точка 16 од Законот за енергетика („Службен весник на РМ“ бр. 16/11, 136/11, 79/13, 41/14 и 151/14) и член 28 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности („Службен весник на РМ“ бр. 143/11, 78/13 и 33/15), постапувајќи по барањето на Друштво за трговија со електрична енергија МОСТ ЕНЕРЏИ ЕУ ДОО Скопје-со седиште на адреса ул. „Теодосиј Гологанов“ бр.45 Скопје, на седницата одржана на 11.5.2015 година донесе

О Д Л У К А
ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ СНАБДУВАЊЕ СО ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

1. На Друштво за трговија со електрична енергија МОСТ ЕНЕРЏИ ЕУ ДОО Скопје,со седиште на адреса ул. „Теодосиј Гологанов“ бр.45 Скопје, се издава лиценца за вршење на енергетската дејност снабдување со електрична енергија.

2. Правата и обврските на носителот на лиценцата во вршењето на енергетската дејност трговија со електрична енергија се утврдени во Прилог 1, „Лиценца за вршење на енергетска дејност снабдување со електрична енергија“, кој што е составен дел на оваа одлука.

3. Жалбата изјавена против оваа Одлука не го одлага нејзиното извршување.

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува во „Службен весник на Република Македонија“.

УП1 Бр. 07-41/15
11 мај 2015 година
Скопје

Претседател,
Димитар Петров, с.р.

Прилог 1

ЛИЦЕНЦА
ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ СНАБДУВАЊЕ СО ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

1. Име и седиштето на носителот на лиценцата

Друштво за трговија со електрична енергија МОСТ ЕНЕРЏИ ЕУ ДОО Скопјесо седиште на адреса ул. Теодосиј Гологанов бр.45 Скопје

2. Енергетската дејност за која се издава лиценцата

Снабдување со електрична енергија

3. Датум на издавање на лиценцата

11.5.2015 година

4. Датум на важење на лиценцата

11.5.2025 година

5. Евидентен број на издадената лиценца

ЕЕ – 239.11.1/15

6. Број на деловниот субјект – 7015763

7. Единствен даночен број – 4080015549554

8. Вид и обем на енергетската дејност што ќе се врши

Со оваа лиценца се определуваат условите за вршење на енергетската дејност снабдување со електрична енергија.

Како снабдување со електрична енергија во смисла на оваа лиценца, се смета набавување на електрична енергија од земјата и од странство, заради продажба на потрошувачи, трговци, други снабдувачи, операторот на електропреносниот или операторите на електродистрибутивните системи како и продажба на купувачи во странство, согласно член 79 од Законот за енергетика.

9. Опис на условите и начинот на вршење на дејноста

Енергетската дејност снабдување со електрична енергија, носителот на лиценцата ќе ја врши преку склучување на соодветни договори за купување и продажба на електрична енергија и договори за закупување на преносен и/или дистрибутивен капацитет.

10. Подрачје на кое ќе се врши дејноста

Енергетската дејност снабдување со електрична енергија, носителот на лиценцата може да ја врши на целата територија на Република Македонија и странство.

11. Услови и начин на извршување на обврските на носителот на лиценцата

Носителот на лиценцата е должен да:

- обезбеди непречена и континуирана испорака на електрична енергија согласно купопродажните договори;
- обезбеди од операторите соодветен преносен и/или дистрибутивен капацитет во согласност со важечките тарифи, пазарните правила, мрежните правила за пренос и мрежните правила за дистрибуција за електричната енергија која се обврзал да ја испорача на своите потрошувачи;
- им фактурира на своите потрошувачи надоместок за испорачаната електрична енергија по договорната цена како и надоместок за користење на пазарот на електрична енергија. Доколку снабдувачот има склучено договор со операторот на дистрибутивниот систем, согласно членот 74 став (4) од Законот за енергетика, снабдувачот на електрична енергија на своите потрошувачи ќе им ги фактурира и надоместоците за користење на преносниот и/или дистрибутивниот систем. Фактурирањето се врши врз основа на мерењата за потрошената активна и/или реактивна електрична енергија и за ангажираната електрична моќност, извршени од соодветниот оператор на системот;

- работи во согласност со правилата за снабдување и правилата за пазарот на електричната енергија во однос на доверливоста и обемот на снабдување, со цел да се исполнат обврските кон купувачите како и да ги исполни барањата за финансиско обезбедување утврдени со пазарните правила;

- доставува до операторот на пазарот на електрична енергија податоци за трансакциите и плановите за потрошувачката на електрична енергија за своите потрошувачи неопходни за пресметка на неурамнотежувањата, во согласност со пазарните правила, мрежните правила за пренос и мрежните правила за дистрибуција;

- ги плати набавените количини на електрична енергија, како и закупените капацитети и соодветните регулирани услуги од операторите на електропреносниот систем и/или на дистрибутивните системи и операторот на пазарот на електрична енергија;

- достави до Регулаторната комисија за енергетика, по нејзино барање и во определен рок, информации и извештаи за своите трансакции и деловните активности што произлегуваат, завршуваат или поминуваат на територијата на Република Македонија работи во согласност со законите, другите прописи и општи акти на Република Македонија, а особено оние кои се однесуваат на вршење на дејноста трговија со електрична енергија, заштита на конкуренцијата, заштита на потрошувачите, заштита на животната средина, животот и здравјето на луѓето и заштита при работа;

- обезбеди соодветен стручен кадар за вршење на енергетска дејност снадбување со електрична енергија;

- обезбеди соодветна компјутерска и телекомуникациска опрема за издавање и контрола на сметките и комуникација со потрошувачите;

12. Обврска за одвоена сметководствена евиденција

Носителот на лиценцата е должен:

- во своите интерни пресметки да води одвоена евиденција за секоја од енергетските дејности за кои што поседува лиценца;

- во согласност со сметководствените стандарди со кои се уредува сметководственото работење на претпријатието: да изготвува финансиски извештаи кои ќе обезбедат информации за средствата, обврските, капиталот, приходите и расходите со резултатите од работењето, како и паричните текови на претпријатието, како и

- да обезбедува консолидирани финансиски извештаи.

13. Обврска за доставување на Годишен извештај за финансиското и деловното работење

Носителот на лиценцата е должен до Регулаторната комисија за енергетика најдоцна до 10 март во тековната година да доставува Годишен извештај за работењето во претходната година (извештајна година), кој особено треба да содржи:

1) опис и обем на вршењето на енергетската дејност во текот на годината;

2) комплет годишна сметка составена од: биланс на состојба и биланс на успех, извештај за промените во главнината, извештај за паричните текови, применетите сметководствени политики и други објаснувачки белешки подготвени во согласност со важечката законска регулатива;

14. Обврска за доставување на други извештаи, информации и податоци во врска со вршењето на дејноста, до Регулаторната комисија за енергетика

Носителот на лиценцата е должен до Регулаторната комисија за енергетика да доставува:

- информации за испорачаните количини на електрична енергија според купопродажните договори, според напонското ниво на приклучок и категоријата на потрошувачите, согласно Табела 1 и Табела 2 кои се составен дел на оваа лиценца;

- испорачаните количини на електрична енергија да се доставуваат квартално, но оддвоени по месеци;

- известувања за сите околности, настани и промени кои што имаат или би можеле да имаат влијание врз вршењето на енергетската дејност снабдување со електрична енергија;

- како и други промени во работењето во согласност со Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности.

15. Обврска за овозможување на пристап до деловните простории и непосреден увид во документацијата

Носителот на лиценцата е должен по барање на Регулаторната комисија за енергетика да овозможи непосреден увид во целокупната документација која што се однесува на вршењето на енергетската дејност за која што е издадена лиценцата, во согласност со Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности.

16. Изменување и продолжување како и пренесување, престанување, суспендирање и одземање на лиценцата

Изменување и продолжување, како и пренесување, престанување, суспендирање и одземање на оваа лиценца ќе се врши во согласност со одредбите од Законот за енергетика и Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности.

17. Мерки во случај на неисполнување на обврските на носителот на лиценцата

Доколку носителот на лиценцата не ги исполнува обврските содржани во оваа лиценца, Регулаторната комисија за енергетика ќе преземе мерки согласно Законот за енергетика и Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности.

Табела 1
ИЗВЕШТАЈ ЗА ИСПОРАЧАНИ КОЛИЧИНИ НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

Корисник	Испорачани количини			
	Планирано согласно склучени договори (kWh)		Реализирана количина на електрична енергија (kWh)	
	месечно	годишно	месечно	годишно
Снабдувачи				
Самостојни потрошувачи				
Електро - преносен систем оператор				
Електро- дистрибутивен систем оператор				
Извоз и други трговци				
Транзит на ЕЕ				

Табела 2 ИЗВЕШТАЈ ЗА БРОЈ НА ПОТРОШУВАЧИ

Потрошувачи	Испорачани количини од почетокот на годината (квартално и сумарно)				Број на потрошувачи кои се снабдуваат со ЕЕ (месечно и сумарно)	
	Планирано согласно склучени договори		Реализирано склучени договори		Број на потрошувачи	
	месечно	годишно	месечно	годишно	месечно	годишно
Потрошувачи приклучени на 110 kV						
Потрошувачи директно приклучени на среднонапонска страна 110/(35,20,10,6) kV						
Потрошувачи приклучени на среден напон						
Потрошувачи директно приклучени на нисконапонска страна при трансформација (35,20,10,6)kV/0,4kV – јавно осветление						
Потрошувачи директно приклучени на нисконапонска страна при трансформација (35,20,10,6)kV/0,4kV – останати						
Потрошувачи на 0,4 kV - домаќинства						
Потрошувачи на 0,4 kV - останати						

2552.

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија врз основа на член 22 став 1 алинеја 16, член 39 став 1 од Законот за енергетика („Службен весник на РМ“ бр. 16/11, 136/11, 79/13, 41/14 и 151/14), како и член 31 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности („Службен весник на РМ“ бр. 143/11, 78/13 и 33/15), постапувајќи по барањето на Друштво за производство, трговија и услуги МХЕ ЈАБЛАНИЦА ДОО Скопје, за издавање на лиценца за производство на електрична енергија, на седницата одржана на 11.5.2015 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

1. На Друштво за производство, трговија и услуги МХЕ ЈАБЛАНИЦА ДОО Скопје,, со седиште на булевар Св. Климент Охридски бр.30 Скопје, му се издава лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија во мала хидроелектрана МХЕЦ „Јабланица“.

2. Носителот на лиценцата од ставот 1 на оваа одлука ќе ја врши енергетската дејност производство на електрична енергија од мала хидроелектрична централа лоцирана во општина Струга.

3. Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија согласно член 39 став 2 и член 32 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности („Службен весник на РМ“ бр. 143/11, 78/13 и 33/15), ќе донесе одлука за влегување во сила на оваа лиценца, откако инвеститорот од ставот 1 на овој член, во рок определен во Одобрението за градење, ќе достави извештај за извршен технички преглед од надзорен инженер со кој овој енергетски објект се става во употреба.

4. Жалбата изјавена против оваа одлука не го одлага извршувањето на истата.

5. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

УП1 Бр. 07-45/15
11 мај 2015 година
Скопје

Претседател,
Димитар Петров, с.р.

Прилог 1

ЛИЦЕНЦА
ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

1. Име и седиштето на носителот на лиценцата

Друштво за производство, трговија и услуги МХЕ ЈАБЛАНИЦА ДОО Скопје, со седиште на булевар Св. Климент Охридски бр.30 Скопје

2. Енергетската дејност за која се издава лиценцата

Производство на електрична енергија

3. Евидентен број на издадената лиценца

ЕЕ - 240.01.1/15

4. Број на деловниот субјект – 6755658

5. Единствен даночен број – 4080012526103

6. Вид и обем на енергетската дејност што ќе се врши

Како енергетска дејност производство на електрична енергија на енергија, во смисла на оваа лиценца, се смета производство на електрична енергија што носителот на лиценцата ќе го врши од обновлив извор, во мала хидроелектрана, во обем согласно техничките карактеристики на производниот капацитет.

9. Локација на вршење на енергетската дејност

Носителот на лиценцата, енергетската дејност производство на електрична енергија од обновливи извори ќе ја врши во мала хидроелектрана МХЕЦ „Јабланица “ во општина Струга.

10. Производни капацитети со кои се врши енергетската дејност

Носителот на лиценцата, енергетската дејност производство на електрична енергија од обновливи извори на енергија ќе ја врши со произведен капацитет со технички карактеристики наведени во Прилог 2 кој е составен дел од оваа лиценца.

11. Право на приклучување, пристап и користење на системот за дистрибуција на електрична енергија

Носителот на лиценцата има право на приклучување, пристап и користење на системот за дистрибуција на електрична енергија заради непречено вршење на енергетската дејност производство на електрична енергија во согласност со закон, друг пропис и општ акт, како и во согласност со Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија одобрени од страна на Регулаторната комисија за енергетика.

12. Права и обврски за носителот на лиценца

Со оваа лиценца се определуваат начинот и условите за вршење на енергетската дејност производство на електрична енергија, правата и обврските на носителот на лиценца како и неговото учество на пазарот на електрична енергија.

Носителот на лиценцата е должен да:

- ги почитува законите, другите прописи и општи акти кои се однесуваат на заштита на конкуренцијата, заштита на потрошувачите, заштита на животната средина, заштита на работниците, заштита на техничките средства и опрема;

- ги почитува, Пазарните правила, Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија, правилниците и другите прописи кои ги пропишува или одобрува Регулаторната комисија за енергетика во согласност со закон;

- се придржува кон законите, прописите, стандардите, препораките и други општи акти,

- доколку носителот на лиценцата се стекне со Одлука за одобрување на користење на повластена тарифа за откупување на целокупната произведена електричната енергија во мала хидроелектрана, да го почитува Договорот склучен со МЕПСО АД Скопје, односно Операторот на пазарот на електрична енергија, за откуп на целокупната произведена електрична енергија;

- обезбеди сигурно, безбедно, континуирано и квалитетно производство и испорака на електрична енергија до точката на прием во системот за дистрибуција на електрична енергија;

- обезбеди достапност на планираната електрична моќност и енергија до точката на прием во системот за дистрибуција на електрична енергија;

- го достави Договорот за откуп на електрична енергија до Регулаторната комисија за енергетика;

- се придржува кон склучениот Договор за откуп на електрична енергија;

- доставува извештаи за опремата, постројките, плановите за одржување и планираната расположливост до носителот на лиценца за вршење на енергетска дејност дистрибуција на електрична енергија во согласност со Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

13. Планирање на одржување на производните капацитети

Заради сигурно и ефикасно функционирање на производните капацитети кои се вклучени во процесот на производство на електрична енергија, носителот на лиценцата е должен истите да ги одржува во исправна и функционална состојба.

Носителот на лиценцата е должен секоја година, најдоцна до 10 март, до Регулаторната комисија за енергетика да поднесе План за одржување на производните капацитети за период од пет години, годишна програма за реализација на планот, како и мислење за услогласеност на Планот од носителот на лиценца за вршење на енергетска дејност дистрибуција на електрична енергија.

Планот за одржување на производните капацитети особено треба да содржи:

- опис на функционална состојба на производните капацитети;

- потреба од ревитализација на производните капацитети;

- финансиски извори за реализација на планот.

14. Обврска за информирање

Носителот на лиценцата е должен да им ги обезбеди на операторот на преносниот систем, операторот на пазарот на електрична енергија, снабдувачот со електрична енергија односно снабдувачот со електрична енергија во краен случај како и носителот на лиценца за вршење на енергетска дејност дистрибуција на електрична енергија, сите потребни податоци и информации кои се неопходни за извршувањето на нивните обврски од лиценците, во согласност со Мрежните правила за пренос на електрична енергија, Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија и Пазарните правила.

15. Обврска за одвоена сметководствена евиденција

Носителот на лиценцата е должен:

- во своите интерни пресметки да води одвоена евиденција за секоја од енергетските дејности за кои што поседува лиценца за вршење на енергетска дејност;

- во согласност со сметководствените стандарди со кои се уредува сметководственото работење на претпријатието да изготвува финансиски извештаи кои ќе обезбедат информации за средствата, обврските, капиталот, приходите и расходите со резултатите од работењето, како и паричните текови на претпријатието; и

- да обезбедува консолидирани финансиски извештаи.

16. Доверливост на информациите

Носителот на лиценцата е должен во согласност со закон, да обезбеди и да гарантира доверливост на деловните податоци и информации кои при вршењето на енергетската дејност производство на електрична енергија ги добива од сите учесници на пазарот на електрична енергија.

17. Обврска за доставување на Годишен извештај за финансиското и деловното работење

Носителот на лиценцата е должен до Регулаторната комисија за енергетика најдоцна до 10 март во тековната година да достави годишен извештај за делокругот на своето работење, вклучувајќи го и извештајот за финансиското и деловното работење во претходната година. Годишниот извештај со сите прилози задолжително се доставува и во електронска форма.

Годишниот извештај треба да содржи податоци за:

1. обемот на производство на електрична енергија во текот на претходната година, вкупно и за секој произведен капацитет поодделно (вкупна количина на произведената и испорачаната електрична енергија на точка на прием во системот за дистрибуција на електрична енергија, сопствена потрошувачка, број и времетраење на планираните и непланираните прекини, како и за причините за нивно настанување);

2. финансиски извештај за енергетската дејност производство на електрична енергија, составен од:

- биланс на состојба и биланс на успех,

- извештај за промените во главнината,
- извештај за паричните текови,
- применетите сметководствени политики, и
- други објаснувачки белешки подготвени во согласност со меѓународните сметководствени стандарди;

3. превземени мерки во текот на претходната година за:

- заштита на објектите и средствата преку кои се врши енергетската дејност од надворешни влијанија и хаварии, како и нивно осигурување,
- заштита при работа,
- обука и стручно усовршување на вработените заради сигурно, безбедно и квалитетно вршење на енергетската дејност,
- заштита на животната средина, животот и здравјето на луѓето,
- спроведување на мониторинг врз сопственото работење,
- обезбедување на услови за сигурно, континуирано и квалитетно вршење на енергетската дејност,
- обезбедување на енергетска ефикасност,
- вршење на енергетската дејност во услови на кризна состојба, како и воена и вонредна состојба;

4. остварување на годишната програма за реализација на Планот за одржување на производните капацитети, во претходната година;

5. извршување на програма за ремонти во претходната година;

6. состојба со кадровска екипираност за извршување на пооделни задачи при вршењето на енергетската дејност производство на електрична енергија;

7. извршени инспекциски надзори и контроли од страна на надлежни инспекциски и други државни органи, со приложени фотокопии на записниците, извештаите и решенијата од извршените надзори и контроли;

8. бизнис план за тековната година и оценка за реализирање на бизнис планот во претходната година;

9. превземени мерки за подобрување на квалитетот на услугата.

18. Обврска за доставување на други извештаи, информации и податоци во врска со вршењето на енергетската дејност

Носителот на лиценцата е должен до Регулаторната комисија за енергетика да доставува:

- во писмена и/или електронска форма, месечни и квартални извештаи за количините на произведената и испорачаната електрична енергија на точка на прием во системот за дистрибуција на електрична енергија;
- известување за сите околности, настани и промени кои што имаат или би можеле да имаат влијание врз вршењето на енергетската дејност производство на електрична енергија.

19. Мерење на произведената електрична енергија и моќност

Мерење на произведената, односно испорачаната електрична енергија во дистрибутивниот систем се врши во пресметковното мерно место во постапка и начин утврден согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

20. Физичка заштита на производниот капацитет од надворешни влијанија и хаварии

Носителот на лиценцата е должен во рок од шест месеци од датумот на издавање на оваа лиценца да донесе План за физичка заштита на производните капацитети и должен е истиот да го достави до Регулаторната комисија за енергетика.

21. Обврска за овозможување на пристап до производните единици и непосреден увид во документацијата

Носителот на лиценцата е должен по барање на Регулаторната комисија за енергетика, да и овозможи непосреден увид во целокупната документација, како и пристап во објектите, деловните простории, простори, инсталациите, како и на средствата и опремата потребни за вршење на енергетската дејност, во согласност со Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности.

22. Квалитет на услугата

Носителот на лиценцата е должен да обезбеди технички средства и други услови кои ќе овозможат постојан квалитет на произведената електрична енергија, согласно пропишаниот правилник за снабдување со електрична енергија и Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

Носителот на лиценцата е должен да врши постојан мониторинг на параметрите кои го определуваат квалитетот на произведената електрична енергија и по барање на Регулаторната комисија за енергетика, да доставува писмен извештај за движењето на сите параметри кои што го определуваат квалитетот на произведената електрична енергија во определен временски период.

23. Изменување и дополнување на лиценцата

Изменувањето и дополнувањето на оваа лиценца ќе се врши во согласност со одредбите од Законот за енергетика и од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности.

24. Мерки во случај на неисполнување на обврските од страна на носителот на лиценцата

Доколку носителот на лиценцата не ги исполнува обврските содржани во оваа лиценца, Регулаторната комисија за енергетика ќе превземе мерки согласно Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности.

Прилог 2

ПОДАТОЦИ ЗА ОПРЕМАТА ЗА МХЕЦ ЈАБЛАНИЦА,

- број на производни единици (агрегати):.....еден
- проценет животен век.....40 години

- тип, производител и номинални податоци за турбината:
- тип Пелтон вертикална
- производител .....Global Hydro, Австрија
- нето пад .....169 m
- номинален проток.....2,4 m3/s
- број на вртежи.....500 min-1
- максимална моќност.....3.575 kW

- тип, производител и номинални податоци за генераторот:
- тип - трофазен синхрон генератор со воздушно ладење
- вратило вертикално
- работен напон 0,4 kV
- фреквенција 50 Hz
- производител : .....TES Чешка
- номинална привидна моќност..... 4.100 kVA
- номинална активна моќност….....3.280 kW
- број на вртежи.....500 min-1
- cosφ……..……...0.8
- ниво на заштита.....IP23
- класа на изолација.....F

- тип, производител и номинални податоци за трансформаторот:
- тип .....трофазен сув
- производител: ..... STS 3500
- преносен однос.....1/36,5 kV/ kV
- моќност.....4.100 kVA
- фреквенција.....50 Hz
- напон на краток спој.....8%

Службен весник на Република Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о. – Скопје
бул. „Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.
в. д. директор и одговорен уредник – м-р Тони Трајанов
телефон: +389-2-55 12 400
телефакс: +389-2-55 12 401

Претплатата за 2015 година изнесува 10.100 денари.
„Службен весник на Република Македонија" излегува по потреба.
Рок за рекламации: 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.
Печат: ГРАФИЧКИ ЦЕНТАР ДООЕЛ, Скопје.

ISSN 0354-1622
2015077